Жш 163
Инв.ф. 13059

У Н И В Е Р З И Т Е Т "К И Р И Л И М Е Т О Д И Ј"

Ф И Л О З О Ф С К И Ф А К У Л Т Е Т

С К О П Ј Е

# ДИЈАЛЕКТИЧКИОТ МЕТОД ВО ФИЛОЗОФСКИТЕ СПИСИ НА ЈОНЧЕ ЈОСИФОВСКИ

М А Г И С Т Е Р С К И Т Р У Д

МЕНТОР;
д-р ФЕРИД МУХИЌ

КАНДИДАТ;ПРОФЕСОР,
ДОБРЕ ДАВИДОВСКИ

КУМАНОВО, ЈУЛИ
1987 година

"Марксизмот е раководна нишка,но
и орудие што севезден одново се
прековува,преизработува сообраз-
но со новите услови на општестве-
ниот живот,борбата и новите ре-
зултати на науката"

Ленин

# I.УВОД

Во уводот најнапред ќе укажеме на конкретните задачи на темата,основната цел,како и прашањето што влијаеше на мојата определба за оваа тема.Кон мојата определба за оваа тема имаа влијание главно два момента: 1.мојата љубопитност и интерес за дијалектиката и сродните филозофски дисциплини и 2.желбата за систематизирана и критичка проценка на опусот на Ј.Јосифовски,кој спаѓа во редот на најплодните филозофи во Македонија и којшто има бројни трудови за дијалектиката и дијалектичкиот метод,вредни за одбележување.Во прилог на ова е и фактот што развојните тенденции на современата филозофска македонска мисла овозможуваат разработка на соодветни монографски студии за најзначајните филозофски творци.

Покрај дијалектиката и дијалектичкиот метод Ј.Јосифовски има разработено и низа прашања од областа на филозофијата и логиката, а тоа секако се однесува и за други области и дејности.Сметаме дека изработката на оваа тема ќе биде поттик и натаму да се работат трудови за некои други македонски мислители,кои на полето на филозофијата покажале вредни резултати.Кај Јосифовски сметаме дека останува во посебни теми да се разработи неговата филозофска дејност и неговиот придонес во логиката.

Конкретни задачи на темата

1.Да се види,да се испита,во кои дела и до кој степен кај Ј.Јосифовски е присутна дијалектиката и дијалектичкиот метод( се мисли на трудовите и освртите во кои е дадена теоретска расправа за дијалектиката и дијалектичкиот метод или е применета дијалектиката при третирање на соодвтени прашања);

2.Да се види дали кај него постои континуитет во испитувањето на оваа проблематика;

3.Кои прашања тој посебно ги рассветлува и објаснува во однос на дијалектиката и дијалектичкиот метод и што е новум кај него;

4.Дали при третирањето на прашањата што се однесуваат на оваа тема останува само во областа на чистата теорија или своите теоретски остварувања ги поврзува со конкретната реалност и живот и кои се неговите резултати на тој план,односно да се даде определба на основниот карактер на неговите испитувања;

5.<u>Основната цел на темата</u> ќе биде да се даде целосен преглед и оценка на сваќањата и погледите на J.Јосифовски за дијалектиката и дијалектичкиот метод.Сите ставови, заклучоци и согледувања ќе бидат поставени во насоката: каде,во кои дела и до кој степен кај него е присутна дијалектиката и дијалектичкиот метод и кои се неговите гледишта и резултати( тоа да ја следи материјата и излагањето до крај на темата).

<u>а/ Методолошки аспекти</u>

Бидејќи оваа проблематика кај J.Јосифовски не е основна преокупација,ниту пак таа е дадена кај него во еден или само неколку трудови, ќе бидеме приморани да извршиме анализа на сите негови трудови, па дури отпосле,поврзувајќи ги резултатите,да оформиме еден целосен заклучок за значењето и присутноста на истата кај него и резултатите кои ги постигнува.За да се добие појасна и поцелосна слика на неговите гледишта,ќе биде потребно повремено или почесто( во тек на расправата)да ги поврзуваме неговите согледувања со согледувањата на други југословенски и светски мислители.При изработката на темата ќе биде користен методот на компаративна анализа,биографскиот метод,методот на апстракција,методот на интервју,синтетичкиот метод,експликацијата и се разбира дијалектичкиот метод.

Ќе биде очигледно дека нема да може да се избегне и извесниот дескриптивен пристап,но ќе се настојува колку е можно излагањето да

биде пропратено со објаснување, анализа и изведување на заклучоци. Материјата ќе биде изложувана преку прашања, а потоа изведување на заклучоци како на нив Ј.Јосифовски одговара и какви решенија нуди, се разбира вклучувајќи го тука и сопствениот коментар .

б/ Преокупациите на Ј.Јосифовски за дијалектиката

Во врска со дијалектиката и дијалектичкиот метод Ј.Јосифовски ги разгледува следните прашања:

-Дијалектиката во античката филозофија;
-Проблемот на определбата и статусот на дијалектиката;
-Контроверзите околу дијалектиката на природата;
-Односот помеѓу метафизичкиот и дијалектичкиот начин на мислењето;
-Карактеристики и значење на дијалектичкиот метод;
-Дијалектичкиот пристап кон марксизмот.

## II.ЖИВОТНИОТ ПАТ И ДЕЈНОСТ НА ЈОНЧЕ ЈОСИФОВСКИ

Во филозофскиот живот и дејност на СР Македонија дејствуваа и дејствуваат значајни филозофи и мислители,кои покажаа значајни резултати на полето на филозофијата,науката и културата воопшто.Помеѓу нив спаѓа и Јонче Јосифовски,кој повеќе од четири децении работи на полето на науката и просветата и истражување и ширење на филозофската и марксистичката мисла кај нас. Роден е во Дебар 1920г.Се запишува во учителската школа во Јагодина( Светозарево),кајшто во учителското списание ја напиша својата прва статија "Бранићемо земљу" и учествува во напредното учителско движење.Тој е учител во Броштица и од 1939 год. работи во III учителска група,секретар е на основното учителско движење.Значајно е да се одбележи за овој истакнат македонски деец дека по ослободувањето е еден од пионерите за создавање на мекедонската просвета ( уредник е на "Млад борец",потоа"Пионерски весник",па на "Пионер"),додека заедно со Славко Јаневски кон крајот на 1946г. ја издава првата книга наменета за училиштата во Македонија"Пионерски зборник". Активно соработува на изработка на првиот македонски буквар,како еден од неговите автори.

Има нашишано многу статии,раскази и стихозбирки за деца.Од 1946 год.студира во Ленинград,Москва и Београд, а во јуни 1951г.дипломира на филозофскиот факултет во Скопје,каде и докторира на тема:"Теорија на познанието и формалната логика кај југословените" и ги минува сите звања на универзитетот сѐ до редовен професор.Тој е автор на првиот учебник по филозофија на македонски јазик( филозофија за IV клас гимназија,Скопје,"Просветно дело",1967г.),на првиот универзитетски учебник во Републиката по историја на логиката "Увод во симболичка логика"( Скопје, изд.,Универзитет"Кирил и Методиј",1970, стр.294).Се јавува како еден од авторите на првиот универзитетски учебник по марксистичка филозофија"Основи на марксистичката филозофија"(заедно со Пред-

раг Враницки,Митко Илиевски и Илија Јосифовски;Скопје,Универзитет "Кирил и Методиј",1974г.,стр.292).Со Митко Илиевски е автор на првиот средношколски учебник по логика на мекедонски јазик( Скопје,1976, "Просветно дело", стр.170).Автор е на повеќе филозофски и марксистички студии и расправи, како:"Филозофија на трудот"( Скопје,1963,"Култура"),"Неопозитивизмот"(Скопје, "Култура", 1962),"Семантика и семантичка филозофија"(Скопје "Култура", 1962),"Што е марксистичка филозофија"( Скопје , "Култура", 1961),"Што е метафизика"(Скопје, "Култура", 1964),"Разбирање и недоразбирање за формалната логика"(Скопје, год. зборник на филозофскиот факултет, 1962г.),"Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата (Скопје, "Просветно дело",1977, второ изд.1980),"Теорија на познанието и формалната логика кај југословенските народи" и др.Голем дел од студиите му се посветени на мислата на Маркс, Енгелс и Ленин, но и на современата марксистичка мисла, посебно на современата цивилизација, образованието и др. Тој во студиите по историја на филозофијата исклучително се залага за проучување на византиската филозофска традиција .Меѓу централните прашања во неговите списи е и дијалектиката и дијалектичкиот метод, кое е присутно повеќе или помалку во сите негови трудови и осврти.

Тој раководи со работа на научниот проект"Историја на филозофската мисла во Македонија",кајшто за првпат се проучува историјата на филозофската мисла во Македонија. Покажува значајни резултати на полето на ширење и популаризација на марксистичката мисла во многубројни јавни предавања за работните луѓе и младината, зема учество на симпозиуми,научни конгреси,во преведување и издавање на дела на класиците на марксизмот и уредување на списанија.Бил претседател и потпретседател на друштвото за филозофија на Југославија. Со право одбележуваме дека ваквата широка и богата активност му донесе прзнание и почит од многубројните негови ученици, студенти и колеги.Тој не престанува и понатаму да биде активен,неговата ангажираност е присутна сѐ уште на факултетот и на полето на науката ,филозофијата и културната дејност воопшто.

## III.ДИЈАЛЕКТИКАТА ВО АНТИЧКАТА ФИЛОЗОФИЈА

Најнапред поставуваме прашање:На кои прашања Ј.Јосифовски обрнува внимание во однос на дијалектиката во античката филозофија и кои заклучоци и согледувања изведува и посочува како актуелни и значајни? Во своите осврти за дијалектиката во античката филозофија, како што се:"Некои аспекти на дијалектиката во античката филозофија"("Дело 74") "Дијалектиката кај Хераклит и Елејците"(работено заедно со Вера Георгиева и Виолета Панзова,"филозофска трибина"),"Некои проблеми на дијалектиката во антиката"( Билтен бр.1) и др.,Јосифовски укажува на следните прашања:прашањето за изнаоѓачот на дијалектиката,прашањето за потеклото на зборот дијалектика, прашањето за начинот како дијалектиката дошла до израз кај нејзините претставници и што под дијалектика подразбирале нејзините творци, како и колку нивното разбирање е во согласност со современите сваќања за дијалектиката,врз што се потпирала теоријата на дијалектиката кај античките мислители и др.

Интересно е со колку воодушевување Ј.Јосифовски ги анализира согледувањата кај античките мислители и извлекува заклучоци како уште тогаш помеѓу нив имало врсни дијалектичари, кои на еден или на друг начин, поуспешно или помалку успешно, се залагале за дијалектиката и методот за барање на вистината, како и укажувањето на фактот што тие уште тогаш согледале низа прашања кои често се на висина и на ниво денешни пристапи, се разбира со определени ограничености.

Прашањата кои тогаш биле актуелни, ги поврзува со нашите сегашни согледувања и укажува на разликите и сличностите, извлекувајќи определени поуки и заклучоци.

Ј.Јосифовски нагласува дека проблемите на дијалектиката во античката филозофија се многустрани и самите противречни и при тоа наведува пример дека сваќањата за дијалектиката кај Хераклит и Зенон Елеецот се дијаметрално спротивни."Едниот тргнува од прифаќањето на објективната дијалектика како "израз на скриена хармонија" на природата, додека за Зенон таа е показ на привидот на сетилното познание и доказ

на апсолутната неподвижност и едност на природата на битието"1. Најфрапантно кај Зенон Елеецот, вели Јосифовски е дека тој дијалектиката ја зел како средство за докажување на теза дијаметрално спротивна на дијалектиката т.е. на тезата дека битието е едно и неподвижно, па оттаму е потребно да се размисли за тој историски факт и да се влезе во неговата суштина, а за кое треба да се тргне од извесно "терминолошко расудување", покрај другото.

Се истакнува дека еден од двајцата основоположници на марксизмот, Енгелс, не само што ја истакнал длабината и опфатот на грчката филозофија, туку и фактот дека во нејзината разнообразност на формите "веќе се содржат во никулец, во процес на изникнување, речиси сите подоцнежни типови и погледи на светот" 2. За значењето на дијалектиката во античката филозофија Јосифовски тргнува од согледувањата на Ленин, според кој дијалектиката е душа на марксизмот, она најсуштинското и најзначајното во него, па оттаму дека е надвор од секакво сомнение оти изучувањето на проблемите на дијалектиката во античката филозофија има извонредно значење и за марксистичката филозофија и при тоа се споменуваат зборовите на Енгелс дека "старите грчки филозофи беа сите родени дијалектичари, дијалектичари по природа, а Аристотел најуниверзалната глава помеѓу нив веќе ги беше испитал најсуштествените форми на дијалектичкото мислење" 3.Ќе биде истакната и мислата на Енгелс, кајшто тој ќе го нарече Аристотел"Хегел на стариот век" и како малку понатаму ова гледиште Енгелс вака го образложува:"Ако ја посматраме природата или историјата на човештвото или нашата сопствена мисловна дејност, најнапред ни се покажува бескраен сплет од односи и взаимни влијанија, каде ништо не останува она што било, онде каде што било и онакака како што било, туку сé се движи, сé се менува, сé се раѓа и исчезнува.Ова првобитно наивно, но всушност точно посматрање на светот и́ е

1)Ј.Јосифовски,Билтен бр.1, Скопје, 1978г.,стр.3,5,6.

2)Ф.Енгелс,"Дијалектика на природата", Београд,"Култура", 1951, стр. 43.

3)Ф.Енгелс,"Анти-Диринг",Скопје,"Култура",1960, стр.28.

својствено на старата грчка филозофија,а најпрвин јасно го изразил Хераклит:се́ постои и не постои,бидејќи се́ тече ,постојано се менува,постојано се раѓа и исчезнува"4.

J.Јосифовски укежува дека кај Аристотел дијалектиката постигнала зрелост и длабина што прилега на она кај Хегел,а Мегарците и софистите ја употребиле за докажување на тези спротивни на сваќањата на обичните луѓе,кои безрезервно им се доверуваа на сведоштвата на сетилата и сетилното познание,врз кои се потпира таканаречаниот здрав човечки разум.Тргнувајќи од веќе кажаното,Јосифовски пишува:"Не е ли кај множина антички истакнати мислители-филозофи-дијалектичката мисла издигната над нивната фаза?,нема ли таа веќе кај Зенон Елеецот,кај софистите,Платон и јасно кај Аристотел таква "сериозност",таква длабина, која го тера човекот да се чуди на нејзината страшна творечка и урнувачка сила,способна да го разнишува здравиот разум така што да се тетарави над безднатa што се пружа меѓу битието и небитието кај Зенон Елеецот.Мегарците и софистите ја употребија за докажување на тези спротивни на сваќањата на обичните луѓе кои безрезервно им се доверуваа на сведоштвата на сетилата и сетилното познание,врз кои се потпира таканаречениот здрав човечки разум,било тие тези да се однесуваат на битието како кај Елејците или на статусот на логичките искази какоко кај Мегарците или најпосле на докажување или побивање на тврдења сврзани со секојдневниот живот на луѓето,на нивните меѓусебни спорови во сверата на политиката,судската практика и др."5.

-Како дијалектиката дошла до израз кај нејзините претставници? Во одговорот на ова прашање,Јосифовски вели дека теоријата на дијалектиката кај античките мислители морала да се потпира врз општите филозофски размислувања што веќе биле оформени,како и врз развитокот на оние форми од животот и дејноста на луѓето од нивното време:пред се

4)К.Маркс-Ф.Енгелс,Дела,стр.19( во превод на"Анти-Диринг",види на стр 28).

5)J.Јосифовски,"Некои аспекти на дијалектиката во античката филозофија","Дело 74",бр.4,1977,стр.113.

говорот, дискусиите како показ на оживеана љубопитност,општеството и познанието, политичките и судски расправи, теоретските расправи, научните излагања со конфронтирање на различни или противставени гледишта и др. Значи, јасни се овие ставови и согледувања за тоа како врз нивните сваќања и пристапи делувале условите, животот, потребите, љубопитноста, општествениот живот и др. Од досега кажаното произлегува, ќе подвелече Јосифовски, дека е разбирливо зошто теоретското осмислување на дијалектиката отпрво ќе се прави како напор да се долови смислата на разговорот, дијалогот, од што произлегува и самиот термин "дијалектика", а подоцна и дефинитивно со Хегел, таа ќе се издигне до ниво на една објективна теорија на развитокот на целокупната содржина на светот.Наспроти на идеалистичката дијалектика на Хегел, историски, вели тој, дијалектиката започнува како објективна(Енгелс), но материјалистичката дијалектика свој најполн израз најде кај Хераклит Темниот.Во што е работата?

Јосифовски одговара дека работата е во тоа, како кога човек се среќава со определена тешкотија, најнапред требадасе согледа, да се постави, па да се решава. Старите мислители, како на пр;Зенон, дошле до идејата дека секоја тешкотија, која стои пред решавање може да се реши на два начина;или одговорот да се формулира со потврдување т.е. потврдно искажување или негирање, еден од спротивните членови ја содржи вистината и дека нема ништо трето меѓу нив. За тогашната мисла, подвлекува Јосифовски, било било значајно прашањето(5 век п.н.е.)"што претставува битието, едно или многу, подвижно или неподвижно...Ако е едно, тогаш не може да биде многу, ако е неподвижно, тоа не може да биде подвижно, ако е нешто, тоа не може да биде ништо"6.

Се наведува како Зенон бил меѓу првите, кој изнашол извесни закони на формалната логика и свесно ги употребувал,"но при применувањето на овие закони на формалната логика се доаѓало до чудни и фрапантно спротивставени тврдења на сетилното познание": да се одрекнува мноштвеноста, движењето, небитието, а ова последното на прв поглед не боде очи. Зенон согледува дека сетилноста е случајна, хаотична, не се

6)J.Јосифовски, Билтен бр 1,стр.3-5.

дава на суредување, ред , законитост, па научното познаниене може да се бара на ниво на сетилноста,"но во поинаква димензија на постоеќето, која може да ја доловува разумот...Битно е да се покеже оти и противниковата теза(битието е мноштвено или битието е подвижно) доаѓа до тешкотии во кои противниците станувaат смешни:телото треба да е ограничени неограничено,Ахил нема да ја стаса желката, но сепак ја стасува, стрелата нема да дојде до целта, стрелата кога се движи не се движи...Дијалогот значи нѐ доведува во дијалектичка ситуација, која треба да го реши спорот на истиот"7.

Значи, јасно е-вели Јосифовски-дека предмет на спорот се две гледишта:теза и антитеза, а аргументацијата треба да даде сила на едно од двете гледишта, но работата е во тоа што во тек на разговорот многумина се групираат во два табора, кои се противставени меѓу себе, а оттаму всушност разговорот е "разговор у двоје" колку и да има учесници dia-logos се претвара во dyo-logos . Јосифовски покажува во што е незгодата кај Елејците, а имено дека со дијалогот тие се зафатиле за општофилозофски прашања, како што вели Ленин доаѓало до жртвување на објективната за сметка на субјективната дијалектика.

Сега ќе зборуваме за прашањето на изнаоѓачот на дијалектиката, а воедно ќе поминеме на дијалектиката кај Зенон Елеецот,Хераклит и така со ред, како што се изложени во освртите на Јосифовски. Во осврtот "Дијалектиката кај Хераклит и Елејците", се наведува укажувањето на Аристотел дека Зенон бил нејзин изнаоѓач, потоа како Тејлор и Ли укажуваат на значењето на Зенон Елеецот за дијалектиката на Платон. Се наведува тврдењето на историчарот на античката грчка филозофија Ричар Робинсон, кој смета дека искажувањето на Д.Лаерциј дека Аристотел во изгубениот дијалог "Софист", го означил со наведените зборови Зенона, кое е сомнително ако се има предвид дијалектиката како метод на поставување на прашања и давање на одговори во смисла на кое Платон го употребува зборот дијалектика,како и тврдењето на Аристотел во "Метафизика"како пред Платон дијалектика воопшто не постоела и оти ја

7)J.Јосифовски,Билтен бр. 1, стр.6.

пронашол Платон. Се наведува и тврдењето на Обанк(француски историчар на античката грчка филозофија), кој смета дека Аристотел во "Софист" зборувал за Зенон и Емпедокле како за претходници на две вештини практикувани од софистите:дијалектика и реторика. Во освртот изнесен и заклучокот дека на Обанк и Робинсон им недостасувало марксистичко сваќање на дијалектиката, поради кое наполно го изоставуваат настрана големиот дијалектичар Хераклит. Како еден заклучок се изведува дека сите антички дијалектичари на свој начин придонесувале за продлабочување на овој поим, развивајќи одделни негови страни и поради тоа паѓајќи во едностраности. Втор заклучок е како Зенон ја пронашол негативната дијалектика, дијалектиката на побивање, а дијалектиката ја пронашол и изложил со забележителна сила и длабочина Хераклит од Ефес.За Парменид се истакнува мислата на М.Клиф, кој него го вика"филозоф што докажува,формално изведувајќи изводи од премиси наместо да прави догматски тврдења"8.

Во освртот подвлечено и мислењето дека мнозина мислители наоѓаат кај Аристотел мислење дека не Хераклит, но Зенон Елеецот бил изнаоѓач на дијалектиката и како дијалектички пристап наоѓаме уште во почетокот на античката филозофија. Така Анаксимандер , иако бегло и наивно,служејќи се со антрополошки категории застапува дијалектика на развитокот, кој почнува со апејронот во прочуениот и единствено останат фрагмент од неговите дела, а кој гласи:"А она од што настануваат нештата во тоа според нужноста бидува и нивната пропаст, зашто тие една на друга си плаќаат казна и одмазда за својата неправедливост според редот на времето"9.

Еве го даденото објаснување:апејронот како нешто бесконечно и неопределено е само основа врз која се одигрува реалниот процес на трасформирање на реалните нешта, појави и процеси, кој е нужен и вечен, а при кое почетокот и крајот е едно исто, апејронот.

8)Б.Бошњак,"Логос и дијалектика",Загреб, "Напријед",1961, стр.117.

9) Наведен цит.според Мирослав Марковиќ,"Научна књига",Београд,стр.12

Пропаѓањето на една ствар значи раѓање на некоја друга, која на оваа првата во нивната меѓусебна бирба ѝ го оспорила правото на постоење, па оттаму и таа ќе мора да претрпи казна и одмазда. Воедно со тоа последнава врши неправедливост, која со тек на времето ќе биде одмаздена,"според редот на времето".

Во борбата , објаснува понатаму Јосифовски(вршење на неправедливост и казнување на неправедливоста), кај него станува со посредство на издвојување на апејронот на спротивностите:топло-ладно,суво-влажно, на огнот како она што е носител на топлото и сувото и водата како она што е студено и влажно. Така, како што се гледа вечното кружење на материјалниот свет се врши со издвојување на спротивностите кои ги спомнавме и нивната взаимна борба, која привремено се завршува со победа на едната или на другата за да потоа одново се заврзе борба и повторно дојде на показ она потиснатото за сметка на она што потиснало.

Сметам дека нема потреба да навлегуваме подлабоко во нализа на овие мисли на Анаксимандер, но читателот сам нека донесува заклучок понатаму во врска со неговото место и воопшто дијалектиката на развитокот што тој ја застапува. Јосифовски мошне опширно зборува за Зенон Елеецот и неговите апории.Тој смета дека не може да биде спорно дека Аристотел, ако не за изнаоѓач, секако Зенон го сметал за претеча на дијалектиката. Ќе се задржиме нешто повеќе на Зенон и неговите апории. "Ако сметаме дека светот е мноштвен, според Зенон паѓаме во противречност со тоа што мноштвото е противречен поим, бидејќи да го имаме него се бара еден број неделиви единки, а тоа повлекува дека светот е делив. Ако е така, тој мора да биде делив до бескрај, бидејќи тој е големина и секој дел што ќе се добие при делењето колку и да е напредно тоа е од своја страна пак големина, па и тој е понатаму делив.Ако е така, ништо не може да се нарече единка, бидејќи секогаш е мноштво од единки, не може да има мноштво"10.

10)Ј.Јосифовски, "Дијалектиката кај Хераклит и Елејците"(работено заедно со Вера Георгиева и Виолета Панзова),"Филозофска трибина" бр.8, стр.31- 57.

Јосифовски наведува како тој самиот мошне убаво тоа ни го објаснува во Платоновиот дијалог "Парменид", во кој е и самиот Зенон учесник, кога вели:Мојот спис ги побива оние кои тврдат дека постои мноштво, им враќа удар за удар,уште повеќе настојува да покаже дека нивната претпоставка за множеството повлекува ако се земе предвид многу нешто, посмешни последства од претпоставката за едното"11.Тој вели дека ставот на Зенон како претпоставка на противниците на Парменид оти светот е мноштвен,води во смешна и противречна ситуација т.е. до признавање на невозможни тврдења.На пример,како што кажавме и пред малку, ако претпоставиме дека битијата се многу, тогаш мора да признаеме дека нив ги има определен број, да речеме масава на која сега пишувам.

Но бидејќи дечењето на масата може да продолжи до бесконечност, се покажува дека и битијата во еден определен предмет ги има безброј, зашто како што вели Зенон меѓу две колу и да е малцкави делчиња секогаш ќе се најдат некои трети и други меѓу нив."Ако светот е мноштвен, тогаш мора да се изведе заклучок според Зенон дека бројот на деловите на секој даден предмет е конечен и бесконечен, односно ограничен и безграничен.Но тоа е очигледно неможно, бидејќи е во судир со законот на непротивречноста:за нешто не можеме да тврдиме нешто и во исто време да побиваме, како што во случајов тврдиме дека предметот има ограничен и неограничен број делови. Според тоа, служејќи се со познатото логичко правило на заклучување modus tolens мора да се отфрли и тезата сé е многу, па следствено според правилото на логички квадрат...мора да се прифати тезата на Парменид дека сé е едно"12.

На тој начин, како укажува Јосифовски, Зенон Елеецот во сетилниот, реалниот свет кој е мноштвен наоѓал противречности, кои се противречности на реалниот свет и со тоа показ на објективната дијалектика на светот, но работата е според Зенон, не дека објективниот свет е дијалектичен, туку тој оваа дијалектичност ја сметал за при-

11)Платон,"Парменид", стр.128-наведен цит.,според Ј.Јосифовски.

12)Ј.Јосифовски,"Дијалектиката кај Хераклит и Елејците", стр.126.

вид на сетилно познание,кое само не залажува.Оттаму кај Зенон имаме само дијалектика на субјективноста,која истовремено според него е и дијалектика на привид,а објективна дијалектика не може да има бидејќи тоа е во расчекор со формалната логика.Заклучокот е дека тој ја открил дијалектиката,но во исто време и отфрлил( ја пренел во светот на субјективноста) и целата дијалектичка вештина се состоела во тоа да се открие тој привид и да се отфрли како неусогласен со разумското заклучување.Слично е и со докажување на тезата дека битието е неподвижно.Јосифовски подвлекува дека тие докажувања се дадени во неговите апории,кои не можеме да ги одминеме во освртов.

Апоријата Ахил и желката на поинаков начин ја изразува мислата изразена во првата апорија(апоријата дихотомија), а тоа е дека најбрзиот грк нема да може да го стигне најбавното животно,желката,ако се претпостави дека битието е мноштвено и подвижно,бидејќи ако желката е на точката А1 пред него, а Ахил на точката А,кога Ахил ќе стаса до точката А1,желката ќе се помрдне до точката А2, а кога тој ке дојде д до точката А2 желката ќе помине колку и да е мало растојание А3 и.т.н

Сетилното искуство пак не уверува дека Ахил сепак ја престасува желката.Оваа незгодна ситуација,вели Јосифовски,се надминува со тоа што се прогласува битието за едно и неподвижно во согласност со формално-логичкото и разумското расудување, а при тоа,како рековме порано,податоците на сетилата се прогласуваат за привид.

Понатаму се задржуваме на апоријата стрела,која е построена врз тврдењето дека стрелата што навидум се движи всушност мирува,бидејќи се што завзема простор еднаков на себе си мора да мирува додека го завзема просторот, а во секој даден миг од своето движење,во секое "сега" таа може да завземе простор еднаков на себе си. ~~Следствено~~

Во секој миг од своето движење стрелата е неподвижна, па и за целото време на движењето е неподвижна,бидејќи движењето во секој слу-

( Види во "Филозофска трибина бр.8 оширен осврт за Зеноновите апории на стр.56 и понатаму од освртот"Дијалектиката кај Хераклит и Елејците").

чај би било збир од мигови на недвижност.Значи, ќе заклучи Јосифовски дека прашањето како движењето е противречно мислителите го забележиле уште одамна(на пр;Зенон), но во случајов на движењето на стрелата најправилен заклучок е дека стрелата кога се движи кон определена цел, во секој момент(во определен момент) се наоѓа и не се наоѓа во една определена точка и дека сакале или не тоа е објективна дијалектичка противречност со која мораме да се сложиме. Во освртот дадени се и забелешките на Аристотел и Ленин за апориите, од кои ја наведуваме Лененовата, а која се состои во тоа што"приговорот на Зенон против движењето не е точен, бидејќи (1)тој го опишува резултатот на движењето,а не самото движење,(2)тоа не ја докажува,не ја содржи во себе си можноста од движењето,(3)тој го претставува движењето како сума, врска на состојби на покојот т.е. дека дијалектичката противречност не е отклонета, туку е само прикриена, поместена, заклонета, забулена"13.

Заклучокот во врска со апоријата стадион е следниот:бидејќи сите предмети А,Б,Ц се еднакви, во случајов пак сме во никаквата, мораме да признаеме дека 4А=2А или дека половината од даденото време е еднаква на целото тоа време, па оттаму тоа е противречност која не може да се прифати, но мора да се прифати тезата на Парменид дека движењето не е вистинито, но привид. Ленин вели:"Ние не можеме да си го претставиме , изразиме , примениме, прикажеме движењето, без да го прекинеме, без да го упростиме, без да го разделиме, без да го умртвиме живото.Искажувањето на движењето со мисла е секогаш огрубување, умртвување и не само со мисла, туку и со осет и не само движењето, но и на секој поим"14.

Подвлекувајќи ги овие клучни мисли на Ленин во врска со прашањето дали движењето и противречноста можеме да ги изразиме со мислата, Јосифовски подвлекува дека"основно е да се свати оти логички

13)В.И.Ленин, цит.дело, стр. 236(Одбрани дела, том 11, Скопје, 1968, "Култура").

14)В.И.Ленин, исто дело , стр. 236.

противречниот поим на движењето Зенон го отфрла поради неговата противречност, за која тој смета дека ѝ немало место во објективната стварност, каде суверено и неоспорливо владееле законите на идентитет и непротивречност"15.Во објаснувањето на оваа ситуација тој вели дека треба да се тргне од укажувањето дека просторот и времето се бесконечни и неограничени, како што е бесконечно, недопирливо, вечно и движењето. Меѓутоа , тие како бесконечни, вечни и континуирани се составени од бесконечен број на делчиња и интервали. Тоа значи дека тие се единство на бесконечност и конечност, непрекинливост и прекинливост, бесконечна деливост и конечна поделеност. "Овој став ја објаснува оваа безизлезна ситуација во која се нашол разумот, кога Елејците покажале дека ако нешто се дели бесконечно, тогаш секоја ствар ќе мора логички да биде бесконечно голема или не ќе има големина воопшто"16. При тоа,тој заклучува како кога се свати едно тело како дијалектичко единство на бесконечност и конечност, непрекинливост и прекинливост, недоумението исчезнува.

<u>Хераклит од Ефес-татко на дијалектиката</u>

Хераклит е еден од најзначајните антички мислители, посебно кога е во прашање дијалектиката, Исто така тој е прв мислител, кој како нагласува Јосифовски, ги развил, материјалистичките поставки на Милеќаните, применувајќи ја дијалектиката во објаснување на суштината на светот и светските случувања. Познато е дека тој не зборува, не сокрива, туку укажува(фрагмент 93)на она што треба да ја сочи дијалектиката, да ја долови неидентичноста и противречноста, да го изрази она што е неизразливо со јазикот на разумот, а може да се свати т.е опфати со сликовитиот говор на симболите и метафорите.

Бошњак укажува како тој"намерно сакал да покаже како патот до

15)Ј.Јосифовски,"Дијалектиката кај Хераклит и Елејците" , стр. 130.

16)Ј.Јосифовски,"Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата", Скопје, "Просветно дело", 1977, стр. 122.

Види во осврот"Дијалектиката кај Хераклит и Елејците" на стр.126, каj што е дадена шема на заклучокот со кој се служел Зенон Елеецот (Погледни го и текстуалното објаснување на шемата).

$$Ax \supset Bx \cdot Cx$$
$$\sim(Bx \cdot Cx)$$
$$\overline{\sim Ax}$$

вистината не е лесен ,туку бара мошне многу напори и размислувања за се́"17.Во освртот"Дијалектиката кај Хераклит и Елејците" се подвлекува дека тој одушевен од прочуениот фрагмент 30,кој го има сочувано еден од материјалистичките коментатори на Аристотел од III в. п.н.е.,Александар Афродизиски,Ленин ќе рече оти Хераклит во него има дадено мошне убаво излагање на начелата на дијалектичкиот материјализам и како и во овој фрагмент на јесен и концизен начин се поставува тврдењето на единството на светот,неговата едност,дека е тој вечен,несоздатлив,за неговата вечно жива и огнена природа која е потчинета на своето помнење на законитоста,која Хераклит ја нарекува логос.Во освртот наведени се разни мислители и погрешни усмерувања во однос на толкувањето на Хераклит, а посебно подвлечена мислата на Бошњак:"Хераклит со своето филозофирање го поставил проблемот на различните форми на еден процес и задачата била 1,да покаже што се тие различни форми т.е.појави на објективното,егзистентното,како единечности,а сепак во врска со целината која е основа на сето тоа и 2, со каков тек и процес се доаѓа до формирање на тоа се́ ...Тој дошол до сознание дека постои единство на мноштвото т.е. мноштвото има нешто заедничко"18.

Јосифовски го наведува барањето на Хераклит се́ да се раздвојува ,при кое треба да се води смека за природата на она што се раздвојува.Според Хераклит раздвојувањето на целината на нејзините делови не е таква што спротивностите,кои се добиле да се во рамнодушен однос.Тие се во активен, взаимнопраникнувачки однос, а отаде и напнат соодност т.е.во една едностојна војна.

Укажано е на Хераклитовото учење за логосот,при кое се даваат разни мислители и нивните ставови("Филозофска трибина" 9),па се поставува прашањето во врска со кружниот тек за кој учи Хераклит т.е. прашањето дали цикличната теорија и́ противречи на дијалектиката. Заклучокот е дека цикличната теорија на развитокот кај Хераклит може

17)Б.Бошњак,"Логос и дијалектика",Загреб,"Напријед",1961, стр.121
18)Б,Бошњак,филозофска хрестоматија,I,Загреб,"Напријед",1961,стр.12.

да се објасни само со тоа што претставува граница на дијалектичкото сваќање на Хераклит,ограниченост на неговиот дијалектички потход,дека иако Хераклитовиот придонес за за дијалектиката(кон материјалистичката дијалектика-подв.Д.Д.) е забележително голем,тој истовремено е нужно ограничен и дека тука не спаѓа само фрагментарниот вид на неговата филозофска оставнина,туку и историските,природнонаучните и филозофските рамки кои му се налагале на овој голем мислител.

Јосифовски посебно се задржува на неговата мисла дека сѐ тече, сѐ се менува,никнува и пропаѓа,настанува и нестанува,потоа неговото учење за борбата на спротивностите,која е општа појава и која им е својствена на сите ствари и појави(фрагмент 35:"Војната е татка на сѐ цар на сѐ,на едни им дала да бидат богови, а на други луѓе.Едни ги сторила робови, а други слободни).Отаде,додава Јосифовски,укажувањето на Бошњак дека под "палемос" кај Хераклит не се подразбира каква-годе караница или борба,во вообичаената смисла на зборот е сосема точна и сосема на место."Хераклит со терминот војна го изразил целокупното движење на космосот, а овој принцип се изразува во тоа што во процесот на војната спротивностите не се ништат,туку се обединуваат,дури и идентификуваат,стануваат едно,па според тоа едното станува она другото што било различно од себе си"19.

Отаде се доаѓа до општата слика на светот како "пат нагоре" и "пат надолу",со кој се изразува прочуената циклична теорија на развитокот,за која Јосифовски ги дава и овие заклучни разгледувања: Бошњак наместо критички да ги согледа предимствата и недостатоците на таа теорија,тој ја брани како потполна согласност со дијалектичкото сваќање на развитокот.Во крајна линија како праволиниското,така и цикличното движење се еднострани и во крајна линија и двете го повторуваат она што веќе еднаш се случило и него само го пренесуваат во просторот,при кое првото го пренесува истото во бескрај ,а второто

19)J.Јосифовски,"Некои аспекти на дијалектиката во античката филозофија","Дело 74",1977, стр.113.

се врти во периферијата на еден затворен простор.Укажувајќи на овие моменти, тој канстатира дека цикличната теорија идејата за просторот, еволуцијата и во врска со тоа револуцијата, за движење по нагорен пат кајшто патот надолу бил само привремено враќање назад-оваа голема идеја е сосема испуштена.При тоа се потсетува на погледите на Хегел и Ленин за цикцакообразното спирално одвивање на дијалектичкото движење по нагорна линија, кое е единствено сообразно со дијалектичкиот пристап на развитокот. При тоа, во оваа сваќање се обединуваат како праволиниското движење како ограничено само на еден мал дел од овој спирален пат, така и цикличното движење кое во спиралата може да се здогледа пак само на откинати делови од целината на спиралниот процес, а кои навистина се многу поголеми од оние на праволиниското следење на развитокот, но сепак се делови.

Објаснувајќи ги овие моменти, Јосифовски заклучува дека треба да се оди од Хераклит кон Хегел, а преку него кон Маркс, Енгелс и Ленин, а не да се остане на Хераклит, превидувајќи го дури и учењето на Хегел за дијалектичкиот процес на развитокот.
Јосифовски ќе рече дека иако Хераклит античките мислители не го сметале како значаен дијалектичар, а не го сметале за дијалектичар и мнозина граѓански историчари на филозофијата, наспроти кое Хегел кажал дека нема ниедно становиште изразено кај Хераклит што не би го зел во својата логика, но дека Хегел го интерпретирал Хераклита во дух на својата идаелистичка филозофија.

Укажувајќи дека има обиди и од други милсители тој да се интерпретира идеалистички, го насочува значењето на трудот на Бранко Бошњак"Логос и дијалектика", кајшто се подвлекува како кај Хераклит имаме еден од најзначајните напори на филозоф да се свати и изложи објактивната дијалектика врз материјалистички позиции, дијалектика на случувањето во светот, дијалектика на космосот.

Во врска со Хераклитовото учење за движењето и развитокот Јосифовски го наведува укажувањето на Бошњак, како тргнувајќи од продлабочена и опстојна анализа на фрагментите кај Ефежанецот можат да се најдат дури и поуспешни изрази за означување на мислата за движењето, кое е нешто повеќе од обична промена на местото.Така, се наведува Хераклитовиот збор ἀλλοιοῦσθαι (буквално да се стане поинаков од она што се било, да се менува)говори дека движењето кај Хераклит го надминува механичкото сваќање и поскоро значи самодвижење. Еве како Хегел ја парафразира прославената изрека, која му се припишува на Сократ: "Она што ни е останато од Хераклит е вонредно, она што е за нас изгубено мора да претпоставиме дека исто така било вонредно"20.

За историскиот развој на дијалектиката после Хераклит се укажува дека таа во античката грчка филозофија се одвивала по патот на таканаречената субјективна дијалектика, а тоа е како подвлековме и погоре, дијалектика како вештина,односно побивање, како пат, метод, начин на излагање на мислата и знаење добро да се говори, да се води дијалог којшто често прераснувал во своевиден натпревар во којшто идело на показ умеењето на соговорниците убаво и убедливо да ги изложат и образложат своите тврдења. Се наведува ставот на Бошњак дека "само субјективната дијалектика го определува мислењето и говорот во развивање". Тоа бил методолошки пристап. "Тоа уште не е мислење дека стварноста е во својата суштина дијалектичка, кое подоцна ќе го нарече објективна дијалектика(а која е веќе изложена кај Хераклит), туку способност и уверување дека со суптилноста на исказот може да се дојде до решение на кое му соодветствува постојната и завршена предметност.

Тоа во Елејската школа е непроменливото битие, кај Платон множеството на непроменили идеи. Дијалектиката како субјективен нечин на мислењето ни ја покажува само статичноста и објективноста на телесното(Елејците) и идеалното(Платон)постоење"21.

20)Г.В.Хегел, Историја на филозофијата,I,Београд,"Култура",1976, стр. 2.

21) Бранко Бошњак,исто дело, стр.117.

Се истакнува дека ова тврдење е делумно точно(само во однос на Елеј_ците и Платон)зошто субјективната дијалектика била развиена од софистите,а на кои не им било до тоа да ја докажуваат статичноста на битието,туку неговата променливост,Јосифовски наведува пример како постојното кај Протагора е сообразено со она што ни е дадено во сетилното познание, кое кај различни луѓе е различно дури и кога е во прашање ист предмет. Многу разбирливо, вели то,зошто методот reductio ad impossibile кај Зенон,станува кај софистите метод за докажување "сé или ништо"(или побивање)."Кај софистите не се работи за битоето воопшто туку за човечкото битие во конкретни човечки ситуации, на конкретните луѓе...Можеби никој подобро од софистите не ја сватил поставката на Сартр дека човекот е она што е и она што не е. Човекот е сложено противречно цело. Сé што ќе се оддели од таа целина:справедливото и несправедливото, вистината и заблудата, доброто и злото, само во таа целина звучи човечки и поаѓајќи од неа е убедливо" 22.

Човечката карактеристика не може да се согледа никаде толку добро(се мисли на софистичката дијалектика)како пред судот кајшто се изјаснуваат две странки по повод на обвинетиот и одбраната и како судот може да се издигне на најнепристрасно над ограниченоста на двете скарани страни, а кое се прави и за случаи кога се работи и за нешта кои воопшто не се добедуваат во прашање. Во расправата Јосифовски вели дека Платон и во побивањата што ги вршел против софистите се покажува дијалектиката("она што кај Платон е против софистите изгледа дека е во полза на нив"). Се наведува примерот на Горгија,каде Платон вели како тој сметал оти реторот има предимство во избор на лекарот од лекарот пред кое и да е собрание,бидејќи првиот знае да покаже, да убеди дека може да лекува, а другиот иако може да лекува не може да убеди дека е способен за тоа, нема способност за убедување.

Смислата на укажувањето е дека стручњакот вооружан со дијалектиката

22) Ј.Јосифовски,"Некои проблеми на дијалектиката во антиката",Билтен бр.1, стр.6.

има повеќе увид во струката од оној без таа предност,бидејќи дијалектиката ќе му помогне на стручњакот да се издигне на висина на творец, кој навлегувајќи во душата на струката , на неа ќе гледа како на отворена област,при кое постојано и тој ќе се осеќа должен за нејзиното преобразување и збогатување.Јосифовски за значењето на софистите за дијалектиката заклучува:1.Дијалектиката кај софистите има и те како значајна содржина и дека таа дури го надминува она што во неа го имаа истакнато нејзините најдобри претставници, независно од тоа што таа е наречена софистика поради своите особености;Тие биле луѓе кои пред сѐ се занимавале со просветителска дејност "издигајќи го значењето на општата култура,образованието,високо над тесната специјализација, едностраната ученост и догматизам, застапувајќи се за дијалог, за отвореност на мислата и нејзината размена која може да се врши само меѓу рамноправни и слободни луѓе, кои во сѐ се сомневаат и не примаат ништо на збор или повикување на авторитет,туку настојувајќи со свој напор, размисла и разглед да се определат за вакво или онакво решение на проблемот за кој се разговара" 23.

Дијалектиката кај Сократ, Платон и Аристотел

Давајќи осврт за дијалектиката на Сократ,Јосифовски ќе рече дека она што тој нуди е своја помош, свој метод и оти неговиот пристап кон дијалектиката е антисофистички иако не може да се извлече од тоа да изгледа софист, само со една разлика . Со помош на Сократовата изрека "јас знам дека ништо не знам" и знаење на методолошката постапка, придржувајќи се до неа, може да се дојде до вистината со свој напор. Драгоцено кај него е знаењето, постапката како да се лови риба(Сократ не дава риба(знаење) која ја нема). Работата е значи во дијалектиката и држање за логика на работите, кое е начин, како вели Јосифовски, да се совлада догматизмот, вербализмот, злоупотребата од монопол на знаењата.

23)Ј.Јосифовски, исто дело, стр.9.

"Така бесконечното е совладано од конечното, кое е конечно од едно повиско ниво, содржината е во посед на методот"24.Дијалектиката за него станува вештина за сознание на вистината која е дадена општо и нужно кај сите, па иако Сократ надворешно прилегал на софист, со упатувањето на истражување на општото и нужното тој решително ги критикува софистите т.е. нивниот субјективизам и релативизам.

Неговиот метод ,наречен од Робинсон метод на побивање или метод на иронија, се состои во тоа што отпрво е на показ дека соговорникот има цврсто вкоренети убедувања за она што се разговара, како и тоа што соговорникот доброволно се согласува да одговара на прашањата.Со тек на разговорот,Сократ со редица прашања го доведува во прашање божемното сигурно знаење на соговорникот, толку успешно што тој на крајот ќе признае дека неговото мислење за предметот на почетокот не е точно. Тој во почетокот, вели Јосифовски,не знаел дека не знае, а сега знае дека не знае и дека мудроста и иронијата на Сократ била во тоа што тој, кој знае дека не знае е помудар од оние кои мислат дека знаат, а всушност не знаат, но не знаат дека не знаат.

Основното настојување на мислителот овдека е да се одрекне од сите божемни знаења и празноглави тврдења зад кои може да се крие само незнаење т.е. сите некритички усвоени знаења, сé да се стави под сомнение и по пат на сопствен напор, но и ризик да се издигне до вистинско знаење како самосознание.

За вториот дел од Сократовата метода, наречена маевтика,Јосифовски вели дека се состоела во поставката прашање-одговор, со кое тој помагал да се дојде до вистината како мајкаму која по професија била бабица помагала да се родат деца.Тој не се согласува со Робинсон дека Сократовата метода се состоела само во побивање, укажувајќи како ова мислење е засновано врз претпоставката дека оригиналниот Сократ е даден во раните Платонови дијалози, а подоцнежниот бил всушност Платон т.е.

24)Ј.Јосифовски, "Некои аспекти на дијалектиката во античката филозофија","Дело 74", стр.133-134.

дека самиот Платон низ устата на Сократ ги изговара своите погледи и дека таквото сваќање е претерано еднострано.Проблемот за историскиот Сократ е сложен и ден-денеска не е решен. Се наведува мислата на Ниче за дијалектичкиот метод на Сократ, кајшто тој вели дека Сократовиот метод израснал во метод на темелна критика на севкупното општествено уредување на античката општествена структура(до која секако дошол со мајсторско овладување на дијалектичката вештина) ги ставил, под прашање темелите на општествено-политичкиот поредок и како ова своја вештина, кога барала храброст и самопожртвување, најпосле ја платил со глава.

За дијалектиката на Платон Јосифовски наведува некои согледувања на рускиот историчар на античката филозофија Ф.Лосев:Тој мисли дека дијалектиката според Платон ги расчленува збрканите ствари за секоја од нив да добие сопствена смисла;потоа најдената смисла или идеја на стварта се зема како нејзин принцип, закон , хипотеза, затоа дијалектиката кај Платон е установување на мисловни основи на стварите на свој вид категории(априорни) или форми, но не субјективно, туку објективно;овој логос дијалектиката го сваќа и како граница на сетилното настанување, во врска со кое дијалектиката кај Платон претставува учење за неделивите целости.

Така Платон бара при определување на секој предмет да се изискува во него нешто идентично во сите негови појави, што треба да се сметаат како различни. Потоа, дека како наука за целоста е дискурзивна и интуитивна, зашто за разлика од неподвижните хипотези"дијалектичкио метод" може да ја открие познавателната суштина на хипотезите, а отаде другите науки само мечтаат за постојното, но не го согледуваат него "најаве", па дијалектиката е врв,круна на науките. Дијалектиката не е толку умеење да се разговара, да се прашува и одговара и дури не е ни умеење среде збрканите ствари да се наоѓа вистината или таа практично да се применува, туку таа претставува умеење ,знаење, воoп-

што логички да се мисли и да се добие бараниот предмет во расчленет, едноставно разделен вид. Според тоа, со помош на дијалектиката знаењето станува максимално вистинито, а сѐ друго се покажува како"вторично, подоцнежно".Со други зборови дијалектички развиената хипотеза му дава на мислењето и познанието еднораззделен т.е. структурен карактер"25. Според Бошњак, вели Јосифовски, Платон зборува за дијалектиката како метод и како наука и дека таа не се држи на "никакви претпоставки како другите науки", туку оди право кон почетокот т.е. кон идеите, во кој процес таа"го извлекува на површина окото на душата закопано во варварската душа и го издигнува" 26.

Така, само со помош на дијалектиката без учество на какво и да е сетилно познание, водени само од разумот можеме да дојдеме до вистинско познание за светот на идеите(неговата теорија за познавање по сеќавање). Со самото размислување треба да се дојде до суштината (идејата) на секоја ствар. "Оној кој својот разум го насочил кон она што постои, нема време, о Ајдемоне да го спушта својот поглед на човечките ствари"27. Јосифовски вели дека како не уверува Бошњак, одењe од поединечното кон општото, од менливото кон непроменливото, била целата смисла на Платоновото иследување и дека методот на спојување и раздвојување и Хераклитовата теорија на раскинување, овдека е на показ мошне адекватно.

Оттаму и заклучокот дека Платон бил продолжувач на Хераклита, а разликата настанала во сваќањата на целиот предмет, кајшто на место на материјата се поставува идејата. Тој вели дека Платон бил свесен за силата на дијалектиката и ги наведува неговите укажувања како таа не е за секој човек, туку за луѓе над 30 год.,и дека таа е кралевска вештина, достојна за кралевите. Таа не треба да оди во посед

25)А.Ф.Лосев"История античкой эстетики ;Софисти,Сократ,Платон,Москва, 1969,"Искуство", стр.234-236.

26)Платон,"Држава",Београд,1959, стр. 251.

27)Платон, исто дело,стр.373.

на сите туку само на одбраните и одговорни лица , надарени и воспитани за правилна употреба. Јосифовски ја потенцира општата вистина дека владеењето со дијалектиката значи храброст и независност, но и увид "во најдлабоките механизми на духот и правилата по кои тој дејствува со силата на духот, набиеност со човечка супстанција, која никогаш не се помирува со даденото, никогаш не доаѓа до крај, туку секогаш е отворена"28.

За дијалектиката на Аристотел Јосифовски најнапред ги наведува зборовите на Ленин како кај него на секаде објективната дијалектика се меша со субјективната, така што на секаде е видлива субјективната. За Аристотел воопшто прекарактеристично е на секаде(сомнежи-Ј.Ј.) живи никулци и барање на дијалектиката. Забележителен е ставот на Ленин во врска со односот на Аристотел кон Хераклит:"Грчките филозофи се доближиле до неа(идејата за идентитет на битието и небитието), но не излегле на крај со неа, со дијалектиката"29. Аристотел дијалектиката ја определува"како вештина која нé оспособува од веројатни премиси да извлекуваме изведоци за секој поставен проблем"30.Според Аристотел, додава Јосифовски, корист од расправата за дијалектиката е во тоа што таа служи за вежбање, размена на мислења за филозофските науки. Така,според него можноста да се дадат искази во двојна смисла(за и против) ќе ни помогне полесно да ја откриеме во секој одделен случај вистината или лагата. Тргнувајќи од ставовите на Аристотел, го подвлекува неговото согледување како за принципите на сите науки не е нужно да се заклучува врз основа на принципите на една наука, зашто тие се елементи на сé друго и нив на научен начин можеме да ги објасниме само со помош на веројатни мислења, кои се однесуваат до секоја од нив.

28)Ј.Јосифовски,"некои проблеми на дијалектиката во антиката", стр.10.

29)В.И.Ленин,наведен цит.,дело, стр.315-316, според Ј.Јосифовски во "Дело 74, стр.52.

30)Аристотел, "Органон",Београд, 1965, стр.371.

При тоа, тој нагласува дека ваквото сваќање за дијалектиката Аристотел го спротивставува на аналитиката,кај која се расудува не од веројатви ами од сигурни премиси( ги изучува заклучоците кои даваат сигурни, а не веројатни знаења).Откако укажува како,се чини,дека Аристотел дијалектиката ја деградирал до наука за веројатни заклучоци,се осврнува на ставовите на Обанк,со кои тој сугерира Аристотеловата дијалектика да се сфати како продолжување на идеалот на универзалноста на софистите и реторите.

Јосифовски тргнува од критичката функција на дијалектиката, која произлегува од нејзината прашална природа( практикувана од Сократ)кајшто Аристотел го пренел во областа на теоријата она што го имало кај Сократ( не треба да се биде учен толку за да се поставуваат прашања,колку да се одговара на нив).Аристотел оди понатаму со тврдењето дека критиката која не се однесува на ниеден објект,се однесува на сите ствари,Да се негира посебното,значи да се има однос кон универзалното или со зборовите на Аристотел"да се тврди веројатно универзалното".

Тој подвлекува како универзалноста ја надминува генеричката едност,ние излегуваме од научните спорови за да навлеземе во дијалектичкиот разговор( негација на универзалната наука кај Аристотел води во констатацијата дека за тоталитетот може да се зборува само дијалектички т.е. негативно-подв.Ј.Ј.)

Го наведува укажувањето на Обанк за истото прашање,кајшто тој вели дека трансмутацијата од несвојственоста кон заедништвото,од од празнината кон универзалноста,најпосле од реторичкиот вербализам во критички инструмент е сопствено откритие на Аристотел.Дека дијалектиката е јатка на филозофијата на Аристотел, а кое е во согласност со мислењето на Ленин дадено по повод читање на "Метафизиката" на Аристотел.Тоа е ставот дека помеѓу нив постои идентичност,не само на нивните области,туку и во постапката(тежнеење кон универзалноста).

Дијалектичката подготовка за знаење станува супститут на самото знаење.Во врска со овие согледувања на Јосифовски заклучуваме:

-Сократ со вештината на поставување на прашања во процес на дијалогот се издигнал над компетентноста, која нужно запаѓа во неможна ситуација кога треба да ни даде знаење за човекот како човек,да суду за полидимензијалниот свет од гледиштето на една димензија.При тоа, дијалектиката како наука за методот за дофаќање на вистината,се става над одделната каква -годе вистина.Сократ сака повеќе да нè научи да фаќаме риба, зашто знае дека тогаш ќе нè нахрани за цел живот, отколку да ни даде риба,со која ќе бидеме нахранети само еднаш.

-Платон е единствен филозоф за кого дијалектиката не се спротивставува на науката. Според него дијалектиката е наука за сите ствари-таа ни дава познание не за сè, туку за идејата на доброто, а со тоа таа е и посебна и универзална наука(ги претпоставува посебните науки, но воедно ги надминува, бидејќи нè здобива со несомнено супериорно конечно знаење, па затоа е врв и круна на науките).Сепак кон Платоновата мисла не треба да пријдуваме еднострано, како вели Јосифовски, таа е така оркестрирана што остава простор и за поинакви толкувања и определби, бидејќи треба да го имаме на им и фактот што и самиот Платон има извршено критика на својата теорија на идеите и тоа најрадикално во "Парменид".

Сето тоа пак ни покажува дека дијалектиката како позитивна наука, а не само како вештина за побивање се противи на секо завршен, еднаш за секогаш даден систем, неподвижен."Но напротив, таквата дијалектика продира во таквиот систем и го разлага, ја пореметува неговата непоколебливост, внесува немир, движење-таа е тешка и за оној што ја практикува и за оној на кого се применува"31.

-За Аристотел ќе кажеме само тоа дека тој најповеќе придонел со своите трудови за логиката, а и дијалектичките согледувања, на кои веќе укажавме.

31)J.Јосифовски ,"Некои аспекти на дијалектиката во античката филозофија", стр. 141,142.

Според зборовите на Енгелс Аристотел"ги беше испитал најсуштествените форми на дијалектичката мисла".Тој е систематизатор на античката филозофија.Општо кажано,Јосифовски при третирањето на античката дијалектика навлегува во подробноати, при кое од една страна ги изложува гледиштата по одреден редослед, а од друга страна ги конфронтира (нé упатува на сличностите и разликите помеѓу нив). Од неговите излагања се добива и знаење и поука дека кон античката филозофија треба да се навраќаме со интерес и внимание како на почетна ризница на знаење, како на"свеж кладенец", кој може да нé освежи и упатува да не бидеме задоволни со постигнатото, туку дека е потребно да се навлегува пошироко и подлабоко во иследувањето.

Неговите согледувања постојано нé упатуваат на тоа, да го користиме тоа силно орудие на мислата(дијалектичкиот метод), кое може да ни помогне полесно и побрзо да ја наоѓаме вистината, да водиме правилен дијалеог, науката да чекори посогурно напред. На крајот ја наведуваме толку цитираната мисла на Енгелс:"Има причини кои нé тераат денес како и порано пак и пак да се враќаме во филозофијата,како и во многу други области кон достигањата на тој мал народ, чија универзална дејност и надареност му осигурала нему со историскиот развиток, место на кое не може да полага право ниеден друг народ"32. Така, кога Јосифовски ја коментира мислата на Енгелс"во процес на изникнување", вели дека тогаш во антиката во процес на изникнување бил и дијалектичкиот материјализам и дијалектиката како душа на марксизмот.

32)Ф.Енгелс, "Дијалектика на природата",Београд,"Култура",1951, стр. 43

## IV.ПРОБЛЕМОТ НА ОПРЕДЕЛБАТА И СТАТУСОТ НА ДИЈАЛЕКТИКАТА

За проблемот на дијалектиката се врзани повеќе прашања.Сега ќе се задржиме само на некои моменти на кои укажува Ј.Јосифовски во еден свој осврт под наслов"Во што е проблемот на дијалектиката", а потоа целосно ќе ги наведеме најзначајните прашања врзани за проблемот на дијалектиката со наведување на нивните карактеристики, се разбира на оние на кои укажува Јосифовски.Тој вели:"Несомнено е дека прашањето на дијалектиката во филозофските дискусии го наметнал марксизмот 33), така што нема ниеден посериозен граѓански филозоф што не се обидел да каже нешто за овој проблем,всушност да се обиде да докаже дека дијалектиката е противречен поим,ако ја признава да ја побие нејзината материјалистичка заснованост.Тоа се правеше уште од времето на Плеханов од страна на ревизионистите од типот на Бернштајн,кои наоѓаа дека дијалектиката е несовмесна со здраворазумската формална логика и следствено теоретски и практино неодржлива макар и во кој вид, било да се работи за материјалистичката или за идеалистичката дијалектика 34).

Тој при тоа додава дека неопозитивистите и сциентифистички ориентираните филозофи кои дијалектиката ја третираат како априорна шема што ги изнасилува фактите 35),цела низа еминентни западни филозофи критиката на дијалектиката ја сведуваат на "дијалектичка критика" на материјалистичката дијалектика или на дијалектичкиот материјализам. Јосифовски вели дека тие оваа критика настојуваат да ја доведат во врска со критиката на една фактичка состојба,која покажа фрапантен пример како дијалектиката може да се изроди во најобична средновековна схоластика т.е. схоластичка догма,со критиката на навистина априористичкиот и прагматистички метод,која од името на материјалистички заснованата дијалектика,направи формула за оправдување на се́ и сешто, а пред се́ за оправдување на самоволието на "мудрото раководство".

33)Ј.Јосифовски,"Трибина",Скопје,1962/2,стр.19(Во што е проблемот на дијалектиката).

34)L.Landgrebe, Das Problem Dialectic. Во зб. Marksismus studien 3 te, 1960, Tübingen.

35)Види: Г.В. Плеханов-Дијалектика и формална логика (додаток кон "Основните прашања на марксизмот", Скопје, 1960 цит. според Ј.Ј.).

Потоа тој се задржува на прочуеното reductio ad absurdum, кое било основно орудие на старата дијалектика,укажувајќи како е неоспорно дека Зенон дал образец на неговата примена, при што сосема е погрешно да се смета дека Зенон сакал да докаже на пр;дека целото не може да се дели или дека Ахил нема да ја стаса желката.Она што сакал да докаже е дека учењето на Парменид за единството и неподвижноста на битието не е повеќе бесмислено од спротивното учење на него.Зенон им велел на противниците на Парменид дека како и да се вртат и сучат нив нивните тврдења водат во апсурд,извлекувајќи заклучок дека неговата т.е. елејската теза има поголема веродостојност, убедливост и вистинитост.Јосифовски подвлекува дека од стоичарите па се́ до модерното време дијалектиката се употребувала како термин за означување на она што се подразбира денеска кога ќе се употреби зборот логика и како не ретко,во периодот на назадување на античката филозофија и средновековието дијалектиката се разработувала на еден мистички начин(пр; Плотин, Беме).Се задржува и на спојувањето на материјализмот и дијалектиката што го стори Маркс,велејќи:"Маркс во низа творби го формулира становиштето на дијалектичкиот и историски материјализам, при кое како главна задача ја свати продолжувањето на овој материјалистички и дијалектички поглед и метод во исто време и во толкување на појавите од општествениот живот 36,потоа дека знаменитиот спис од Петербуршкиот "Весник на Европа" што Маркс го наведе во Поговорот на II издание на "Капиталот"(I том),го означи како точен опис на дијалектичкиот метод.

Тој подвлекува дека Маркс и Енгелс се биле еднодушни во своите сваќања и како "дијалектичкиот метод тие го сватиле и како материјалистичка теорија:не ту едно,ту друго,туку и едно и друго",дека дијалектиката не е дадена само во идејата(која отуѓувајќи се во природата станува другобитиет,кое е всушност екстензивна еднододругост,

36)Ј.Јосифовски,"Во што е проблемот на дијалектиката", стр. 24.

просторно редење што не знае за време и историја),туку дека станува збор за нејзината сеопфатност,пред се́ дадена во природата на материјата која е причина сама на себе си,"извор на движење,непрестаен вријавец на живи,творечки сили,а не само можност гола и сурова што чека поттик од страна".Тој понатаму укажува на карактеристиките на Марксовиот дијалектички метод."Материјалистичката дијалектика бара да се приоѓа кон стварите такви какви што се,без прибегнување кон некоја странична натприродна сила, а штом така ќе се пријде кон светот во целост или кон некоја негова област,сликата на целината на светот сама по себе ни се наметнува и во таа целост движењето е уочливо на секој чекор...Пишувајќи за методот на политичката економија Маркс брилјантно го опиша материјалистичкиот дијалектички метод,не само во неговата примена туку и воопшто"37.

Јосифовски вели дека во познанието најнапред ние имаме хаотична претстава за целината на предметот или појавата која ја испитуваме.Синтетичкиот стихиен приод(стихијна дијалектика)треба да се замени со аналитичка постапка,која ќе се движи по патот на се́ поголеми апстракции дури не дојде до она што Маркс го вика прости одредби.Потоа,вториот момент на анализирањето води кон се поточна претстава за поединостите на целината,но воедно со тоа и кон упростување на сликата на целината,кон умртвување на иако хаотично,сепак живото конкретно.Потоа,вели тој,"дијалектиката поминува во својата спротивност-метафизичко упростувачко режење,атомизирање,барање на најпростите елементи од кои како од вид тула ќе се изгради целината.

Штом е совладано поединечното,сватени деловите,понатаму да се инсистира само на анализа значи да се остане на непотполно познание...Дијалектичката мисла ја укинува оваа едноставност,но како вели Маркс не веќе како хаотична претстава за целината,туку како тоталитет од мноштво на определби и карактеристики"38.

37)Ј.Јосифовски,"Во што е проблемот на дијалектиката",стр.26.
38)Ј.Јосифовски,исто дело, стр.27.

При тоа Јосифовски додава дека Марксовиот метод на премин од апстракно кон конкретно е само начин на мислењето да го усвојува конкретното, да го репродукува како духовно конкретно, наведувајќи го предупредувањето на Маркс дека "тоа не е во никој случај процес на возникнување на самото конкретно" 39.

Кога зборува за проблемот на дијалектиката го наведува и Енгелсовото разликување на објективна и субјективна дијалектика и го подвлекува прашањето:како оваа објективна дијалектика се доловува од познанието,како се проникнува во него(како решително прашање-Ј.Ј.)? Како одговор ,вели дека објективната дијалектика се доловува од историјата на науката(Ленин),а од друга страна пак дека историјата на науката покажува дека и ова доловување на објективната дијалектика самото е дијалектички процес,подвлекувајќи дека Енгелс тоа го има покажано во стариот предговор кон "Анти-Диринг", кајшто зборува за две форми на дијалектика кои ги дели еден период на метафизички поглед на природните појави.Дека она што важи за историскиот развој на мислењето, важи и за неговата конкретна примена во актуелните иследувања.Во нив синтетичкиот опфат и аналитичкото разложување се преплетуваат и заемно се условиваат.

За противниците на дијалектичкиот материјализам Јосифовски вели дека можат да се поделат на 1, оние кои наедно со отфрлање на материјализмот ја отфрлаат и дијалектиката како своевидна изнасилена шематски произволна акробатика со поимите(неопозитивистички ориентираните филозофи) и 2, оние што ја отфрлаат дијалектиката, но го отфрлаат и материјализмот како две несовмесни со ништо и никако не споиви учења.Тој расправата ја ограничува на гледиштето што дојде до израс кај Лудвид Ландгребе во расправата"Проблемот на дијалектиката",некои аспекти на Сартр и кај Пол Фулкие во книшката "Дијалектика"."Ландгребе настојува да сугерира дека марксистите во

39)К.Маркс:Увод кон критиката на политичката економија,"Култура",1952 (стр.29-31 и понатаму)Скопје.

дијалектиката гледале семоќен метод,некој вид волшебно клуче што ги отвара сите врати и ги решава севозможните загатки...нема потреба од напорна работа,напрегање на сили и иследување,ами само да се земе клучот и сè пред нас е отворено, сè е достапно и решено ...Вака упростената,сведена на апсурд,дијалектика не е тешко да се критикува,уште повеќе кога се знае дека мнозина марксисти бараа од дијалектиката место раководство за дејство(Енгелс)едноставен универзален рецепт за сè и сешто"40. Според Ландгребе официјалниот марксизам немал врска со филозофијата,тој бил идеологија што ги занимава само стратегијата и тактиката на партијата и на нив им ги потчинува сите, па и филозофските интереси,дека всушност само Маркс бил филозоф, а марксистите се идеолози што дозволиле дијалектиката во нивни раце сè повеќе да дегенерира,а проблемот на дијалектиката мисли да го реши на релацијата на споредба на Хегел и Маркс.

Според него,вели Јосифовски, дијалектиката одговара на една потреба за верување во некој принцип,кое е нужно за човековото постоење независно од измените на општествените животни услови,од кајшто се изведува силата на марксистичкото учење и доминација наспроти на сите критики. Еве ја мислата:"Маркс сакал само да укаже на местото што еден ваков принцип го има воопшто во поврзаноста на оние структури што му припаѓаат на човечкото мислење како такво,што можат да се изменат без секоја измена на општествените животни услови.Овие му припаѓаат на човечкото постоење,кое е секогаш познавачко-дејствено-трудово и кое во ова единство почива на една извесност во однос на еден последен принцип"41.

Јосифовски констатира дека ваквото гледање е чудно",кога се знае дека учењето на Маркс е моќно зошто е правилно и вистинито, а овдека испаѓа дека неговата сила се базира врз тоа што тој задоволува една фактичка потреба" и дека социјалистичките револуции кои

40)Ј.Јосифовски,"Во што е проблемот на дијалектиката", стр. 29.
41)Л.Ландгребе,оп,цит.,стр.5,7;според осврпот на Ј.Јосифовски.

доведоа до триумф на марксизмот"во практиката не ги покажаа идеите на марксизмот на дело". За Ландгребе е важно да покаже дека прицитот на дијалектиката не бил емпириски изведени кај Хегел,ни кај Маркс од анализа на општествената состојба,па затоа бил имено и принцип и дека она што се мисли се опфаќа од мрежа на поими наредени во извесен ред, а тие поими и нивниот ред доаѓаат од царството на духот. Со овој софизам ,подвлекува Јосифовски, тој сакал да го ликвидира марксизмот,да го направи празен и бесмислен.Потоа, дека според него Хегел сторил историјата да може телеолошки да се конституира,иако ова конституирање кај него се однесувало исклучиво на мислењето. Но,бидејќи Маркс ги испуштил Хегеловите претпоставки,кои оваа телеолошка конструкција ја ограничуваат на минатото,тој неа ја пренел на иднината и дека со тоа Хегел не сакајќи придонел човекот да се смета за апсолутен господар на историјата.Јосифовски ќе додаде понатаму како испаѓа дека триумфот на дијалектиката кај Маркс се врши заради неразбирање на Хегел и дека Маркс ги задлабочил уште Хегеловите пропусти,како се заклучува во расправата на Ландгребе.

J.Јосифовски укажува на уште еден момент во расправата на Ландгребе, а имено тоа е дека како што знаеме Маркс од критика на религијата поминал кон критика на реалната состојба,критика на постојното,"но според Ландгребе оваа критика требало да има маштаб за мерење на она што е умствена човечка состојба и што е целта на историјата. Земајќи го овој маштаб од Хегел,Маркс не ги повлекол Хегеловите консеквенции,а во тоа уште во почетокот наоѓа Ландгребе неразрешлива противречност во Марксовата програма" 42.Тој инсистира дека"неговата(Марксовата-J.J.) дијалектика... не е материјалистичка во смисла на едно несвесно случување", а дека разликата помеѓу Хегеловата и Марксовата дијалектика била во тоа што кај Хегел бил принципот духот кој сам себе се произведува,додека кај Маркс самопрозводството на

42)J.Јосифовски, исто дело, стр. 33.

човечкиот род(не законите на движење на човечкото мислење,ами законот на движење на реалниот труд,на дејноста на човекот што работи и со својот труд се самоодржува и самопроизведува).При тоа,се подвлекува дека"продукционите односи што од овој труд резултираат не биле резултат на бесвесните материјални природни настани ,незавосно од човекот...ами биле резултат на целесообразно дејствување на човекот"43.Но,веднаш тешкотија,како додава Јосифовски,зашто Маркс решително го нагласуваше надградбениот карактер на мислењето,дека е свеста рефлекс на материјалните природни односи,дека општественото битие ја определува општествената свест,а не обратно.И тука се дава стандардниот одговор:природата по себе за Маркс не постоела,но дека таа била опредметување на трудот,негов корелат,отуѓување, па се извлекува заклучок дека позициите на Маркс биле не само блиски,ами структурно еднакви со позициите на идеализмот,односно дека позицијата на Маркс била само идеалистичка.

Интересно е укажувањето за тоа кај ги нашол,како нé информира Ландгребе,овие филозофски сваќања кај Маркс.Дека тие биле изложени главно во низа години необјавениот ракопис"Национална економија и филозофија", а дека во "Комунистичкиот манифест" сме наоѓале не толку фини формулации за смислата на Марксовиот материјализам, односот на базата и надградбата и дека тоа било разбирливо само по себе,зашто вториот спис не бил филозофска расправа,но политички памфлет.Потоа дека можело да се мисли оти Енгелс му ги сугерирал овие формулации без да забележи дека првиот стоел на еден друг хоризонт на мислата и како со "Анти-Диринг"Енгелс станал учител на една генерација марксисти и до колку овие филозофски размислувања го зеле без размислување дијалектичкиот материјализам како идентичен со Марксовото учење."Тој смета дека Енгелс ја деградирал дијалектиката кога ја сврзал со материјализмот,кога смета дека вистината е сетилно даденото,што ја открива стварта по себе, а законот на дија-

43)J.Јосифовски,исто дело, стр. 35.

лектиката дека не се корени на мислењето,ами се апстрахира од природата.Оваа дијалектика според Енгелс,се познава така што се одразува од мислењето"44.

Друг момент во расправата на Ландгребе,како објаснува Јосифовски,бил дека според него"привидниот парадокс на марксизмот:тоа што тој тргнува од програмата за ослободување на човештвото, а завршува со негово тотално поробување, се темелел на изворната мисла на Маркс,кој човештвото го издигнал до апсолут што сам себе си се продуцира,изопачувајќи ја Хегеловата мисла за која погоре стана збор"45.Тоа доаѓа оттаму што Ландгребе смета дека со ова апсолутизирање човекот станува безусловна зависност од родот,дека слободата на поединецот се уништува од нужноста на неумоливите историски закони и тој станува војник, а не творец на историјата(Р.Арон).Потоа, дека прифаќајќи го учењето на Хегел како во историјата на човештвото се остварува слобода за сите,при тоа отфрлајќи дека е тоа историја на светскиот дух,Маркс нужно западнал во безизлезна противречност,

За него Јосифовски констатира како тој порано се застапувал за религија на безусловниот фаталистички детерминизам-денеска се застапува за игнорирање на секоја законитост во развој на општество,деформациите во практиката на социјализмот сосема и криво се интерпретираат како божемна и законита појава,која неминовно произлегува од претпоставките на марксизмот.

Неодржливо е на Маркс да му се инкриминира идеалистички поглед, како што е неодржливо одделувањето на Енгелс и Маркс;смешно е дека Енгелс го запутил Маркса како филозоф и му наметнал сваќања спротивни на неговите погледи во Ракописите од 1844г.;мистика е да се признава дијалектика на духот, а да се одрекнува дијалектика на природата,како што е мистика и хипостазирање на човекот како трудово-дејствено-телесно суштество што ја ползува природата како чиста

44)Ј.Јосифовски,исто дело, стр.35-36.
45)Ј.Јосифовски,исто, стр.36,37.

можност,без свои закони и тенденции,на која човекот ѝ налага каква што сака форма и свои закони" 46. Потоа Јосифовски во расправата подвлекува некои мисли на Сартр за критика на догматизмот и критика на дијалектиката,при кое укажува на ставот на Сартр дека оригиналноста на Маркс е во тоа што сакал да ја задржи дијалектиката и во ботието и во знаењето , но дека марксистите ревидирајќи ја дијалектиката паднале во позитивизам,потоа како позитивистите биле во можност да предвидуваат бидејќи кај нив минатото и иднината се едно исто(иднината го потврдува минатото), а Хегел имал право да предвидува бидејќи тоа предвидување кај него иде од минатото.Тука се прашува:"бидејќи иднината на марксизмот е сосема нова,во секој случај нова,неодолива на сегашноста ,како да се предвидува овдека без изнасилување?и потоа: ако иследувањето на дијалектиката треба да биде дијалектичко во својот од,како тоа може да го достигне движењето на битието без марксизмот?Ако напротив познанието треба да го остави битието да се развива според своите сопствени закони, како да се избегне ,процесите какви и да се,да не се извлечат како емпириски?"47.

Тргнувајќи од одговорот како мислата е дијалектичка по својот објект бил псевдодијалектичен,бидејќи позитивистите докажувале дека историјата може да се разгледува како прост детерминизам,Сартр заклучува дека дијалектичкиот ум треба да се заснова.Тука е интересна неговата мисла"ако дијалектичкиот ум се прави,како може да се докаже без да се падне во идеализам,дека тој ја следи дијалектиката на битието"48.Јосифовски укажува уште на некои негови ставови за дијалектиката,како дека само во историскиот и социјалниот свет се работи навистина за дијалектички ум,префрлувајќи го во природниот свет Енгелс нему му ја зел неговата рационалност и дека повеќе не се работи за дијалектика што ја прави човекот,правејќи се себе си,туку за еден случаен закон за кој може да се рече:тоа е така , а не поинаку.

46)Ј.Јосифовски,исто дело,стр.37.
47)Ј.Јосифовски,исто, стр.38.
48)Ј.П.Сартр,"Критика на дијалектичкиот ум",т.I,Париз,1960, стр.123

Јосифовски во врска со овие ставови на Ландгребе и Сартр заклучува дека тие"сакаат да го урнат фундаментот на марксистичката филозофија,нејзината материјалистичка заснованост:признавајќи ја дијалектиката тврдат дека таа со материјализмот е неспоива во една непротивречна целина".Потоа дека тие сакаат да докажат како дијалектиката не може да се поврзе со природните науки,како ни со науката воопшто,"ами ја изведуваат или од религиозниот однос или од практиката како изворна,творечка во апсолутна смисла на зборот"(се разбира овдека не се разгледуваат трудовите на Сартр во целина,туку се даваат заклучни разгледувања за него само врз основа на неговиот труд"Критика на дијалектичкиот ум").

Пол Фулкие во малата брошурка "дијалектика",како укажува Јосифовски,им прави замерка на Хегел и Маркс за противречноста,дека и двајцата сметаат дека нема дефинитивна вистина, а од друга страна пак своето учење го даваат како дефинитивно,дека марксизмот ја блокирал мислата повеќе од хегелијанството и дека бил неспособен за онаа отвореност на мислата и она интелектуално настроение што ја претставува дијалектичката концепција на науката,како и тоа дека Хегеловата и Марксовата дијалектика правеле впечаток на една вкочанета схоластика и оти оваа дијалектика наводно"не им одговара на нашите духовни процеси и како таа не претставува само историски процес".Јосифовски вели дека интересот за дијалектиката денеска е пожив од кога и да е, а тоа го покажуваат бројните списи наменети за уништувањена дијалектиката воопшто и дијалектичкиот материјализам посебно,со кое се настојува да се згасне , да се искорени овој така за критичарите или дополнувачите на марксизмот неугоден интерес,"Фулкие дава објаснување за овој за него необичен факт, со кое заправо, го побива сето она што тој го кажа за дијалектиката, а наедно и она што го кажаа Ландгребе и Сартр"49.Фулкие вели дека интересот за дијалектиката не се должел на филозофијата, ами на науч-

49)Ј.Јосифовски,"Во што е проблемот на дијалектиката",стр.41.

ниците што правеле филозофија од својата наука,дека суштествените принципи на дијалектиката ги формулирале Маркс и Хегел,но научниците ги воделе кон дијалектичко размислување резултатите од својата работа,а не филозофијата и оти овие научници биле поголеми дијалектичари од творците на дијалектиката и биле пословодни од нив од догматизам.

Понатаму Јосифовски зборува за догматизирање на дијалектиката и причините за тоа,укажувајќи дека за нејзиното догматизирање има и теоретски и општествени причини, а дека општествените се наоѓаат во историскиот парадокс-социјализмот да се оствари во неразвиените земји,кајшто со победата на револуцијата требаше да се решаваат задачи кои нормално веќе требало да бидат решени."Теоретските корени на догматизмот на дијалектиката се наоѓаат во онаа тенденција на нашиот разум,која е друга и неодвоива страна на дијалектичкиот процес,имено зошто тој процес е дијалектички;сложеното да се упростува,подвижното да се запира, живото да се умртвува,процесот на спиралата и зиг-загообразното развивање да се прекинува(да го раскинува) и да го разгледува на куси релации,како рамен, едноставен,праволиниски"50.

Во врска со ова укажување Јосифовски ќе рече дека,ако ова упростување што е и вештачко,што одговара само на една страна на живите процеси било заради занес или што е поточно поради мрзливост на духот,неувежбаност и неопитност,се испушта и другата страна исто така суштествена на методот(толку суштествена што му го дала своето име), тогаш метафизиката ќе си го земе своето колку и да се изјаснуваме со зборови за дијалектиката. Потоа ќе рече дека дијалектиката бара конкретно иследување,кое не може да го замени никаква фраза, а дека тајните на природата се откриваат со огромен труд и за нивното решавање нема никаков волшебен клуч, кој без напор ќе ги решава сите прашања. Тој го наведува примерот на Ленин во книгата"Чекор напред два чекора назад",кајшто Ленин со анализа на борбата што се водела на II партис-

50)Ј.Јосифовски, исто, стр.42.

ки конгрес 1903г. покажа дека "не само овесот расте според Хегел,туку и дека руските социјал-демократи војуваат според Хегел".Го наведуваме уште укажувањето на Јосифовски за критичарите на марксизмот. Тој вели:"Критичарите на марксизмот и самите увидуваат дека се зафатиел со сизифовска работа,стихијната дијалектика што ја породува развитокот на науката се повеќе буди интерес за свесно прифаќање на материјалистичката дијалектика како оформена теорија на развитокот"51.

Дека критичарите на марксизмот се стремат кон побивање на дијалектиката, со кое "индирекно го критикуваат социјализмот како неодржлив општествен поредок и при тоа применуваат апстрактен начин на критика", па од грешките што ги прават марксистите при примената на дијалектиката во научното иследување и од тешкотиите што се јавуваат во социјалистичката практика(а кои покажуваат дека работите не се така прости како што се чини,дека во социјализмот не се развива сé глатко и во аклад,но напротив дека развитокот на социјализмот постави прашања што што порано не се насетуваа-J.J.),кои бараат не формалистичко решавање ами конкретна научна анализа и обопштувања што се темелат на претходен напорен труд,извлекоа заклучок дека материјалистичката дијалектика откажа и ја обвинија во сите горенаведени и други гревови.

Како што е познато,Ленин барал дијалектички да се разгледуваат нештата,за кое го има истакнато барањето предметите и појавите да се се изучуваат во сите нивни врски и посредувања,во врска со кое вели:"Вистинската дијалектика не ги оправдува личните грешки,туку ги проучува неизбежните враќања назад,докажувајќи ја нивната неизбежност врз основа на најподробното иследување на развитокот во сета негова конкретност. Основен став на дијалектиката:апстрактна вистина нема,вистината е секогаш конкретна"52.

51)J.Јосифовски,исто дело, стр.44.

52)В.И.Ленин,Сочинения ,т.7,стр.380(наведен цит.според освртот на J.Јосифовски).

Сметаме дека заслужуваше внимание овој вреден осврт на Јосифовски во врска со прашањето на обидите за отфрлање на дијалектиката или материјализмот,отфрлање на марксизмот,прашањето за наводната неспоивост("несовместивост")на материјализмот и дијалектиката,кое како можевме да видиме е пропратено со конретни примери, се разбира и со давање на соодвети објаснувања за корените и причините на таквите појави и пристапи и потенцирање на прашањето каков треба да биде дијалектичкиот пристап.Тука има и прашања за кои подетално ќе се задржиме во наредните глави.

Во врска со изворните ставови на Ландгребе,а користејќи ги наведените укажувања на Јосифовски, ќе дадеме краток коментар како еден вид дополнување на изложеното.

Ставот на Ландгребе дека Марксовата дијалектика не била материјалистичка во смисла на учење за законите на едно несвесно случување, дека разликата меѓу Маркс и Хегел била во тоа што кај Хегел принципот бил духот, а кај Маркс самопроизведување на човечкиот род(не законите на движењето на мислењето,ами законите на движење на релниот труд,на дејноста на човекот што работи со својот труд и се самоодржува и самопрозиведува), при кое уште се подвлекува дека продукционите односи што од овој труд резултираат, не биле резултат на бесвесните материјални природни настани,независно од човекот,ами биле резултат од свесната целесообразна дејност на човекот,го коментираме со следните укажувања:Законите на општеството се разликуваат од природните по својата сложеноста кое е пред сѐ во дејствениот елемент на човековото мислење(свеста)повеќе или помалку;Прашањето за движечката сила на општеството-неговиот основен закон,мошне убаво го објаснува Маркс во споменатиот спис"Прилог кон критика на политичката економија",кајшто на една страница го дава гледиштето на историскиот материјализам,зборувајќи посебно за економската структура на општеството и нејзиниот однос кон надградбара или за одно-

сот на општественото битие и општествената свест( а се разбира не се мисли само на тоа дело-Д.Д.),па нема потреба за било какова помисла дали Маркс е идеалист или материјалист,во кое се впушта Ландгребе. Или друг став на Ландгребе:Природата по себе за Маркс не постоела, но дека таа била опредметување на трудот,негов корелат,отуѓување,па се извлекува заклучок дека позицијата на Маркс била само идеалистичка.Коментар:Маркс кога го третира прашањето за алиенацијата не тргнува"ни од човечката природа,ни од природната состојба",како некои други мислители пред него,но тргнал од реалната општествено-економска и политичка состојба во граѓанското општество,третирајќи го проблемот на отуѓувањето во нечовечките услови на капиталистичката експлоатација,кајшто се случува нешто што не́ тера да се чудиме,"колку работникот создава повеќе стоки ,толку станува поевтина стока".

Значи во раскривањето на овој феномен, Маркс не тргнал од својата глава,но од реалната состојба,материјалните производствени односи,согледувајќи ја пред се́ дијалектиката на односот на појавата и суштината и улогата на идеологијата во тие релации, согледувајќи дека основниот причинител за таквата состојба е приватната сопственост на средствата за производството.

Друг став:"Привидниот парадокс на марксизмот:тоа што тој тргнува од програмата за потполно ослободување на човештвото,а заврши со негово потполно поробување", се темелеле во изворната мисла на Маркс,кој човештвото го издигнал до апсолут што само себе се продуцира,изопачувајќи ја Хегеловата мисла.

Коментар:Тука се мешаат прашањата за односот на слободата и нужноста и нужноста и случајноста,нивната дијалектика.Маркс има укажано на тоа дека хуманизацијата на човекот е историски процес и создавање на историски услови и општествена ситуација(неговата теорија за комунизмот и учењето за револуцијата),во кои ќе бидат укинати сите односи во кои човекот е поробено,понижено.деградирано,експлоатирано

суштество.Овдека само потсетуваме на Марксовото согледување на генеричката родовска природа на човекот,неговото укажување на облиците и патиштата за разотуѓувањето на човекот , а во тие рамки посебно на историската улога на пролетеријатот како најнапредна класа во историјата.Во ставовите на Ландгребе , вели Јосифовски, стои позиција на игнорирање на законите на развој на општеството и дека деформациите во практиката на социјализмот криво се интерпретираат како божемни и законити појави кои неминовно проилегуваат од претпоставките на марксизмот, па недржливо е на Маркс да му се инкриминира идеалистички поглед,мистика е да се признава дијалектиката на духот, а да се одрекнува дијалектика на природата.

Како рековме,класиците на марксизмот се биле тие, кои се укажале на историската улога на пролетеријатот и облиците на класната борба,како и на прашањето за тоа што се́ може да доведе до деформации на социјализмот и како да се води борба против тие појави. Јосифовски полемизира и со ставот на Ландгребе како Енгелс ја деградирал дијалектиката,со тоа што ја поврзал со материјализмот.Вистината е во тоа што Енгелс не ја деградирал дијалектиката,поврзувајќи ја со материјализмот.Маркс и Енгелс,поврзувајќи го продлабочениот материјализам со дијалектиката поставена врз материјалистички основи(од нив),довеле до едно сложено,комплексно и значајно учење.

Еве што вели Енгелс за тоа:"Маркс и јас целосно сме биле единствени,кои од германската идеалистичка филозофија сме ја спасиле сознајната дијалектика,пресадувајќи ја во материјалното поимање на природата и историјата"53.

Пред да поминеме со давање на краток коментар на ставовите на Фулкие,овдека заклучуваме дека деформациите на сицијалистичкиот развиток не се "божемна и законита појава,која неминовно произлегува од претпоставките на марксизмот" како криво се интерпретира од Ландгребе но причините се во улогата и силата на бирократијата,на што така сил-

53)Ф.Енгелс,"Анти-Диринг",Скопје,1960, стр. 12-14.

но укажаа класиците на марксизмот и низа други марксисти,помеѓу кои и Тито,како и облиците на ревизија на марксизмот,како што е на пр;сталинизмот. Поминуваме на некои од ставивите на Фулкие.

Како видовме тој им прави замерка на Маркс и Хегел за противречноста,дека и двајцата сметаат како нема дефинитивна вистина, а од друга страна своето учење го даваат како дефинитивно и дека марксизмот ја блокирал мислата повеќе од хегелијанството.

Ставот дека нивните учења се дефинитивни не држи,зошто ако за Хегел може да се каже дека дал еден завршен филозофски систем и дека неговата дијалектика е свртена кон минатото, а не кон сегашноста и иднината, за Маркс тоа не може да се каже никако бидејќи Марксовата дијалектика е насочена кон сегашноста и иднината.Тој гледа преку капитализмот,неговата дијалектика во"нејзиниот рационален вид е за буржоазијата и нејзините доктринери срџба и ужас,зашто таа во позитивното поимање на суштествувачкото , едновремено го вклучува и поимањето на неговата негација...Таа пред ништо не приклонува,бидејќи во својата суштина е критичка и револуционерна"54.Додека Хегеловата дијалектика не била до крај доследна на себе си,зашто крајот на развитокот го гледала во пруската уставна монархија и во самата Хегелова филозофија, а доследната дијалектика не познава никаков крај на развитокот"55.

Значи Марксовото учење не е дефинитивно, а марксизмот не ја блокира мислата повеќе од хегелијанството,како што сака да каже Фулкие, зашто тој има творечки карактер,антидогматски.Тој не е затворено учење, дадено еднаш за секогаш,во кое ништо не може да се менува,туку тоа е учење кое творечки се применува и развива. "Успесите на науката со кои е поврзан дијалектичкиот материјализам налагаат во учењето на марксистичката филозофија да се вршат постојани изменувања,постојани преосмислувања, да се биде постојано на дело ,постојано да се вслуш-

54)К.Маркс,поговор кон II издание на"Капиталот",Скопје,1953, стр.54,55

55)Митко Илиевски — С. Јордановски-Марксизам и самоуправување,1977, Скопје,"Просветно дело", стр.33.

нуваме во она што станува во светот на науката и животот на општеството"56. Лефевр вели дека"Маркс никогаш не рекол дека комунизмот ќе биде завршен период на човечката историја.За она што ќе дојде после тоа ние не можеме ништо да знаеме точно"57 и дека прашањето како коминистичкото општество ќе ги решава прашањата на животот, љубовта,уметноста,ние тоа не можеме да предвидиме и како секој проблем доаѓа во свој момент во историскиот развој.И навистина,класиците на марксизмот не се зборувале за комунистичкото општество во поединости,туку во "општа форма",зафаќајки ги битните карактеристики.

Во врска со поимот дијалектика се поставуваат повеќе прашања, како:Во кои значења се употребува зборот дијалектика?;Дали сите значења на зборот дијалектика се единствени или некое од нив треба да се отфрли како некохерентно на останатите;Прашањето за дијалектиката на природата;Прашањето за дијалектиката како наука и како дијалектичка теорија и метод;Врската помеѓу законите,кои ги утврдуваат природните науки и досега утврдените дијалектички закони;Односот на формалната логика и дијалектиката(сваќање дека дијалектиката е спротивна на логиката, па оттаму и сваќањето дека таа е непотребна,ненаучна ирационална, мистична и др.);Прашањето за поврзување на материјализмот и дијалектиката што го направи Маркс;Односот на позитивизмот и дијалектиката и неопозитивизмот и дијалектиката и др.

-Каква тема е дијалектиката денеска? Зајечарановиќ вели дека дијалектиката е стара,но жива и актуелнатема и денеска,дури и поактуелна ос многу други."Таа е актуелна и филозофски и научно и социјално -политички,како теоретски така и практично...,така многу научни проблеми во специјалните науки не можат потполно да се согледат и решат без неа"58.Таа може да се сваќа и интерпретира,нагласува тој,коректно

56)Ј.Јосифовски,"Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата",Скопје,1977,"Просветно дело", стр.112.

57)А.Лефевр,"Марксизам",Култура,Београд,1958(види опширен осврт).

58)Глигорие Зајечарановиќ,"Дијалектиката како марксистичка методологија",Ниш,"Градина",1980/9, стр.70.

марксистички,но и некоретно и еднострано,така се јавувале не само изневерувања и едностраности во нејзината примена,туку и нејзино потполно отфрлање,како што е тоа случај кај Диринг и Бернштајн.Пред да поминеме кон тоа како Јосифовски разгледува некои од наведените прашања,овдека укажуваме ,дека историски разликуваме дијалектика во античката грчка филозофија,потоа дијалектика во германската класична филозофија.Современи облици на дијалектика пак се марксистичката дијалектика,а од останатите најзначајна е дијалектиката која ја разработуваат теоретичарите на научното списание кое излегува под наслов"Дијалектика" од 1947г. во Цирих 59).

Зборот дијалектика се употребува во повеќе значења.Така Јосифовски вели дека таа се сваќа како:

1.Објективен процес кој се одвива според дијалектичките закони(објективна дијалектика);
2.Дијалектичка теорија на развитокот,кој го проучува и го одразува во мислењето и во речта објективниот дијалектички процес(субјективна дијалектика);
3.Методска постапка,како начин на приоѓање кон појавите што ги проучуваме(дијалектички метод);
4.Начин на откривање на вистината во борба наспротивни мислења како филозофски и научен дијалог,во кој слободно и непринудно се изнесуваат спротивни гледишта кои се бранат или напаѓаат,при што на крајот од дијалогот појдовните ставови се дополнуваат , изменуваат или сосема се напуштаат (дијалектичка вештина)-60.

Сега малку ќе се задржиме и на прашањето за потеклото на зборот "дијалектика".Јосифовски наведува дека зборот"дијалектика" произлегува од"dialektike tehne ",овој израз понатаму иде од зборот"dialégomai ",отаде и "dialogos ".Дијалогот,тоа е познато е "разговор на двајца"("говор у двоје",М.Вујаклија,"Лексикон страних

59)Основи марксистичке филозофије,"Рад",Београд,1964,стр.,23.
60)J.Јосифовски,Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата, стр.137.
(Види оппирен осврт во списанијата:"Наше теме",Загреб,1963/9,стр. 1473 од Богдан Шешиќ;Бранко Павловиќ,напомене о дијалектици,исто списание,1963/9,стр.1481;Владимир Филиповиќ,исто списание,година и број).

речи",стр.227).Тука,вели тој,се прашува каков е тоа"разговор на двајца",кој се води на пр;во дијалозите на Платон,кога е познато дека во нив учествувале мнозина и секогаш повеќе од двајца.Оттаму, терминот"dialogos "е и самиот противречен."Како да сочи на разговор воопшто,но она раз ("διά"),кое во изворното"lego ",бирам,одбирам(српско-хрватски),прави овој збор да значи:разбирам,одделувам едно од друго,разликувам едно од друго и во крајна линија двајцата одделуваат секој на своја страна од нешто што е неразделно,нејасно, проблематично;размислувам,разговарам(dialegomai ),се забавува( во смисла убаво го поминувам времето).Но при сé што во коренот на овој збор не е dyo (два),значењето на овој збор(именка или глагол) сочи на процес на раз( од)бирање,лачење,раздвојување на нешто цело."Факт е дека во ова раздвијување на целото учествуваат најмногу двајца,но обично и повеќе.Меѓутоа,при учеството на многумина, се работи за еден ист процес на раздвојување на целото на две полушки за да стане самото тоа цело поразбирливо,посватливо, да се дојде до една посуштествена вистина на него"61.

a/Дијалектиката и сродните филозофски дисциплини и правци во филозофијата

Јосифовски пишува за односот на позитивизмот и неопозитивизмот и дијалектиката, при кое вели дека методот на неопозитивизмот е крајно формалистички.Логичките форми и операции во него се сметаат за наполно бессодржајни,празни.Не само што не се води сметка за материјалната содржина на логичките форми,туку не се води сметка ни за мислите како такви-се поаѓа од извесни знаци , се задаваат извесни правила за оперирање со истите и се определува целиот систем. Отпрво вели тој,се поаѓаше од даденото и логичките форми што оперираа со него"но беа издвоени со бездна", потоа не се водеше сметка за ништо.

61)Ј.Јосифовски,"Некои проблеми на дијалектиката",Билтен бр. 1, стр. 4.

Се доби рационален логички формализам на логичката синтакса,така логиката се претвори во произволна игра.Потоа дека за дијалектиката како општ научен метод,а особено за материјалистичката дијалектика неопозитивистите зборуваат со потценување, а каректеристично е како се однесуваат спрема Хегел.За него Рајхенбах има само зборови за потценување и презир,дека тој од филозофијата направил пред мет за подбивање од кој требада се зардат научниците и дека Хегел ги повторува грешките на еден толку наивен начин(се мисли на грешките на Платон и Кант-Д.Д.) што неговиот систем може да се смета како модел за тоа каква не требада биде филозофијата.

Друга забелешка на неопозитивистите е дека излезна точка на Хегеловата филозофија е историјата, а не науката."Така историјата не била наука!Како потоа да се цени дијалектиката за која историското пријдување кон појавата е суштествено".Дека дијалектиката за Рајхенбах се сведува на "дијалектички закон " на тријадичното движење од теза кон антитеза, а од оваа кон синтеза."Неоспорен е шематизмот на ова движење,но карактеристично е за Рајхенбах,како тој се фаќа само за слабите места кај Хегел,"62.

Јосифовски нагласува дека докажувањето на Рајхенбах дека противречноста била основен логички закон ,говори за потполно неразбирање за предметот за којшто се зборува. Ги наведува зборовите на Рајхенбах дека рационализмот и априоризмот можел да заборави на чистата статистичка природа на законот,како емпиристот знае дека елементот на случајноста не може да биде наполно исклучен од историските настани и дека тој дури ја исклучува можноста да се предвидат( точност основните историски тенденции.На тоа згора Јосифовски ќе додаде:"Да,но емпиристот не знае дека случајноста дијалектички се однесува кон нужноста,дека да се зборува за непредвидливоста дури и на основните историски тенденции е ненаучен индетерминизам на оној што

62)Ј.Јосифовски,"Неопозитивизмот",Култура,Скопје,1959,стр.70.

се плаши пред неминивноста на она штп ја носи со себе иднината на капитализмот" 63. Потоа заклучува дека само загрижениот формалист што расудува единствено со помош на "да" или "не" или субјективистот како Рајхенбах што построи поливалентна логика,но не за откривање на објективната законитост на светот(зашто во тој случај морал да ја признае дијалектиката на поливалентната логика),ами за оправдување на божествената произволност во расудувањето и непредвидливостите,а оттаму и хаосот во светот,можел единствено да дојде до горните заклучоци.

Во книгата"Семантика и семантичка филозофија" Јосифовски укажува дека конкретното решавање на антиномиите кои толку многу болки им задавале на математичарите и логичарите од крајот на 19 век и првата пол.на 20 век,не било можно да се замисли без придонесот на модерната логика и семантиката.Тоа покажува , вели Јосифовски, како таму кајшто тие(модерните логичари од кругот на неопозитивистите) најмногу се критикувани од името на еден догматски поглед на свет и поради која недијалектичка критика за нив не постоеја други изрази освен негативни изјави и навреди,потоа се увидело дека ваквиот однос води кон унижување на науката и на крајот на краиштата злосторство."Зошто дијалектичката критика не значи како што вели Ленин отфрлање од самиот праг,уште не влезени в куќи,туку значи творечка критика што не жалела труд и време детално да го запознае критикуваното гледиште и во него да се издвои позитивното од негативното, позитивното да се развие понатаму.Нашите сопствени гледишта да се исправуваат и уточнуваат во еден корисен дијалог со противниковиот став"64.

При тоа,Јосифовски подвлекува,дека веќе се согледало како семантичката анализа на научните поими,анализа на термините и научни-

63)J.Јосифовски,исто дело, стр.71.

64)J.Јосифовски,"Семантика и семантичка филозофија",Култура,Скопје, 1962,стр.60.

те изрази има"огромна перспектива на плодотворен развиток"65.Јосифовски го изложува и позитивистичкото сваќање за предметот на филозофијата,кое кај нас во Југославија го застапуваа Сима Марковиќ Ќрешиќ и Рихтман,па потоа укажува на односот на позитивизмот и дијалектиката и на крај дава свои ставови и согледувања,во дијалектичка форма на третирање.

Не навлегувајќи во основните ставови на овие тројца мислители,како општо познати,на линија на негирање на филозофијата и нејзината беспредметност,го подвлекуваме ставот на Рихтман т.е.неговото настојување и цел на неговото филозофирање:поврзување на позитивизмот со дијалектиката.Тој тврди дека дури дијалектичкото единство на овие спротивни елементи(позитивистичкиот и релативистичкиот,како што вели тој,односно материјалистичкиот,како што е кај нас марксистите општо прифатено-Ј.Ј.), ја сочинува материјалистичката содржина на научниот метод.Така, вели Јосифовски,се доаѓа до поврзување на две спротивни гледишта,некритички и беспринципиелни зашто позитивизмот во својата суштина е антидијалектички, а дека сето тоа се работи со повикување на Енгелсовите ставови дека од старата филозофија преостанува само формалната логика и дијалектиката.Дека Рихтман направи уште понеостварлив и посмел обид од ревизионистите на чело со Бернштајн(тоа беше обид за поврзување на марксизмот со Кантовата филозофија),марксизмот да го поврзе со неопозитивизмот.

Кантијанците ги отфрлаа и материјализмот и дијалектиката, а Рихтман се обиде да ги поврзе материјализмот и дијалектиката прелиени со сосот на новиот позитивизам.Ваквото јадење се разбира,не може да биде нешто друго освен бесвкусна и несварлива храна"66.

И за ставот на Крешиќ Јосифовски вели дека не е оправдан, бидејќи ако на филозофијата и́ останало"царството на чистата мисла",

65) Г.А. Брутян, теория познания общей семантики, Ервен, 1959, стр. 5.

66) Ј.Јосифовски"Што е марксистичка филозофија",Култура,Скопје,1961, стр.18.

тогаш тоа е нејзиниот предмет, а"мислата е феномен на овој свет релативно зависен од материјалниот свет,како што и материјалниот свет може еднострано да се изрази од мислата".Но претходно требаше да ја дадеме неговата мисла,а таа е дека со издвојување на одделните науки филозофијата останала без предмет,оти едниствено подрачје што и́ останало на самостојната филозофија е"царството на чистата мисла",до колку и таа област се земе како релативно самостојна во однос на материјалниот свет.Но дека и таа област претрпе пак под влијание на позитивните науки темелна коректура:формалната логика доживеа ревизија од корен,дијалектичка интерпретација и надополнување.Откако забележа дека таа констатација не е оправдана,понатаму укажува дека примарноста на материјалниот свет, секундарноста на мислењето не му ја одзема на последново"предметноста", а фактот што логиката претрпе коректура и дијалектичка интерпретација и надополнување,може би не е толку резултат на развитокот на позитивните науки.Познато е како творецот на дијалектиката ,Хегел,ја критикуваше формалната логика и ги има формулирано основните закони на дијалектиката,надвор од развитокот на природните науки и врз идеалистички основи.

За тврдењето пак дека материјалистичката дијалектика спаѓа меѓу науките,кои и́ ја одзеле на филозофијата стварноста како предмет на иследувањето,Јосифовски подвлекува како Крешиќ ќе забележи оти материјалистичката дијалектика не и́ ја одзела на филозофијата стварноста како предмет на иследувањето,туку дека таа-материјалистичката дијалектика и е нејзин предмет. "Од традиционалната филозофија остана само името,термин со кој по некогаш се означува и оваа негација на филозофијата-материјалистичката дијалектика,како што со стрелец и денеска се нарекува ловец или војник,кој никогаш не се служел со стрела"(697).На крајот,вели Јосифовски,тој ја наведува дефиници-

јата на материјалистичката дијалектика или филозофијата како наука, филозофија што станала позитивна наука,општа теорија,при тоа давајќи ја дефиницијата на Енгелс за дијалектиката како "наука за општите закони на движењето и развитокот на природата човековото општество и мислењето"(698).

Откако потсетува дека Иполит сметал дека Маркс бил против филозофијата,по коментарот за тоа,Јосифовски заклучува дека не смееме да одиме по овој пат и да сметаме дека Маркс и Енгелс ја негирале филозофијата воопшто,дека ја претвориле во политичка економија(по тврдењето на Иполит) или во посебна наука како што изнесуваа Сима Марковиќ и Рихтман.При тоа заклучува дека смелите формулации пак на Крешиќ не се за ликвидација на филозофијата на дело,додека на зборови тие тоа го прават,но"зборовите можат да предизвикаат збрка и внесат нејасност.Јосифовски вели:"Фактите зборуваат јасно,не беше Маркс против филозофијата,ами тој беше против филозофијата на неговото време.Тој вистина во неговите трудови зборува за нејзиното укинување, за потребата од негација на филозофијата,но дијалектичката негација не значи голо,празно,нихилистичко негирање,но негирање во смисла на германскиот збор" aufheben ",што значи укинување со задржување, лупење на лушпениот плод на старата филозофија за да се задржи неговата позитивна јатка,која кога ќе се насади на друга почва ќе даде богат род"67.

Во овие заклучни разгледувања Јосифовски вели дека Маркс и Енгелс терминот филозофија го употребувале во втората смисла,каде тој термин ја означува домарксовата филозофија,што само го објаснуваше светот,филозофија одвоена од животот, апстракционистичка и спекулативна.Но кај нив овој термин има пошироко значење,па така само во првата смисла тие се за укинување на филозофијата.

67)Ј.Јосифовски,"Што е марксистичка филозофија",стр.64.

Поврзување на материјализмот и дијалектиката

Филозофијата на марксизмот,додава Јосифовски е дијалектичкиот материјализам,кајшто и едното и другото т.е. дијалектиката и материјализмот мора да бидат слеани во целост и како такви да се иследуваат,укажувајќи како да се зборува само за материјализмот е неправилно(би се попаднало во механицизам),како и да се говори само за дијалектика(би се попаднало во идеализам).Дијалектичкиот материјализам е целина,како што би рекол Ленин излеана од едно парче челик.При тоа.вели тој,дека исто така е неправилно да се инсистира, како што прави Павлов,на другата страна на основното филозофско прашање(на одразувањето во човековата глава на објективната реалност) кога се смета дека меѓу гносеологијата,логиката и дијалектиката се става знак на полна еднаквост,а втората страна на нашето прашање останува и единствена страна.Во тој случај се заклучува дека нема смисла да се зборува дека дијалектиката е објективна,зашто објективната дијалектика се воведува откако сме ѝ дале субјективистичка карактеристика.

Познато е дека во предмарксовиот,стариот(механицистички) материјализам,материјализмот и дијалектиката беа одвоени,зашто материјализмот беше механицистички, а дијалектиката идеалистичка. Додека во марксизмот доаѓа до поврзување на продлабочениот материјализам со дијалектиката,али поставена и развиена врз материјалистички основи,кое го подвлековме и погоре."Станува збор за едно друго поврзување,се разбира не еклектичко,не беспринципиелно,не механицистичко-ами за една творечка синтеза која ќе го содржи сето позитивно што се наоѓа и во двата елемента,синтеза што значи решителен чекор напред на поврзувањето на материјализмот и дијалектиката што ги изврши Маркс.Станува збор за прочуеното ставање на нозе на Хегеловата идеалистичка дијалектика"68.

68)Ј.Јосифовски,"Што е марксистичка филозофија",стр.58.

Но имало марксисти, ќе забележи Јосифовски, кои овие ставови и укажувања ги сметале за недостаток.М.Понти мисли дека материјата не може да биде дијалектичка и како наводно Енгелс многу грешел кога зборувал за дијалектика на природата,дека дијалектичка е само свеста,само во неа има реално движење,менување и развиток,никнување на органските структури и односи. Додека пак Жан Иполит сметал дека дијалектичкиот материјализам бил противречен поим,поставувајќи прашање, како може една монистчка филозофија,каков што е несомнено секој материјализам да биде дијалектички?Јосифовски вели дека тој прашањето не го поставува така јасно како што го поставува белогардеецот Николај Берѓаев,кој смета дека марксизмот тврдел една монструозна логика:обединување на материјализмот и дијалектиката."Ако сакате да бидете материјалист,вие не можете да претендирате да бидете дијалектичар"(мислата подв.од Ј.Ј.,стр.52,исто дело).

За персоналистот и егзистенцијалист Берѓаев материјата значи нешто пасивно ,неподвижно,мртво , а духот е тој што треба да внесе во неа немир,противречност,движење и развиток.Јосифовски за ова подвлекува дека за нас може да биде само показателно како може да оди далеку омразата спрема дијалектичкиот материјализам,когаму се импутираат бесмислици од името на логиката.Бернс Парен,вели Јосифовски, врши критика на дијалектичкиот материјализам во облик на софизам велејќи дека,"бидејќи во суштината дијалогот,дијалектиката очевидно претставува две лица,таа му е значи спротивна на монизмот. Таа го урива во принцип делото на Хегел и Маркс што се засновува врз тој поим.Бидејќи самата дијалектичка,таа не може а да не се потчини на сопствениот дијалектички закон т.е. дека не може, а да не дојде денот кога самата ќе се смета како еден дијалектички момент,на една друга дијалектика која неа би ја содржала"69.Коментирајќи го ваквото размислување,Јосифовски подвлекува,дека тука се бара дијалектика ,

69)Наведен цит.,дело,п.59;според истото дело на Ј.Јосифовски.

која ќе стои над дадената дијалектика,се бара дијалектика ,која од еден принцип ќе скока на друг,од материјализам кон идеализам,од идеализам кон материјализам и дека тоа се приподнесува како дијалектичка дијалектика,непротивречна зашто сдржи противречности,забележувајќи дека таквите глави не можат да сватат дека материјата содржи сили за своето саморазвивање,дека извор на движењето на материјата се противречностите содржани во неа(тие се извор на движење, менување,развивање,извор на нејзината способност да одразува,да осетува и да мисли).За одбележување е и ова негово укажување:"Формалнологичкиот принцип на логичката противречност,применет на дијалектичкиот закон на противречноста би не довел до смешни тврдења-дека противречноста води во противречност,а противречноста на противречноста е непротивречност,противречноста мора во самиот принцип да води во непротивречност!Тоа е смешно",70.

Прашањето за односот на дијалектиката ,логиката и теоријата на познанието

Во врска со ова проблематика Јосифовски го изложува мислењето на Враницки дека денеска била филозофска задача,во прв ред, да се определат филозофските категории на објективната стварност,правилно да се проанализираат, а со која анализа се добивало увид во структурата и односите на природната целост,врските или сверите на стварноста и дека од таа страна се доаѓало до решавање на прашањето за односот на материјалната и духовната стварност,иако задачата не била до крај со тоа решена.Потоа,како проблемот на категориите се дополнува со проблемот на нејзините општи закони, а дека со ова проблематика од двоен вид,наречена онтолошка или објективна дијалектика,се определува предметот на филозофијата.

Јосифовски укажува како Враницки смета дека другата страна на филозофското прашање е логичко-гносеолошката,"која доаѓала до истите резултати со огледа на прашањето на погледот на светот,како

70)J.Јосифовски,"Што е марксистичка филозофија",стр.73.

и онтолошката страна и правеле со неа логичко единство,зашто давала некои нови и нужни моменти за решавање на единствената филозофска проблематика,која не можела да се реши до крај само со онтолошкото становиште.Преостанатата била проблематика на одделните науки ...Тој инсистира на создавање на една онтологија или објективна дијалектика,која ќе го даде клучот за решавање на основното филозофско прашање и ќе овозможи правилно да се разбере гносеологијата и логиката"71.

Се повикуваме на мислата на Енгелс за објективната дијалектика,која владее во сета природа и субјективна дијалектика,дијалектика на мислењето,која е само одраз на сеопштото движење во природата преку спротивностите и укажувањето во "Лудвиг Фоербах" дека "дијалектиката е сведена на наука за општите законитости на движењето како на надворешниот свет,така и на човечкото мислење:два реда закони,кои на дело се едни и исти"72.Јосифовски најнапред вели дека со тоа се согласува и Враницки,кога вели дека со втората страна на филозофското прашање доаѓаме до исти резултати како и со првата т.е. гносеологијата и онтологијата даваат исти резултати, па прашува:Зошто Енгелс зборувајќи за предметот на филозофијата потцртуваше дека во иднина на филозофијата ѝ останува да се занимава со"царството на мислите",со логиката и дијалектиката, а не со категориите на битието,како го сакаше тоа Враницки?

На прашањето одговара со фактот дека не го е тоа случајно направил Енгелс,но затоа што имал предвид дека онтологијата беше метафизичка наука,во смисла каква ѝ даваше на метафизиката Волф и другите предкантовски филозофи идеалисти и дуалисти."За марксистите не постојат ствари по себе што не можат принципиелно да станат ствари за нас,не постојат региони на стварноста кои се недостапни за науката...Да се зборува за некој нов вид на метафизика или онтологија,би зна-

71)Ј.Јосифовски,исто дело, стр.45.
72)Ф.Енгелс-"Лудвиг Фоербах",Култура,Београд,1947,стр.41.

чело враќање на предкантовски позиции.Сето она што може да се знае за стварноста им е достапно на одделните науки"73).Интересно е неговото укажување дека анлизата на стварноста е анализа со помош на мислењето,кое е човечко мислење,со средства и методи на мислењето, дека човечкото мислење може да мисли за природата,општеството и човекот, а најпосле и за самото себе.Јосифовски,укажувајќи дека мислењето и себе си може да се мисли и за својот однос кон стварноста, која тоа ја мисли,одразува("мнозина кај нас мислат дека терминот "одраз" не задоволува ако на него се применат построги и подијалектички мерила и со тоа прават збрка,свесно или несвесно,заборавајќи дека Ленин ни го покажа патот на примена на дијалектиката на теоријата на одразувањето"-J.J.),заклучува дека кога вака се поставуваат работите,ние го избегниваме оној од во бесконечност кој би бил нужен ако се усвои дека филозофијата е "метатеорија", теорија на теорија на науките или дури на научниот јазик.Тоа доаѓа оттаму што секоја метатеорија би го барала своето објаснување(објаснување на своите поими,закони, правила),кај некоја друга,ова пак во друга повисока метатеорија,со кое би се отишло во скептицизам и познатата беспомошност во која западнал Кант.

Во врска со односот на логиката , дијалектиката и теоријата на познанието Јосифовски го наведува ставот на Сима Марковиќ, кој смета дека теоријата на познанието може како наука за процесот на познанието да се раствара "во психологија,логика и дијалектика" (17),бидејќи логиката е наука за мислењето:таа ги проучува елементите со кои оперира мислењето и облиците во кои таа се јавува,при тоа додавајќи како"овдека е направена збрка.Ленин како што е познато зборува за единство на логиката ,дијалектиката и теоријата на познанието,но да се раствара гносеологијата во психологија,логика и дијалектика,да се зборува за логика како наука за елементите и фор-

73)J.Јосифовски,"Што е марксистичка филозофија", стр.49.

мите на мислењето,а за дијалектиката како наука за општите закони на мислењето,значи да не се води сметка за елементарните вистини на марксизмот"74.Марксистичката теорија на познанието се изградува врз основа на материјалистичката дијалектика,затоа и таа често се изедначува со дијалектиката,како што е познато,Ленин вели дека логиката,дијалектиката и теоријата на познанието било едно исто,дека не треба да се употребуваат три збора."Меѓутоа ние сметаме дека теоријата на познанието и дијалектиката,иако меѓу нив можат да се најдат заеднички својства,не се совпаѓаат наполно.Додека дијалектиката важи за светот во сите негови форми на пројавување и сите негови односи,теоријата на познанието ги применува или подобро ги открива дијалектичките закони на една специјална област,која иако дел од светот сепак се разликува од другите негови делови"75.

Јосифовски укажува дека предмет на марксистичката теорија на познанието е да проникне во процесот на познанието,неговите законитости,да ги проучи неговите форми и односи од позициите на дијалектичкиот материјализам,но заедно со тоа таа ја одбележува специфичноста на субјектот,кој не се сваќа само како нешто што го одразува објектот како во огледало,туку и самиот е активен,дејствен. Тоа значи тој како практични суштество го менува објектот и со тоа се менува и себе си,продирајќи така сѐ подлабоко во стварноста,но и сѐ поточно и подлабоко се запознава себе си.

За теоријата на одразот тој ќе каже дека дијалектиката не го отфрла ова становиште како безвредно и штетно зглупување,но дијалектички го укинува вклучивајќи го во едно поцелосно учење,кајшто одразот,сликата е само момент во целината,која му дава смисла и оправдување."Внесувајќи дијалектика во теоријата на познанието,поточно покажувајќи го процесот на познанието како дијалектички процес,марксистичката теорија на познанието го сваќа него во неговата вистинитост и дејственост...Познавајќи го предметот,тој го одразу-

74)Ј.Јосифовски,"Што е марксистичка филозофија", стр.15.
75)Ј.Јосифовски,"Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата",стр.155.

ва во неговата природна и човечка димензија ,онаков каков што е создаден и предвидува каков тој ќе биде,какви можности за реализација во себе крие со што поттикнува кон понатамошни зафати и практични остварувања,понатамошни преобразувања на стварноста"76.Гледаме како во врска со прашањето за односот на логиката,дијалектиката и теоријата на познанието се поставуваат повеќе прашања.Во таа смисла Зајечарановиќ вели дека за дијалектиката се постоеле не само изневерувања и едностраности,но наоѓаме исто така и стремежи за нејзино потполно отфрлање,потоа како често се сваќа дека дијалектиката е спротивна на логиката("а под логика се сваќа формалната логика"), па во таа смисла многу мислители се биле на помисла дека дијалектиката ја има изгубено битката т.е.дека таа е непотребна,ненаучна, ирационална,мистична,кое овозможува експанзија на позитивизмот(такви примери,за таков однос,веќе дадовме-Д.Д.)

Значи,смислата на ова укажување,на кое патем се повикавме е дека логиката со своите правила и закони е еден од битните услови за научното мислење,која во облик на современата симболичка логика постигнува голем успех,води кон крајност да таа спротивноста помеѓу логиката и дијалектиката се сваќа како неугодно и неповолно за дијалектиката"77.Тука е поставено прашањето:дали е точно дека дијалектиката е преостаток на "логиката на здравиот разум" и карикатура на вистинската логика како ја сваќал Диринг или е точно дека дијалектиката е логика на движење и процеси, а оттаму и логика на противречности(објективните спротивности,нивниот развој и судири, разрешување),па оттаму заклучокот како формалната логика и мислењето по нејзините правила е само посебен случај на дијалектиката и дијалектичкото мислење,како мислел Плеханов.

Како дијалектиката ,така и логиката е постојана преокупација на Јосифовски,па оттаму тој за таа проблематика има напишано

76)Ј.Јосифовски,исто дело, стр.157.
77)Г.Зајечарановиќ-Дијалектиката како марксистичка методологија, "Градина",Ниш,1980/9,стр.72.

доста осврти и постигнати резултати.Ставот на Јосифовски е дека дијалектичкиот и формалнологичкиот пристап не треба да се идентификуваат или да се отфрлат едниот за сметка на другиот,како што прават некои мислители.Дека дијалектиката не може да ја замени формалната логика и обратно,тие се две науки со различни предмети.При тоа, тој укажува на фактот дека и во дијалектичката теорија треба и мора да се води сметка за дијалектичките закони:еден дијалектички закон е идентичен на себе си,непротивречен и во таа смисла не можеме да тврдиме дека тој важи и не важи и.т.н.

Тој укажува дека и формалната логика се покажува дијалектична,бидејќи во својата јатка содржи нерешливи искази т.е. искази за кои таа самата не може да каже дали се вистинити или лажни,дури во неа се јавуваат амтиномии.Само ,вели Јосифовски,треба да се внимава формалната логика да не ја"дијалектизираме" на вулгарен начин,да не се дијалектизираат грубо нејзините форми и законитости. "Што се однесува -вели Јосифовски-до формалната логика,нејзиното дијалектичко надополнување(не поправки на идеалистички извртувања -тие се нужни) е залудна работа,зашто таа може да си остане формална и да биде опфатена со вишата логика-дијалектиката"78.При тоа заклучува дека лошо би поминала нижата математика ако би ѝ ги наметнувала резултатите на математичката анализа и воопшто на вишата математика,која тогаш не само што не би била виша математика,ами не би била повеќе ни нижа математика,сосема не би била никаква математика.

78)J.Јосифовски,"Што е марксистичка филозофија", стр.21.

# V.КОНТРОВЕРЗИТЕ ОКОЛУ ДИЈАЛЕКТИКАТА НА ПРИРОДАТА

Дали може да се изразува сомнение во дијалектиката на природата? Пред да поминеме на третирањето на оваа проблематика од Ј.Јосифовски,најнапред ќе дадеме краток осврт во врска со проблемот на дијалектиката во современата југословенска марксистичка филозофија,со посебен акцент за дијалектиката на природата.Милоје Петровиќ во својот осврт под наслов"Проблем дијалектике у савременој југословенској марксистичкој филозофији",најнапред зборува за периодите во развој на југословенската марксистичка филозофија при кое укажува дека главно по ослободувањето постојат три периода и тоа:прв период од ослободувањето до 1950,втор од 1950 до 1960 и трет период после 1960. Во првиот период по ослободувањето ,вели тој,југословенските филозофи марксисти едноставно ги усвојуваат Енгелсовите и Лениновите одредби за дијалектиката во официјалната советска верзија.Во вториот период југословенските филозофи се ослободуваат од Сталиновите "црти" на дијалектиката,ослонувајќи се при тоа на Енгелсовите и Лениновите текстови и повикувајќи се на нивните дијалектички одредби како изворни и единствено марксистички".

Петровиќ вели:"Во овој период една мала група југословенски филозофи собрани околу катедрата за филозофија во Загреб,покрај почитувањето на Енгелс и Ленин се́ повеќе се ослонува на текстовите на младиот Маркс,постепено уверувајќи се дека смислата на овие текстови не е идентична со ставовите на Енгелс и Ленин за дијалектиката... Така ,на Бледското советување 1960г. доаѓа до остра критика на Енгелсовите и Лениновите одредби за дијалектиката и конечен раскид со дијалектиката на природата"80.Милоје Петровиќ подвлекува дека во третиот период доаѓа до диференцијација на југословенските филозофи на тн.ортодоксни"марксисти и "тн.хуманисти,кајшто предмет на распра-

80)Милоје Петровиќ-Проблем дијалектике у савременој југословенској марксистичкој филозофији,"Погледи",мај,1972/5, Сараево, стр.605.

вата е "остра и јетка",принципиелна критика на тн.хуманисти на Енгелсовите и Ленинови ставови за дијалектиката,но не помалку принципиелна и општа одбрана на тие ставови од"ортодоксните" марксисти. Тој во осврtот укажува и на тоа дека полемиката на овие две ориентации трае до 1965г.,после кое"дијалогот помеѓу овие две ориентации не е бил можен(не само за дијалектиката,но и за други филозофски прашања)на филозофско ниво и во принципиелна форма,бидејќи разликите помеѓу нив се такви и толку големи да би заедничка дебата за тие проблеми претставувала повеќе разговор на глуви и конфузија на различни погледи на исти проблеми"80.

Во 1965г. во Опатија е водена расправа помеѓу некои претставници на овие две ориентации(за дијалектиката),на собир"Маркс и современост",која има оставено впечаток на заеднички дијалози на спротивни ориентации и воедно отварање пат,како укажува Петровиќ,на нивно самостојно,тематско,проблемско и филозофско промислување на светот.Петровиќ укажува дека темелот на диференцијацијата на југословенските филозофи на овие две ориентации е положен на Бледскиот собир со соопштението на Милан Кангрга,Гајо Петровиќ и М.Марковиќ од една страна и од друга соопштенијата на А.Стојковиќ и Вељко Кораќ.Енгелсовото класично сваќање,како укажува Петровиќ,го браннеле покрај Вуко Павичевиќ,Андрија Стојковиќ,Душан Недељковиќ,Божидар Дебењак,Вељко Кораќ и др.,при кое нагласува дека кај југословенските филозофи давани се различни дефиниции за дијалектиката,но на сето тоа ние немаме време да се задржуваме детално.

Против дијалектиката на природата се се изјаснувале повеќе југословенски филозофи,од кои Перовиќ посебно ги наведува следните: М.Кангрга,Г.Петровиќ,Д.Пејовиќ,Б.Павловиќ,М.Животиќ,А.Пажанин и др. Во врска со прашањето за дијалектиката на природата Петровиќ вели дека на собирот во Опатија 1965г. низа југословенски филозофи се нас-

тојувале со аргументи да ја бранат тезата за постоење на дијалектика на природата,како:Драгутин Лековиќ,Душан Недељковиќ,В.Рус, А.Стојковиќ,Ј.Јосифовски,Михајло Николиќ,Глигорија Зајечарановиќ, Б.Петровиќ и др.Тие наведувале разни аргументи,но при тоа кај нив се присутни заеднички елементи."Тие се изразувале уверување-вели Петровиќ-дека Марксовиот текст во кој се изразува тврдењето дека природата земена вон од човекот за човекот е ништо е воглавном Марксов цитат од Хегела,а дека на тој цитат се засновува негацијата на дија лектиката во природата и наводно Марксово одбивање на дијалектиката на природата"81.Тие се докажувале едностраност на редукцијата на дијалектиката на историјата,повикувајќи се на природно-научни аргументи за одбрана на  Енгелсовите и Ленинови концепции за дијалектика на природата и секој од нив навистина настојува на филозофски начин да го искористи сето она што на тоа ниво може денеска да се искористи во прилог и корист надијалектиката на природата.

Овдека,во случајов споменуваме само некои претставници,на пр;Зајечарановиќ наведува три аргументи во прилог на дијалектиката на природата од кои најважен е  првиот, со кој сака да покаже како благодарение на тоа што природата е дијалектички структурирана можна е дијалектичка структурираност на човековата практика,како и нејзино менување,па дека према тоа дијалектиката на природата е претпоставка на дијалектиката на практиката.Драгутин Лековиќ дијалектиката на природата ја сваќа како дијалектика на природната историја,значи дијалектика во која е вклучен човекот и дека тој ја напушта концепцијата на дијалектика на природата како дијалектика на природата по себе.Со тоа ,вели Петровиќ,тој не го следи Енгелс и дека никако не ја дели Марксовата концепција за дијалектика на природата како хуманизирана природа.Понатаму тој ќе каже дека дијалектиката на природата е "дијалектика на самите природни процеси,дијалектика на структу-

81)М.Петровиќ,исто дело,стр.618.

рата на материјата како супстанција на природата,дијалектика на начинот на нејзиното настанување,диференцирање на нејзиниот развиток"82.Исто така карактеристичко е и неговото разликување на типови на дијалектиката,сметајќи дека секоја структура е структурирана на дијалектички начин.И Михајло Николиќ зборува за типологии на дијалектиката,подвлекувајќи дека"дијалектиката не може да се поистовети со дијалектика на природата,од кое не следува дека во природата и во сознанието на природата нема дијалектика"83.Војан Рус,укажува Петривиќ,смета дека дијалектиката на природата е нешто што секогаш останува вон ставање во прашање во било која марксистичка дискусија.Дијалектиката на природата е само еден тип на дијалектика, покрај дијалектиката на историјата и општата дијалектика,која нив ги спојува,а која тој ја дефинира како"мост меѓу природните науки и филозофијата"84.

Шешиќ вели дека дијалектиката на природата е основа на дијалектиката на човековиот свет,нејзина претпоставка,за кое наведува повеќе аргументи,но како вели Петровиќ,најважен е оној во однос на тврдењето дека дијалектиката на човековата практика е втемелена на дијалектиката на светот.Владимир Филиповиќ пак тврди дека за Маркс дијалектиката има методолошко значење-"дијалектика како карактеристика на сознајната свера"85,која секогаш се конституира во облик на прашањата да или не.Таа според него е метод на сознанието,но и структура на историјата,но и на збиднувањата на егзистенцијата. Според него дијалектиката на природата во основа претставува метафизика и дека само во таа смисла може за неа да се зборува,

Враницки пак не се сложува со стеснување на дијалектиката само наопределена област"регија",бидејќи секоја структура си има

82)Драгутин Лековиќ,"Дијалектика природе и дијалектика човекове праксе,"Маркс и савременост",3,цит.,изд.,377( соопштенија и дискусии објавени во книгата"Маркс и савременост",3,1966, Београд).

83)Михајло Николиќ,Дискусија,"Маркс и савременост",3,цит.,изд.,стр. 605.

84)Војан Рус,"Маркс и савременост",3,цит.,изд.,стр.606.

85)Владимир Филиповиќ-Прилог расправа о дијалектици,"Наше теме",цит изд.,стр.1470-1450.

своја сопствена дијалектичка специфичност и "дијалектиката не е ништо,но една универзална концепција"86.Петровиќ ќе каже дека Враницки никаде не зборува за дијалектика на природата по себе,но проблемот на дијалектиката на природата секогаш го поставува како прашање на дијалектички историски сватена природа,но дека подоцна останал недоследен во однос на прашањето на дијалектиката на природата.За Андрија Стојковиќ по укажувањето на Петровиќ,прашањето за дијалектиката на природата се поставува како прашање на структурираноста на природата по себе и дека тој аподиктички тврди како "негативен одговор на ова прашање...не можат да прифатат математичарите, природнонаучниците,како и еден дел на наши филозофи"87.

Ќе наведеме само некои претставници на југословенските филозофи кои негираат постоење на дијалектика на природата.Се ограничуваме само на двајца поради тесниот простор и карактерот на темата. Милан Кангрга на пр; вели:"Дијалектиката не е самодвижење...но самодејност на историскиот човек"88,за да при тоа изнесе тврдење дека единствено таму кајшто се случува човековата историја се случува и дијалектиката,која ја нема вон од ова историска дејност.Петровиќ ќе каже дека Кангрга успева да покаже дека Марксовиот материјализам не се темелел на категоријата материја,но на категоријата практика и дека затоа Маркс не наоѓа едонство на светот во неговата материјалност како Енгелс,но во практиката"кое по своето определување ја надминува Енгелсовата инволуција на природата и историјата,објективна и субјективна дијалектика".

Според Г.Петровиќ,ќе додаде Петровиќ,"она што се Енгелс и Ленин пишувале за дијалектиката на природата не е во согласност со

86)Предраг Враницки,Дискусија,"Маркс и современост",3,цит.,изд.,стр. 598.

87)Андрија Стојковиќ,"Маркс и современост",3,цит.,изд.,стр.548.

88)Милан Кангрга-Некои проблеми на теоријата на одразот,реферати и дискусије на IV стручен состанок во Блед,10-11 ноември,1960, стр.33-41.

Марксовата концепција на човекот како творечко битие на стварноста т.е. на практиката"89 и дека според него идејата на неумните општи закони како основна идеја на дијалектиката,сватена на Енгелсов и Ленинов начин не може да се помири со Марксовото сваќање за човекот како слободно творечко битие,зашто ако тезата за неумните дијалектички закони е точна тогаш човекот не е слободно творечко битие.Милоје Петровиќ укажува на крајот на следното:дека југословенските контроверзи за дијалектиката и дијалектиката на природата се движат во смислата и хоризонтот на дијалог за дијалектиката и дијалектиката на природата,кое е карактеристично и за тековите на современиот марксизам;дека тие не се прост ехо на тие контроверзи и дека сомнение за дијалектиката на природата југословенските филозофи со хуманистичка ориентација се изразувале и пред познатите нејзини нови оспорувања од Сартр и многу други филозофи со хуманистичка ориентација.

"Навистина југословенските филозофи не се отвориле криза за дијалектиката на природата во марксизмот,неа ја има отворено Лукач заедно со Корш,но југословенските филозофи со хуманистичка ориентација со нивните идеи дале целосна смисла и заокружен облик отфрлајќи го доста радикално,консеквентно и неотповикливо дијалектичкиот материјализам како материјалистичка метафизика.Оние филозофи кои се настојувале со аргументи,покрај Лукач,Корш ,па и Сартр,да ја оспорат дијалектиката на природата по себе,би рекол не се изгледа до крај совладале едно позитивистичко сваќање на дијалектиката,создавајќи своја концепција на дијалектиката во оквир на модерната теорија и методологија на науките"90.Петровиќ уште укажува дека"ако дијалектиката на природата во Енгелсовата верзија е изгубила секаков кредит кај југословенските филозофи со хуманистичка ориентација,сепак таа е останала како најдлабоко филозофско уверување на не мал број југословенски филозофи "ортодокси",дека низвата верзија на

89)Г.Петровиќ,Марксова филозофија,Прахис,Загреб,II/1965,бр.4-5,стр. 611.
90)Милоје Петровиќ,"Проблем дијалектике у савременој југословенској марксистичкој филозофији,"Преглед",стр. 623.

дијалектика на природата може само да се илустрира,но не и да се продлабочува.За овој осврт на Петровиќ чувствуваме потреба овдека да подвлечеме дека ако поимот"ортодоксен" често се употребува како синоним за догматик,тогаш се чини оти прашањето е дека сите филозофи кои се наброени,како филозофи-"ортодокси",не можат да се сватат како догматичари.Ј.Јосифовски на поставеното прашање(дали може да се изразува сомнение во дијалектиката на природата ),како вели Петровиќ одговара негативно,бидејќи"дијалектиката владее не само во областа на мислењето како што е тврдел Хегел,но...таа доаѓа до свој полн израз и во природата и во општеството и дека како еден од аргументите кои тој ги наведува е оној кој укажува на дијалектичката законитост како претпоставка и можност на човековата целесообразна активност,кое не би можело да биде ако не ѝ претходи една законитост во природата "91.

Но да го оставиме Јосифовски во својот осврт"Дали може да се изразува сомнение во дијалектиката на природата",сам да се позабави со оваа проблематика,се разбира и не само тој осврт. Впуштајќи се во анализа на прочуената полемика за дијалектиката на природата, водена помеѓу Роже Гароди и Жан Виже од една страна и Сартр и Жан Вал од друга,тој се труди да ги истакне сите значајни аргументи во прилог на неодржливоста на Сартровата негација на дијалектиката на природата,но при тоа и самиот признавајќи дека дијалектиката на природата уште не е изградена во она смисла како што имаме дијалектика на мислењето(Хегел) и дијалектика на Капиталот(Маркс ).

Јосифовски вели дека пред извесно време француските марксисти и егзистенцијалисти се воделе еден интересен дијалог на тема: дали дијалектиката е само закон на историјата или е и закон на природата?Ги наведува аргументите на двете конфронтирани страни,па по-

91)М.Петровиќ,исто дело, стр.622.

тоа дава свои сопствени согледувања и заклучоци.За Сартр вели дека тој инсистира како дијалектиката се манифестира најнапред како дијалектика на историјата,како закон на развиток на историската реалност и закон на развитокот на сознанието.Потоа дека за него цантрална категорија на дијалектиката е поимот тоталитет,кој бара да се сватат човекот и природниот феномен во нераскинлива врска.Сартр вели дека за биолошките индивидуи и за историјата може да се каже дека се тоталитет,за природата тоа не може да се каже зашто е бесконечна,додека дијалектиката на општеството произлегува од фактот што општеството е тоталитет.Природата бидејќи бесконечна нема единственост,негација на негацијата дава спрема Сартр неопределен резултат,а ништо позитивно.Јосифовски го наведува натамошното објаснување на Сартр.

Дека е очигледно како антагонизмот на општествените сили е поинаков од антагонизмот на хемиските и физичките сили.Во историјата секоја група не само што ја исклучува другата,но таа и најдлабоко се структурира од другата,додека физичките сили кои дејствуваат една на друга можат да бидат спротивни но не се структурираат меѓу себе па затоа вели Сартр кај нив може да се говори само за негација по аналогија.Оттука Сартр заклучува дека дијалектиката е само човечка дејност и дека постои граница на дијалектичката интерпретација.Тој наведува аргумантација дека човековиот свет е оној кој ние го создаваме и кој нас нé создава,па затоа кога тој ќе се напушти се паѓа во плен на аналогија,априорни шеми, а оттаму и теологија.Јосифовски го наведува неговиот став дека да се претпостави дијалектика на природата во борба против теологијата,значело запаѓање на марксистите во клопка на теологијата.Само бог би можел,вели Сартр да знае дали постои закон на природата и само тој би можел неа да ја создаде.

Значи,според Сартр нема дијалектика на природата , а ако се признае тогаш само може да се очекува во природата да се откриваат

слаби, нејасни, кржљави форми на дијалектички процеси и малку напреднати. Краен заклучок му е дека не треба да се брза, но дека треба да се застане на границата на човековото општество, кое е и граница на дијалектиката. Во својот одговор, како укажува Јосифовски, Р. Гароди укажува дека структурата на движењето на стварноста е таква да само дијалектичко мислење ги чини феномените разбирливи и погодни за управување. Значи дека и објектот на нашето делување има исто така определена структура, која е дијалектичка и дека и во природата постои тоталитет што важи и за историјата, па дека не е оправдана бојазноста дека со прифаќање на дијалектиката на природата, ќе значи воедно сваќање дека човечката историја е само привезок на една многу поширока историја на природата.

Според Гароди, подвелекува Јосифовски, ако природата по себе се зафаќа со практиката на човекот, тогаш човекот или не може ништо да каже за тоа на што се однесува неговата дејност, паѓајќи во агностицизам или пак постои структура која ја открива науката, а дека за тоа дали таа структура е дијалектичка можат да одговорат само науките. Дека самиот објект на истражувањето го приморува научникот да ја напушти старата логика и да прибегнува кон нова логика - дијалектика, а со признавање на дијалектиката не се укинува специфичноста на одделните науки.

"Кога се каже дека постои дијалектика на природата-смета Гароди- значи дека се смета оти структурата и движењето се реалност и такви, што само една дијалектичка мисла ни ја прави сватлива и ја прави подложна на нашата дејност "92. Значајни се уште некои ставови на Гароди на кои обрнува внимание Јосифовски: дека Сартр признава дека има тоталитет и негација кај живите организми т.е. во "пред-човечко-

92) J. Јосифовски - Дали се може сумњати у дијалектику природе, "Маркс и савременост", Београд, 1966, стр. 362.

то и не човечкото", а тоа значи дека Сартр застанал на половина пат кога не признава тоталитет и негација и во останатата природа;дека дијалектиката на природата е предисторија на дијалектиката на човекот и дека препораката на Сартр да се чека на дефинитивен одговор на прашањето дали има дијалектика на природата, Гароди не го прифаќа, тргнувајќи од мотивацијата дека материјализмот не се состои од решавањето туку од поставувањето на проблемот. Јосифовски ги наведува и ставовите на Жан Иполит, кој изразува сомнение во дијалектиката на природата, поставувајќи прашање: не претставува ли опасност на определен начин од историзирање на природата и натурализирање на историјата и дека да се бара дијалектика на природата значи да се изгуби автентичноста и изворноста на човековата историја. "И Сартр и Иполит стануваат против шематизација и претварање на дијалектиката во збир од црти, страни, правила, закони, принципи. Тие го нагласуваат креативниот момент на дијалектиката: членовите на дијалектичката релација не се само структурите, но тие со својата структурираност вршат на структурата на својот дијалектички партнер влијание и со тоа се врзани судбински, не можат да се замислат еден без друг. Дијалектиката спрема нив е спротивна на сé она што е изградено, завршено еднаш за секогаш дадено, извесно и сигурно" 93.

Да видиме на кои ставови тој укажува кај Жан Пјер Виже? Подвлечено е пред сé укажувањето на Виже дека дијалектичкиот материјализам не е само барање на историска тотализација, но дека тој пред сé произлегува од науката. Потоа дека постојат разни нивои и области кои се однесуваат како тоталитети и секоја област има своја дијалектика и оти тргнувајќи од попростите и одејќи кон посложените и дијалектиката постанува посложена. Природата е бесконечен тоталитет и каква и да е област, проблемот кој се поставуваза познанието е еден: треба да се свати длабоката природа на движењето на стварите, не во термини-

93) J. Јосифовски, исто дело, стр. 363.

те на длабоките знатрешни нужности, на кои законите се сведуваат на својства на предметите и нивната динамика на движење.

- На кои моменти во врска со оваа расправа Јосифовски укажува?

Тој вели дека егзистенцијалистите инсистираат на креативноста на човекот, неговата слобода во моделирање на можностите на материјата која сама по себе за човекот нема никаква смисла и значење, а марксистите во оваа дискусија обрнуваат внимание на објективноста на природата, нејзината независност од човекот и човештвото и можностите таа да се развива од самата себе и без човекот. Потоа, додека за егзистенцијалистите во центар на вниманието е човековата слобода и бригата за неа и настојувањето таа да се сочува од опасностите на кои е изложена во современиот свет-марксистите тргнуваат од науката, настојуваат да создадат научен поглед на светот, да го разберат светот онаков каков е без мешање на надворешни и за него фантастични сили, а човекот да го сватат како дел на природата, како едно суштество помеѓу останатите кое не е толку специфично за своето објаснување за да бара натприродна интервенција.

Јосифовски вели дека примерот кај Виже го дава е несреќно избран и "може да ја наметнува мислата на Ипполитовото стравување и дека мислата од барање на дијалектика на природата води кон своевидна теологија, ризикува да на местото на дотринираниот бог, од човекот направи бог, своевиден бог-човек, творец и законодавец на природата" 94, дека догматизмот и апологетиката не произлегуваат од дијалектиката на природата иако тоа може да изгледа. "Дијалектиката на природата и не е целосно конституирано и заокружено учење, таа е полна со празнини и едностраности кое е послужило како момент за нејзиното искривување, догматизирање, неразбирање, до нејзиното презирање и деградирање во слугинка на политиката или науката" 95.

94) Ј. Јосифовски, исто дело, стр.364.
95) Ј. Јосифовски, исто, стр. 365.

Тој вели дека не е уште расветлен проблемот на нужноста и случајноста, нужноста и слободата, можноста и стварноста, дека е занемарен човекот и се потценува неговата улога, се заборава на неговата специфичност, персоналност-на тоа дека неговата суштина е во слободна своречка дејност. Тој да може да да избира меѓу повеќе можности и дека тој не ствара од ништо, без знаење, не ствара совршено случајно, иако случајноста кај него игра голема улога, дури поголема отколку во природата. Го наведува ставот дека оние кои порекнуваат дијалектика на природата се во една безизлезна ситуација, при кое поставува прашање: "може ли бескрајното да се исцрпе со крајното, може ли да се исцрпе океан со чаша". Тој подвлекува дека тоа е тажна слика-бескрајното го потиска слабиот и уморен од зачестени обиди човек, а неговата намера да внесе ред и смисла во она што по себе е без смисла и ред, се засновува на кршка база, а "единствено што може на човекот да му се препорача е: "слабо суштество иако те е уморот потиснал, иако без нада и без изглед на успех полни го бурето без дно, та ти си затоа баш човек зашто од бесмисленото треба да направиш смислено, од нелогичноста логика (оваа логика е сметам логика на нелогичност и затоа негација на логиката-Ј.Ј.) "96.

Тој понатаму вели дека ние кои во согласност со практиката се уверивме на постоење на закони на светот и тоа дијалектички закони, врз основа на тие познавања се менува светот во склад со плановите и можностите, не можеме да се сложиме со гледиштето за негирање на дијалектика на природата, не зависно што таквите сваќања доаѓаат често како противдејство на тенденцијата за втопување на човекот во безличност и фаталност на општото, тенденција на деперсонализација и инструментализација на човекот, тенденција на занемарување на човечноста и паѓање во заборав на самиот себе си. Тој вели дека во

96) Ј. Јосифовски, исто дело, стр. 365-366.

еден свет без законитост не би можело ништо да се предвидува, да се планира, не би можело да се дејствува во склад со однапред поставените цели зошто во хаосот нема за што да се фатиме, "сé би се тргнало, пред да биде фатено". Природниот закон е она што е општо и повторливо кај предметите и појавите, она што е нужно и што покажува општа тенденција.

Дијалектиката на природните закони, ќе подвелече потоа, укажува и на поединечностите и посебностите, неповторливото, она што е случајно, моментално, но во однос на спротивната страна, релација да се прашува кој ја ставил законитоста во светот е бесмислица, како кога би се прашувале кој го има создадено светот. "Човекот не ја создава законитоста, но со сознавање на законите на природата и човечкиот свет, тој ќе може да го менува, може да ги комбинира дејствијата на тие законитости, да ги засилува или слаби, во тоа да успева повеќе или помалку. Тој создава човечки свет кој не е секогаш наполно човечки, но може да биде се повеќе "97. Јосифовски ќе рече дека Сартр и Иполит не негираат постоење на закони во светот, но тие одрекнуваат дека тие закони се одвиваат дијалектички, а дека основно во нивните аргументи е човековата специфика, неговата смисла да проектира, да создава према свои замисли и способности наспороти на природата која создава по принуда.

Го наведува нивното предупредување од можноста за натурализација на општеството и третирање на човекот,на неговата индивидуалност,на начин како се третира мртов во заедница на мравки, кај што сето однесување се врши во согласност со непроменливите закони на својата биолошка врста или пак како што се третира членот на примитивната заедница, кајшто индивидуата е поврзана со заедницата со папчена врвца.

Јосифовски дава вредно објаснување дека современиот човек се разликува од биолошките индивидуалности и членовите на примитивната заедни-

97) Ј.Јосифовски, исто дело, стр. 366.

ца по тоа што тој претставува реалност вредност по себе си-личност, нешто самостојно, оригинално, неповторливо. Дека натурализацијата на општеството денеска е опасност, но принципот кој се наведе погоре, дека човекот е онаа вредност од чие гледиште ќе се проценуваат тие акции и потфати на општеството е баш тоа што треба да нé сочува од таа опасност. "Постои реална опасност од шематизирање на дијалектиката и нејзино претварање до ниво на папагалска фраза, која се повторува без смисла на разбирање. Сартр и Иполит скренуваат внимание на таа реална опасност, натурализација на историската дијалектика, нејзино сведување во шеми, калупи, во сива досада која е секогаш готова да се повтори на ист глас, со исти зборови, да се претвори во рѓава бесконечност и нероткиња без рода и порода "98. Велејќи понатаму дека" и кај нас и околу нас постојано се сретнуваме со сивило и повторување и преповторување на црти и страни и давање на примери со кои може да се докаже се и сешто" т.е. и дека има и дека нема дијалектика на природата, подвлекува дека не примери,но историската наука треба да служи за проверување на дијалектиката. Како што Маркс го е открил иманентниот закон на капиталистичкото движење, дијалектиката на капиталот, а Хегел тргнувајќи од наједноставниот поим за битието ја открил дијалектиката на мислењето, таков потфат е потребен и во областа на природните науки.

Јосифовски вели дека тој не е остварен во природните науки и сé додека не се оствари, ќе биде можно да се изразува сомнение дали воопшто може да се оствари. Со право тој прашува: Дали е можен еден Маркс во природните науки? Одговара дека е можен, но дека неговото убедување ќе остане како убедување со определена веројатност, без 100% сигурност, (тоа ќе содржи ризик да не се оствари, сé додека не се оствари). Тој вели дека не само што немаме дијалектика на

98) Ј.Јосифовски, исто дело, стр. 366.

природата воопшто,но немаме ни дијалектика на физиката,хемијата,биологијата и др.,при тоа прави упоредба велејќи дека Дарвин може да се споредува со Маркс но дарвинизмот не може да се нарече дијалектика на биологијата во смисла како што "Капиталот" може да се нарече дијалектика на капиталот.Поставува и други прашања:Дали е причина што Енгелс не ни остави дијалектика на природата неговата презафатеност во издавање на II и III том на "Капиталот" (зашто тој е сјајно владејал со дијалектичкиот метод на Маркс-J.J.)?Дали е случајно што Енгелс се задоволил само со давање на примери од дијалектика на природата, а не ни е оставил разработена дијалектичка теорија за неа?

Тој вели дека е сигурно оти дијалектиката на природата е различна од дијалектиката на општеството и мислењето,па дека нејзиното изградување е потешко."Тоа е задача на иднината и нејзиното изградување ќе доживее исто така трумф како што е доживеала дијалектиката на општеството и мислењето"99.До тогаш прашањето дали е дијалектиката само закон на историјата или и закон на природата ќе има смисла, па дискусијата околу него ќе биде оправдана.Освртот на Јосифовски за оваа значајна проблематика го завршуваме со неговото укажување дека она што е вредно и вистински има и смисол да ги издржи сите искушенија,сите проби на животот,во пламенот на сомнението тоа ќе јакне,ќе се развива,додека она што е вредно да пропадне ќе пропадне и со тоа ќе отвори пат за она што е способно за живот и развој.

99)J.Јосифовски,исто дело,стр.367.

## VI. ОДНОСОТ ПОМЕЃУ МЕТАФИЗИЧКИОТ И ДИЈАЛЕКТИЧКИОТ НАЧИН НА МИСЛЕЊЕ

Расправата за ова прашање налага потреба да се објасни што е дијалектика, а што е метафизика, што Јосифовски и го прави. Тој како што го разгледуваше прашањето за дијалектиката и нејзиното сваќање низ историјата исто така зборува и за сваќањето на метафизиката низ историјата, а дури после тоа го објаснува односот помеѓу нив.

-Што е метафизика? Со оваа проблеметика тој опстојно се занимава во книгата" Што е метафизика" и др. литература, кајшто неведува дека терминот "метафизика" потекнува од името кое во зборникот на Аристотеловите списи го добил оној спис што доаѓа зад физиката (tà mètá tá physika ), спис во кој тој го проучува битието како битие, неговите први причини и основни принципи. "Отпосле под" метафизика" се подразбира наука која по спекулативен пат (само со размислување, умување) настојува да проникне во светот, што божем се наоѓа зад овој реалниов, сетилно дадениот, светот на идеите или бога" 100.

Со метафизиката се има пресметано Кант (метафизика како рационално познание на натприродниот свет). Во терминологијата пак на позитивизмот,вели Јосифовски, под "метафизика" се сваќало сето она што му се спротивставувало на емпириското, што не може да се констатира или свати со сетилното познание. Додека Хегел, а соодветно на него и Маркс и Енгелс терминот метафизика го употребувале во смисла на она што е спротивно на дијалектиката. Јосифовски освртот го започнува со мислата дека "проблемот на битието на она што бидува, за суштината на она што суштествува, за она што го држи на себе светот или за поимот на супстанцијата, за она што стои под видливиот свет и воопшто сетилното познание, а кој е рационално достапен, поставен е уште од Талес, Анаксимандер, Анаксимен, па сѐ до денес ловот по она што е зад физичкиот, сетилно достапниот свет не

100) J.Јосифовски, "Марксистичка филозофија", стр. 137.

престанува"[101].Откако укажува како тој термин кај нас се употребува со победата на социјализмот и со уавојувањето на дијалектичкиот материјализам како филозофија,која теоретски ги изразува интересите на работничката класа,така што"наспроти исправната и допуштлива "добра"дијалектика се стави метафизиката како неисправна,недопуштлива"лоша"(наспроти на позитивната дијалектика се стави негативната метафизика,наспроти сватлината на едната се стави сенката на другата-подв.Ј.Ј.).Во таа смисла,вели Јосифовски, да се каже за некого дека е метафизичар,а кој има било какво марксистичко образование "би значело да е човек што заслужува презир,омаловажување и прекори,како да се дискредитира".

Јосифовски ги објаснува причините за таквиот однос кон метафизиката,помеѓу кое дека причината за тоа е догматизираниот начин на мислењето кој работите ги упростува до црно-бела техника,кој не знае за нијанси помеѓу нив,кој боледува од слепило за бои и нивните нијанси.

## а/Погледите на метафизичарите и антиметафизичарите низ историјата - краток осврт

По откривањето на скриените списи на Аристотел,нив достапни за широк круг читатели ги направил Андроник Родоски(I век н.е.),кој делата ги издал по групи каде во одделна група се нашле списите што не биле озаглавени од Аристотел,а кои доаѓале по "физиката".При тоа, во зборникот останале без наслов,но отпосле почнале да ги наречуваат списи кои одат по физиката, а самиот израз"метафизика" е создаден во средниот век...првпат се среќава кај арапскиот филозоф Авероес". Откако објаснува како отпосле улогата во означувањето на редоследот на списите почнал да се губи и името "метафизика" се употребувало да означи спис кој се бави со проблематика слична на она што се третира во Аристотеловата книга,прашува:кои се тие проблеми?

101)Ј.Јосифовски,"Што е метафизика","Култура",Скопје, 1964, стр.11.

За разлика од одделните науки сметал Аристотел"мора да постои една наука која ќе го проучува постојното(tó ón he ón ),наука за највишите принципи и првите причини,кои се први и онтолошки и гносеолошки,кои се основа на сите појави и ствари во природата,но и на сите други знаења кои ни ги даваат науките(наведен цит.од Аристотел,иста книга,стр.17).Но,со метафизичката проблематика се занимавале и други грчки филозофи,од Талес,Анаксимандер,Парменид,па преку Демокрит,кој го разби битието на Елејците на делчиња што се неделиви и се движат во небитието,сé до Платон,кој реалниот свет го прогласува за привид, а единствена вистинска реалност им дава на идеите.Јосифовски објаснува дека Аристотеловата метафизика станува теологија и филозофско оправдување на божјото суштество на која тој и́ го определува предметот како наука за"светот кој и во буквална смисла е зад објектите на сетилно достапниот свет,светот на физичките појави"102.

Тој се замислува како свет на вистинското битие,кое е трајно и совршено,кое може само рационално да се образложи,а не сетилно да се восприема и провери,не може да се оствари во искуството.Во врска со теолошката метафизика Јосифовски укажува на Тома Аквински,кој ја разработил Аристотеловата метафизика,подвлекувајќи дека за разлика од теолошката метафизика големите метафизички системи на Декарт,Спиноза и Лајбниц имале за основа рационално становиште на стварното постоење, основните причини и принципи на постојното.

Тие ,како вели Јосифовски,паѓале и во противречности ,како на пр;противречноста на материјализмот и идеализмот или природнонаучното гледиште и теолошкото.За Декартовиот поглед тој вели:"Секако дека меѓу својствата на светската целост,нејзините ствари и појави,пред сé

102)J.Јосифовски, исто дело ,стр.19.

(Види на стр.19-20 ,исто дело:"Тома Аквински Аристотеловата метафизика ја преработил со католичка идеологија,каде што таа се претвара во средство за докажување(со рационално мудрување)дека бог постои и дека душата е бесмртна и др.Аквински неа ја нарекува наука за надприродното,но во исто време ја меша со теологијата,укажувајќи дека од тео-"

душевните не можат да се изведат од така апстракно сватена супстанција,па за нивното објаснување,тој мораше да прибегне кон една друга супстанција,кон духовната супстанција"103,докажувајќи како душевните својства на луѓето им се вродени, а при кое тој метафизиката ја дефинира како прва филозофија-познание на бога и душата од "природниот ум".Од Волф,вели Јосифовски,потекнува делењето на метафизиката на:онтологија или општа метафизика(наука која се стреми рационално да ги познае стварите по себе,битието како такво),рационална психологија(наука за субјектит кој мисли или душата),рационална космологија(наука за сумата на сите појави и предмети,кои ја опфаќаат врската на светската целост),рационална теологија( учење за првичното битие или највишиот услов на можноста на сето она што може да се замисли)и филозофска антропологија(учење за човекот и неговото место во светот).

Јосифовски додава како близу до умот е дека овдека може да стане збор за некаква наука и дека како таква таа претставува напор да се пронајде непостојното."Внимателно разлистување на светската комплексност покажува оти она што се бара го нема.Нема никаков свет освен оној во кој живееме,кој не опкружува од сите страни. Метафизиката е всушност божемна наука,која сака да го ограничи неограниченото,да стави точка онаму кајшто следуваат повеќе точки,да дојде до задни нешта,до недоследности, до последните тули на душев-

103)J.Јосифовски,исто дело, стр.23.

(продолжен цитат)
"логијата се разликува по тоа што ова го има за извор на познанието откровението, а метафизиката се служи со разумот со помош на кој треба да ги образложува вистините на теологијата,како нејзина слугинка.Се гледа како Аквински и схоластичарите оставаат отворена врата за секаков вид на фантастични објаснувања на светот...Спиноза пак Декартовите две супстанции ги сведува само на една ,помеѓу безброј другите атрибути на единствената супстанција-бог или природа, која е ствар што е распространета и ствар што мисли",при тоа додава дека"Спиноза не може да го објасни односот помеѓу создадената природа и природата која создава,со тоа да го објасни самодвижењето на светот,па и неговиот систем остава и дава можност за различни толкувања и дури дијаметрално спротивни (стр.23-24)".

ниот и физичкиот свет,со чии комбинации и прекомбинации сé би се градело и разградувало"104.При тоа тој вели дека стремежт на метафизичарите бил светот на духовните и физичките ствари да го врзе в крпа,да го опфати со мисла до дното,да ја испие чашата на познанието до крај,подвлекувајќи при тоа како сите метафизички системи јасно покажале како и колку е неодржливо да се прави компромис со религијата т.е.таа рационално да се образложува.

Енгелс укажува дека метафизичкиот начин на мислење"беше основен услов за џиновскиот напредок на познанието на природата што ни го донесоа последните четири столетија",во врска со кое Јосифовски коментира како тој метафизиката од 17 век не ја отфрлил туку така -творците на метафизичките системи од тој век вршеле големи научни откритија. Се изведува заклучок како метафизиката од 17 и 18 век не била сметана за пречка на емпириското иследување,но како нивно продолжување и како нивен завршеток.Хјум метафизиката ја прогласи за "софистерија на илузија",покажувајќи огорчување против метафизичките бесмислици и негово решително противење на нив,при кое Јосифовски не заборава да напомне како Кант му има дадено признание на Хјум.Тој го разбудил од метафизичкиот сон,но тој не останува во рамките на емпиризмот на Хјум,туку се трудеше да ги надмине слабостите на емпиризмот,но и на рационализмот исто така.

Подвлекуваме само некои укажувања на Јосифовски за Кант:дека кај Кант активноста на умот заедно со сетилноста и разумот,создава и идеи за душата,за светот,за бога,кои не треба да се земаат како конститутивни принципи какви што беа просторот и времето и категориите, кои влегуваа во составот на предметот(него го конституираа),ами тре-

104)J.Јосифовски,исто дело,стр.28.

"Лајбниц -Волфовиот систем,каде Волф го има систематизирано сваќањето на Лајбниц во едно сеопфатно учење,но во кое метафизиката има значајно место и почесно.Тој го употребуваттерминот"метафизика" во буквална смисла т.е.како наука за светот што е зад физичкиот,сетилно достапниот,а која има за задача теоретски да го образложи натсетилниот, метафизичкиот,божемниот свет на битието како такво,целината на светот,душата,но тоа е и учење за бога како прва и крајна причина,како разлог за постоење на релниот свет,како гарант на можноста да постои".

ба да служат само како регулативни принципи,како гранични поими кон кои се стреми нашето познание,но никогаш не може да го достигне (како идеали,кои за секогаш остануваат неодоливи,како израз на човековиот стремеж за безусловното).Укажувајќи дека тука се работи за трансцедентален привид,настојува да ги покаже неговите корени и со тоа да покаже како работата е не да избегнеме да не попаѓаме во него,но кога ќе попаднеме да сме во состојба да откриеме дека се работи за него;дека на тој начин Кант ја разби на парчиња старата метафизика,но отфрлајќи ја метафизиката во областа на теоретското,во областа на гносеологијата,тој ја воведе на задна врата(идеите за кои познанието се покажа како бессилно,ги прифати за потребите на практичниот живот-етиката).

"Марксистичката етика е должна да покаже дека е можен етички живот без бога и со тоа да ја протера метафизиката од нејзиното последно место,живеалиште. Таа тоа до сега не го сторила. Постапката на Кант страда од недостатоци;во издвојување на теоријата од практиката,на сетилноста од разумот и умот,на стварта по себе од стварта за нас,во попаѓање во агностицизам и прагматизам"105.Како заклучок околу Кант,Јосифовски ќе каже дека тој ја изгонил метафизиката од областа на познанието,покажувајќи како постојат противречности на умот и на тој начин го отвара патот на понатамошно развивање на дијалектиката кај Фихте, Шелинг и Хегел.

105)Ј.Јосифовски,исто дело,стр.34.

(прод.цит.,стр.28-29..."сето она што може непротивречно да се замисли ...Синтетичките судови априори ги изјаснуваат условите за можноста на искуството воопшто и затоа не подлежат на негова верификација и тие не доаѓаат од искуството(како што мислат емпиристите),туку од нашата способност за познание.Кај Кант се работи за тоа да не научи дека просторот и времето како и категориите погрешно им ги припишуваме на стварите какви што си се,независно од нашето познание,како што болниот од жолтица погрешно мисли дека сите ствари се жолто обоени. Кант навистина ја уништува основната гранка на метафизиката-онтологијата,но запаѓа во една варијанта на солипсизам...Со својата трансцендентална дијалектика,сваќајки ја дијалектиката како наука за привидно познание,ги побива учењата за бог,за душа,за светот т.е.рационалната психологија,рационалната космологија и рационалната теологија,настојувајќи да покаже дека метафизиката на ова поле се вплетка-"

-Во каква смисла уште се употребува терминот метафизика?
Другото сваќање на метафизиката,вели Јосифовски,сврзано е со позитивистичката филозофија,кајшто нејзиниот творец Конт има прогласено дека неговата филозофија сака да се пресмета со многувековната заблуда,дека на нашето сетилно познание му е достапно нешто друго освен она што е дадено во сетилата-фактите,појавите и нивните односи.Според него законите не изразуваат суштински однос зашто суштината не може на никаков начин да се познае-нивното објаснување стои зад границите на она што може да се познае(а она што можеме да го познаеме кај нештата е позитивното,појавоното сетилнодостапното).

Така ,според Конт позитивната филозофија треба да го среди во едно гледиште(општо)законите кои ги откриле одделните науки,таа е само еден вид поврзувачко ткиво.Така,додава Јосифовски, се ликвидира филозофијата,којакако знаеме има свој предмет и задачи, а заклучокот тука е дека кога ќе се анализира од што таа е составена,ќе се добијат само одделни науки и ништо друго. Но позитивистот,како и секој груб емпиричар"останувајќи на искуството,сетилното,даденото, изјавувајќи дека суштината нам ни е принципиелно непозната и самиот не ретко попаѓа во мистика т,е,станува ловец на непостојното,приврзеник на спиритуализмот и најплиткото вулгарно суеверие"(наведен пр;Енгелс во "Дијалектика на природата"-природознание во светот на духовите).

За неопозитивистот пак,ќе рече Јосифовски,дека стои на становиштето( и во тоа го следи позитивизмот) оти секаков метафизички исказ е неможен и дека е лишен од смисла и содржина т.е. без значење,а дека тоа што тој го носи е признавање дека има некои општи ставови,кои иако без конкретна сдржина не се лишени од каква и да е

"ла во трансцендентален привид,настојување на умот да познае нешто за кое не е способен,чие познание ги надминува неговите граници;дека на полето на трагањето по основното на светот што и е предмет на рационалната космологија-умот безусловно се вплеткува во антиномии, од кои нема излез;рационалната теологија пак тој ја отфрла бидејќи е заснована на софистички иструни,како што е она за онтолошкиот доказ за постоење на бога"(стр 29).

смисла ,но дека тие се општи правила за употреба на јазикот.Така според него општоважечките искази се тавтологии( тие се нужни вистини врз основа на нивната форма,врз основа на начинот на кој се поврзуваат елементите во нив).

Во врска со овој дел од расправата Јосифовски заклучува: 1, дека повикот по метафизиката е всушност повик на субјективните идеалисти кои се борат на двафронта(против објективниот идеализам и против материјализмот),а основен аргумент им е дека осетното познание е знаење само на сетилното,па како од него нема излез како во светот на рационалното,така и во светот на стварното и 2,самите позитивисти од која и да е варијанта паѓаат во метафизика,зашто ако на познанието му одрекнуваат дека може да продре во светот на стварноста по себе,не му одрекнуваат на емоционалното (отаде и Конт и Витгенштајн завршија со мистика и тоа од своевидна варијанта.

б/ Терминот метафизика кај Хегел, Маркс и Енгелс

Кај нив терминот се употребува во поинакво значење т.е. тој е спротивен на терминот дијалектика,за разлика од позитивистичката терминологија каде е земен како спротивно на емпириското. Така ,додава Јосифовски,Хегел недостатоците на метафизиката ги означи како недостатоци на немање на правилен метод,па оттаму пријдувањето на метафизиката кон битието, душата ,светот е настрано,апстрактно, ограничено. Тој вели дека таа не излегува од рамките на простото разумско мислење.Таа ги зема апстракните мисловни одредби непосредно и им го придава важењето на оние предикати што се својствени за вистинското и дека мисловните одредби,такви какви што се,претставуваат непосредно и поединечно,тие се ограничени одредби,

("Меѓутоа вистинското е бескрајно по себе кое со крајното не може

Види:цит.дело,стр.38-"Според Тарски пак терминот"метафизика"кај неопозитивистите е крајно нејасен и двосмислен."Кога се слушаат дискусиите за оваа тема се добива впечаток дека терминот метафизика изгубил секакво објективно значење"(Тарски).Додека пак некои под неа сваќаат општа теорија на предметите,крстуваат неродени деца.

Тарски ја става метафизиката во архивата на човековата ми-"

да се измери, ниту да се донесе во свеста"подв. Ј.Ј.) На друго место вели дека поставување на прашањето за крајноста и бескрајноста на светот во старата метафизика заедно се однесуваат цврсто една спрема друга, дека лесно може да се види кога обете ќе се постават една спрема друга, бескрајноста која би морала да биде целост, се јавува само како една страна и тоа како ограничена со крајното. Јосифоски го подвлекува укажувањето на Хегел како метафизиката нив ги зема апстракно, еднододруго, без врска, без здруженост која оди од идентификување на спротивностите, квалитетот и квантитетот, континуитетот и дисконтинуитетот, сепак тој не се однесувал негаторски кон старата логика и метафизика, но го подвлекува позитивното и кај двете ("Мислата мора да тргне со раздвојување и релативно умртвување на целоста на светот и неговото движење и дека треба да се однесуваме со доверба кон она што таа ни го зборува за светот"-подв. Ј. Ј.).

Тој нагласува дека неговата дијалектичка логика, ја содржи старата логика и метафизика, дека се држи за истите форми на мислењето но дека таа едновремено со понатамошните категории пошироко нив ги изградува и организира. Така, вели Јосифовски, Хегел критички се пресмета со старата метафизика, но и со агностичкиот и позитивистичко-скептички начин на мислењето. Додека за Маркс и Енгелс, тој вели дека критички ја преовладуваат ограниченоста и имаат создадено рационална основа за надминување на секоја метафизика. Според нив метафизиката во старата форма т.е. смисла на зборот е неодржлива, бидејќи е сврзана со еден оджиveан начин на мислењето, кој остануваше во хоризонтот на теологијата и средновековјето. Пред да поминеме на прашањето за стремежите за ренесанса на метафизиката, го наведуваме укажувањето на Јосифовски за односот на метафизиката и дијалектиката.

(прод.,цит;
"сла, која согледала дека таа е наджиveана и надмината, но исто така краен случај на нејзиното отфрлање претставува и сваќањето на Витгенштајн. Виздом пак го доведе до неговиот логичен крај, сваќањето на позитивизмот воопшто и неопозитивизмот посебно за метафизиката..."

Сваќањето дека терминот метафизика во смисла на нешто противставено на дијалектиката, се одомаќинило во марксистичката литература и дека неговата суштина се определува како разгледување на стварите и процесите во природата во нивната издвоеност и надвор од големата општа поврзаност и взаемна зависност, сваќање на стварите и процесите, не во движење, но во неподвижна состојба, не како суштествено менливи ами како постојани. Енгелс укажува: "За метафизичарот стварите и нивните мисловни одрази, поимите, се осамени предмети за испитување, неменливи, крути, дадени еднаш за секогаш, предмети што треба да се разгледуваат еден по друг и еден без друг... За него некоја ствар или постои или не постои, исто така некоја ствар не може наедно да биде и таа самата и нешто друго. Позитивното и негативното апсолутно се исклучуваат меѓу себе, исто така и причината и последицата стојат во вкочанета меѓусебна спротивност"106.

Јосифовски нагласува дека целта на Енгелс била да го афирмира дијалектичкиот начин на мислењето, па како и колку да се однесуваше кон метафизичкиот начин на мислењето, сепак го има означено како оправдан дури и потребен во многу широки области чие пространство зависи од природата на предметот, при кое додава дека ова е значајно мислење бидејќи кај марксистите често овие два начина на мислење апсолутно се спротивставуваат, а кое на фрапантен начин дојде до израз во Сталиновиот "дијалектички материјализам". "Таму-вели Јосифовски-овие два начина на мислење се изложени на апсолутна спротивставеност, при кое на првата и́ се припишуваа сите можни позитивности, додека на втората ("метафизиката"-Д.Д.) сите можни гревови. Ваквиот начин на мислење значи неумеење на процесот на познанието да му се пријде дијалектички. Ограниченост е еднострано да се инсистира не само на метафизиката, туку и на дијалектиката "107.

106) К. Маркс-Ф.Енгелс: Избрани дела, том II, стр. 126,"Култура", 1950, Београд.
107) Ј. Јосифовски, "Што е метафизика", стр. 57.

Не водењето смета за кажаното, доведува до "дијалектички едностраности, до апсолутизирање на дијалектиката", кое доведува "до фразерство и самозадоволство", отфрлање на се́ што не е дијалектичко, што не може да се вклопи во однапред исконструираните шеми од "црти", "закони", "страни". Како пример Јосифовски го наведува отфрлањето на формалната логика од името на дијалектичката логика, како неусогласена со неа, па оттаму се јавува и заостанување во оваа област, платено со изостанување на техниката. Се дава пример на Е. Колман, како колку гомлеми штети може да ни донесе "воображено-потценувачкиот" однос спрема оваа логика, кај која метафизичкиот начин на гледање триумфира, како што триумфира дијалектичкиот начин на мислењето во "Капиталот". Јосифовски како заклучок го дава следното мислење: "Тоа не е чудно, зашто стварноста содржи два момента (статички и динамички), таа е стварност и на делови и елементи и на целост, на релативна неподвижност која во определени временски интервали ни го претставува предметот и појавата оформени... оттаму напор да се свати она што е и како е, овде стремеж да се проникне во она што ќе биде, да се свати целоста во нејзината специфичност, која не се сведува на специфичноста на деловите и нивната сума... "108.

Покажувајќи како Енгелс за античкиот поглед на светот рекол дека иако наивен сепак бил правилен, бидејќи светот се сваќал во целина, движење и менување, ја подвлекува и неговата забелешка дека од целината е требало да се оди кон деловите (кое тогаш не е било можно поради нивото на науката-подв. Ј.Ј.). Јосифовски подвлекува како со познавање на целоста не се знаат внатрешните импулси кои ја прават како таква, релативно цврста, релативно" стабилна", па оттаму потребно е да се откријат причините и принципите на светот по пат на запознавање со подробностите на светската целина, изјаснување на нејзините својства, нивните причини и следства.

108) Ј.Јосифовски, "Што е метафизика" стр.61.

Тој вели како ние во познанието, тргнувајќи од овие или оние целости, не можеме да останеме на нив бидејќи иако се тие реални и конкретни целости, ние имаме како што вели Маркс хаотична претстава за нив. "Анализата покажува дека тие целости се состојат од едноставни одредби, па оттаму тие треба најнапред да се анализираат. Последново Маркс го определи како научно правилен метод, но тој доаѓа отпосле, откако е прејден оној пат кој иако научно неправилен историски и прв и неизбежен. Со претставата за конкретното, ние мораме да ја сретнеме прво нејзината хаотична и апстракна конкретност, така да се каже да ја преодолееме одејќи по аналитички пат кон се́ почисти апстракции, додека не се дојде до најпростите одредби... отаде се оди кон целоста назад, која веќе не е хаотична претстава за целоста "109. Јосифовски заклучува како овие два момента во мислењето се опфатени во вишиот дијалектички процес.

Треба да се каже дека револуционерната мисла на Маркс и Енгелс во 19 век создаде силни можности за излез од мисловната криза во тој период, со барање од мислителите и филозофите да го пречекорат хоризонтот на граѓанското општество и да застанат на позициите на пролетеријатот како услов да се излезе од проблемите и слабостите со кои се среќаваа науките од тој период. Обновата на кантијанството во лицето на неокантијанството, не значеше дека метафизиката беше сосема разбиена, зашто како што вели Јосифовски" и тогаш постоеше схоластика која од новата општествено и културна ситуација настојуваше да извлече заклучоци корисни за нејзиното одржување "110.

<u>с/ Стремежите за враќање на метафизиката</u>

Во 20 години на 20 век започнува вистинска ренесанса на метафизиката во граѓанската филозофија, тоа е период пред се́ на филозофска антропологија, а вистински пресврт, како подвлекува Јосифовски,

109. Ј.Јосифовски, исто дело, стр. 59.
110. Ј. Јосифовски, исто дело, стр. 59,60.

во тој поглед прави Хусерл,кој поставува барање за апсолутна вистина независна од секаков "субјективизам,психологизам,релативизам и конвенционализам".Иако тој се враќа на позициите на трансцендентален идеализам неговиот феноменолошки метод претставува излез речиси за сите филозофи на денешнината кои останале во рамки на граѓанскиот хоризонт,како што е случај со Хартман кој ќе бара да се помине отаде субјектот,тој да се трансцендира за да се свати проблемот на познанието кој се состои во познание од страна на субјектот на објектот и при тоа настојува резултатите на големите догматичари да ги поврзе со резултатите на "критиката".

Така,Хартман вели дека постојат проблеми кои не можат да се решат,во кои останува за секогаш еден нерешлив остаток,нешто недостижно,ирационално.Јосифовски вели дека овие проблеми кои за него се метафизички за нас се чисто филозофски и дека сосема е јасно како филозофските проблеми никогаш не се исцрпуваат до крај."Правилното укажување на границите на објективното и интерсубјективното или како што би рекле ,на познатото и познаваемото се менува,додека првата област се шири за сметка на втората... Хартман наоѓа една област која е многу поголема од обете,што е безгранична и која е недостапна за човекот"111. Јосифовски вели како неговата "метафизика на познанието" е филозофија,која се обидува да застане на рамниште на науката,како филозофија на немоќта таа ѕида бедем околу човекот и го затвара во еден тесен свет на безнадежта .

Филозофијата на егзистенцијализмот,ќе каже Јосифовски,претставува обид да се врати изгубеното достоинство на метафизиката,така Хајдегер станува против секоја метафизика,но не затоа што е про-

111)Ј.Јосифовски,исто дело, стр.72.

(Види цит.,дело"Што е метафизика",стр.73:"Тој детално ја изградил својата критичка онтологија и се зафатил да ја иследува структурата не на познанието,туку структурата на самиот свет,битието,при што анализирајќи го светот наоѓа дека неговите елементи се категориите... Тие ја чинат структурата на настаните, а се добиваат како резултат на анализа на постојното.Категориите се замислени како нешто различно од поимите,тие се наполни независни од субјектот и не зависат од неговиот производ.Тие се вечни,додека поимите се менуваат.Посебно"

тив метафизиката воопшто,но затоа што смета дека таа не е онаква каква што би требало да биде според него.Тој укажува на определени заклучоци за Хајдегер во однос на оваа проблематика:Дека за разлика од неопозитивистите кои ја отфрлаа метафизиката од причини дека и́ противречи на логиката,Хајдегер истапува против старата метафизика затоа што таа била заснована на логиката,подобро врз теоријата на познанието,што ја водело во субјективизам;При тоа ,тој своето тврдење го образложува со ставот како постоење на објект само во однос на субјектот,па произлегува,како вели Јосифовски,дека"објективизмот е само прикриен субјективизам",творение на субјектот,кој со својот апарат го подложува битието на обработка;Кај него доаѓа до израз стремежот да се издигне над спротивставувањето субјект-објект",настојување да се добере ди чистото, автентично непоправено битие";Според него битието треба да се бара во непосредното битие,во човекот,анализата на начините на неговото постоење.

"На тој начин широката област на онтологијата се стеснува на едно малецко делче на постојното и во него треба ,како во своевиден микроскоп да се откријат тајните на микрокосмосот"112. Основното кај него е дека битието може да се открие во човечкото битие,неговото постоење,по кое прашање некои мислители ги поврзуваат него и Маркс,но Јосифовски ќе рече дека тоа е претерано зашто Маркс битието воопшто,а на човекот посебно,го барал не во човекот туку таму кајшто му е местото,во објективниот,материјалниот свет,а пред се́ во неговото општествено битие.

112)Ј.Јосифовски,исто дело,стр.81.

(прод.,цит;
значење Хартман им дава на модалните категории:можност,стварност,случајност и невозможност и нестварност.Од нивниот однос тој наоѓа дека изникнува постоење на појавите...не може,а да не забележиме дека земањето на категориите за основа на светот не може да придонесе за афирмација на неутралниот став на филозофијата,во однос на двата основни правци:материјализам и идеализам...Во случајот на Хајдегер битието се претвара во фантом,кој на никаков начин не може да се разоткрие во права смисла т.е. да се извлече од темнината скриена на денската светлина,кајшто теоријта на познанието и го отстапува местото на херменевтиката како вештина на толкувањето од кајшто патот до мистиката не е далек...Анализата на човечкото постоење не може да се врши со категоријалниот апарат изработен од страна на мислењето,"

Со тоа Маркс цврсто стои на материјалистички позиции (се укажува и на недоследноста на Хајдегер, бидејќи во подоцнежните творби, тој смета дека почетното е битието, а не субјектот-J.J.). Јосифовски вели дека значајно во оваа филозофија е тоа што сепак е направен обид, па макар и во негативна форма да му се врати достоинството на човекот и да се укаже на неговата специфика, додека сваќањето на човекот како што е дадено кај Хајдегер е резултат на неговата филозофска фантазија, сликата на човекот кај него е слика на човек во искривено огледало ("крива слика на една крива стварност"-J.J.), па оттаму ние човекот не можеме така да го сватиме. Но дека неговата филозофија треба да се студира, промислува, критички да се преовладува, а не нихилистички да се постапува со неа.

Како синтеза за односот на метафизичкиот и дијалектичкиот начин на мислењето Јосифовски има дадено во својата книга "Марксистичка филозофија", од кое покрај другото се гледа дека постои континуитет во неговите согледувања и пишувани трудови.

Тој вели дека "спротивноста на овие два начина на мислење треба да се свати дијалектички: како взаемно спротивни, но и взаемно свраани што еден без друг не можат да се сватат и да се применат во откривање на вистината како тоталитет. Всушност во научната практика и во историјата на човековото творечко мислење, тие се исклучуваат, но и се дополнуваат и заемно се условуваат" 113. Тој во таа смисла вели дека ако се фрли бегол поглед врз природата она што паѓа прво во очи е поврзаноста и целоста на стварите и појавите во неа, нивното взаемно дејство, движење, менување, развиток.

113) J.Јосифовски, Марксистичка филозофија, стр. 138.
"туку тоа само може да се опише со помош на егзистенцијата, зошто како што вели тој за разлика од другите ствари човекот е нешто незаменливо, единствено, неповторливо, еднаш за секогаш дадено, па ако може да се прави аналогија помеѓу Маркс и Хајдегер, тогаш нив имено овдека можеме да ги најдеме"(стр. 81, исто дело)".

Меѓутоа за да се запознајат стварите и појавите и нивните законитости, за да се свати целината на светот, мора да се запознаеме не само со сликата на светот во целина, но исто така потребно е да ги приучуваме и неговите делови. Значи за да се свати целината на светот, покрај заснованото единство (како тоталитет),кое цврсто се држи и за да ја разбереме суштината на дијалектиката на светот, покрај сликата на светот во целина (како рековме-Д.Д.), потребно е да ги проучуваме и деловите. Потоа Јосифовски вели дека тоа подразбира нивно издвојување од целото, разделување на составни делови, а таа потреба пак доведува до нешто што отстапува од вистинската природа на светската целост или таа на стварите и појавите, а дека тоа е имено фактот што тие се умртвуваат и нивните врски и односи се губат од предвид.

А причината за таквата состојба е и во фактот што проучувањето на деловите бара апстрахирање, запоставување на целото, на движењето, развитокот, борбата на спротивностите. Така, вели Јосифовски, се дошло до метафизички начин на мислењето, но дека понатаму со натрупување на се́ поголем фактички материјал и потребата тој да се проучува т.е. одделните својства и односи, врски-започнува обратен процес на мислењето, со кое пак се́ повеќе се увидува како светот е поврзано единство-тоталитет. При ова разгледување тој го наведува заклучокот дека дијалектичкиот процес на мислењето не изминал попусто, дал нешто повисоко, а дека дијалектиката не е веќе стихијна, туку научна. "Не изминал попусто ниеден период од развојот на човековата мисла, секоја фаза: стихијна дијалектика, метафизиката, научната дијалектика, дале свој придонес, нивните делумни вистини се сочувани во целосната вистина на синтезата, која е попотполна и побогата, посестрана, поразвиена" 114. Тој подвлекува дека противречноста дијалектика-метафизика, не е мртва противречност и дека во таа смисла ди-

114) J.Јосифовски, "Што е метафизика", стр. 139.

јалектиката не може да се прикажува како нешто што е наспроти метафизиката,туку таа во себе го содржи  и рационалното јадро на метафизиката.Во таа смисла тој покажува дека прашањето за односот на метафизиката и дијалектиката не може да се поставува како прашање"дијалектиката за разлика од метафизиката" т.е. дека самата дијалектика не е апсолутно спротивставена на метафизиката,бидејќи како кажавме таа во себе го содржи и нејзиното рационално јадро.

Јосифовски вели:"Дијалектичкиот метод наспроти метафизичкиот е таков метод,кој на предметите и појавите пристапува како кон нееднородни,со противречни делови,напнати и со едностоен тек,во самодвижење. Метафизичкиот метод пак ги разгледува предметите и појавите како еднородни,непротивречни,во нивната даденост и трајност"115.Тој додава дека се поставува прашање како може да се применува секоја од овие методи,подвлекувајќи дека посебните науки се интересираат за релативното,трајното и непроменливото кај појавите и предметите,"за она што во вечната мена останува исто, а со тоа општо и нужно вистинито".

Така,Јосифовски вели дека метафизичкиот метод е примерен на овие науки и оттаму нивната еднородност,втонатост во поединечното и веќе оформеното,додека за дијалектичкиот метод ќе рече дека е"суштински филозофски пристап,кој го надминува поединечното во тоталитетот, неподвижното во подвижното.Нејзиното внимание е насочено на преодите, врските,промените и развитокот.Метафизичкиот метод настојува на еден статичен начин т.е. пресек во непрестајниот од на сѐ што постои,па е момент на дијалектичкиот пристап"116.За дијалектичкиот метод тој уште ќе каже дека Маркс има направено решителен пресврт со тоа што успеал творечки да ги поврзе материјализмот и дијалектиката и да создаде материјалистичка дијалектика како општотеоретски и методолошки пристап кон предметите и појавите и дека тој пристап најдобро е сообразен со развитокот на науките и со интересите на пролетеријатот,како реална општествена сила. Јосифовски укажува на некои од суштес-

115)Ј.Јосифовски,Филозофија,"Просветно дело",Скопје,1986г. стр.8.
116)Ј.Јосифовски,исто дело, стр.8.

твените карактеристики на дијалектичкиот метод,подвлекувајќи дека взаемното проникнување на теоријата и практиката ја покажува силата на дијалектичкиот метод. Најнапред се задржуваме на принципот на с е с т р а н о с т,подвлекувајќи дека тој се состои во тоа што дијалектиката поаѓа од гледиштето на тоталитет на условите во кои една појава се јавува и бара самата појава да се изучува во вкупноста на своите својства и односи со другите појави. "Тоа помага да се согледа не само што е појавата,туку и што била и што ќе биде, па со тоа да се стекне динамички увид во целоста на случувањето, да се умее да се гледа подалеку и повеќе од она што е дадено во моментот" 117.За другата карактеристика п р о т и в р е ч н о с т, ќе рече дека таа се состои во тоа што при решавање на еден проблем треба да се поставуваат две противречни една на друга тврдења:теза и антитеза,при кое тезата се брани , а антитезата ја оспорува спротивставувајќи ѝ се на тезата,ја побива.

Текот на судирот треба да доведе до процена на тежината на аргументите и противаргументите,нивната логичка убедливост и научна оправданост,при што во позициите и на двете страни настанува промена зашто едната од нив се усвојува,другата отфрла или што е уште поважно едната и другата идат во пресрет,попуштајќи под силата на аргументите и збогатувајќи се со нови сизнанија.
За принципот на р а з в о ј н о с т вели дека целосното гледање упатува на развиток на појавите,на нивната иднина,во која тие стануваат посодржајни,поиздигнати,дојдени на повисоко стапало од своето постоење.При тоа укажува дека ориентацијата на новото,кое може би во моментот не е изразено(е послабо од даденото),но има можност да го надвие и да го завземе неговото место.

За дијалектичкиот пристап вели дека е средство за потиснување на догматизмот, кој е проникнат од метафизичкиот пристап т.е.

117)Ј.Јосифовски,Филозофија, стр.92.

од нецелосното,изолираното,мртво гледање на стварите и појавите.

## VII. ДИЈАЛЕКТИКАТА И МАРКСИЗМОТ

Јосифовски зборува во повеќе трудови за дијалектичкиот пристап кон марксизмот,наспроти скептичкиот и догматскиот.Пристапот,вели тој, треба да биде таков за да продорот во непознатото и доаѓање до новото бидат успешни,иследувањето мора да се врши со водење сметка за она што е веќе постигнато,како не би се изгубило трајното во ефемерното и невистинитото,кое од разни причини може да настојува да добие дигнитет на теоретско што не му прилега.Тоа ,вели тој, посебно се однесува на големите принципи на материјалистичката дијалектика т.е.материјалистичкиот дијалектички метод,кој дава методска основа за совладување на површниот позитивизам на граѓанските претставнички науки.

Уште поважно е да се истакне дека со прогласување на застарени на овие принципи се оневозможува подлабок пристап на сознанието на современата општествена ситуација,сваќање на нејзиниот тоталитет,каде во најдобар случај само се додирува до некои нејзини парцијални определби-се доаѓа до фрагменти извлечени од нејзиниот контекст,па оттаму вистината која тие ја претставуваат го изразува новото од неговата површинска,појавна страна.

При тоа,суштината за која во научното и револуционерното делување се работи,останала не допирната(Маркс е укажал дека кога би се поклопувале појавата и суштината,секој научен метод би изгубил смисла)"118. Ј.Јосифовски го наведува укажувањето на Маркс дека само дијалектичкиот ум(Сартр),но тоа треба посебно да се подвлече на материјалистичка основа, е во состојба да ја открива нашата епоха,да открива перспективи.Само тој е во состојба да ги открива метафизичките и мистички велови на оние современи филозофи, кои пропове-

118)Ј.Јосифовски,"Савременост"-Догматски,скептички и дијалектички приступ марксизму,1973/4,стр.20.

даат презир према науката и стремежите на нашата епоха и бараат извори за "подлабоки согледувања" на светот и животот во ирационалните можности,со кое на нов начин го оживуваат старите погледи и мислења кои историјата одамна ги одминала.За догматскиот однос кон марксизмот тој покрај другото подвлекува како задоволствата од постигнатото во марксизмот можат да доведат до своевидна парализација на духот,па обврската која големите достигнувања ја наметнуваат за одење понатаму,да не се заостанува со усвојување на нови простори, се претвара во измислена и исфантазирана должност на чувар на тоа наследство("како тоа да е осудено да се затвори во музејска збирка,која само треба да се чисти од правливите наноси,да се чува од нестрпливите посетители и љубители на старини или да се брани од безобзирни крадливци-J.J.).

Тој укажува дека тука дивењето се претвара во слепо обожување,каде словото на теоретското се оправдува и брани со една повампирена схоластика која има свое срце и свети книги,свој начин на толкување и апологетика.Заклучокот е дека таквиот пристап нема ништо заедничко со марксизмот и дијалектиката како негова душа."Привидот на догматскиот марксизам е воглавном негова најодлучна негација,па марксистичката теорија во современите уалови мора како една од најважните задачи да ги има работењето на тој привид"119.Втор корен на догматскиот пристап според Јосифовски произлегува од лењоста и инерцијата на духот.За тоа прашање тој доста пишува во своите трудови и тоа доста конкретно.Зборувајќи за значењето на популаризацијата на марксизмот,тој подвлекува дека некои од голема висина, со потценување и омаловажување гледаат на оваа област,дури го сврстуваат во догматизам како своевидно попување кое не развива критички однос и ум "но дека само го обременува помнењето, а во најлошиот случај врши индоктрина-

119)J.Јосифовски,"Догматски,скептички и дијалектички приступ у марксизму", стр.20.

ција на масите со еден нов опиум".На таквите недијалектички пристапи Јосифовски одговара дека силата на занесот кон марксизмот потекнува од други извори,пред сѐ од неговата вистинитост, а дека за догматизацијата на марксизмот не е крива популаризацијата,туку како таа се остварува(опширен осврт стр.23).Пред да поминеме подлабоко во третирањето на оваа проблематика,сметаме дека е потребно да се даде осврт за поимот догматизам и неговите карактеристики-таа толку напаѓана и критикувана појава.Тој зборува за тоа што е догматизмот и каков треба да е нашиот однос кон него.

Тргнува од втората страна на основното филозофско прашање:како се однесуваат нашите мисли спрема светот што не опкружува и дали нашето мислење е способно да го познае светот(прашањето така е поставено кај Енгелс-Д.Д.)? Едни филозофи тврдат дека ние во нашите мисли можеме да дадеме правилен одраз на стварноста т.е. ние можеме да го запознаеме светот наеднаш,целосно и исцрпно.Таквите мислители,вели Јосифовски,застапуваат догматизам(од грчки догма-мнение,решение,вистина во која не можеме да се сомневаме)."Тоа се -вели- теолози кои своите тврдења ги прикажуваат како совршени вистини,кои треба да се примаат на вера,со кои ќе придонесат за нашиот спас,но и сите оние филозофи кои своето учење го претставуваат како единствена вистина, која ги открива сите тајни на светот, а другите-туѓите учења се отфрлаат како апсолутни лаги"120.

Јосифовски подвлекува дека помеѓу догматизмот и агностицизмот дијалектиката воспоставува однос на спротивностите и дека дијалектичкиот одговор на основното филозофско прашање-неговата гносеолошка страна е дека можеме да го запознаеме светот,но не наеднаш,не апсолутно,не еднаш за секогаш,туку постепено,релативно,чекор по чекор,а нај-

120)Ј.Јосифовски,"Марксистичка филозофија"стр.161.
(Види исто дело, стр.24:"Некогаш за догматизам се прогласува и секој обид да се утврди некој теоретски минимум,кајшто врз основа на неговото познавање би се подвлекла потребната,посебно за пролетерско-класното становиште,линија на разликување помеѓу привржениците и противниците на марксизмот...Без утврдување на тој минимум се создава конфузија како во областа на теоријата на марксизмот,така и при неговата популаризација...").

важно противречно.Додека догматичарите сметале дека располагаат со вистини дадени еднаш за секогаш,неизменливи и потполни, во кои не треба и не можеме да се сомневаме и кои дури и не подлежат на проверка.Тој укажува на одредени состојби во нашата реалност во однос на оваа појава. За догматизмот зборува и во својот осврт"До и отаде догматизмот",каде на едно место вели дека догматизмот е едностран,слеп, ограничен ,антинаучен ,туѓ на научната метода на докажување,проверување,присобирање,потоа како тој е фанатичен,нетолерантен,исклучив.

Тука дијалогот е дозволен само за несуштественото и површното, каде изучувањето на стварноста се заменува со изучување на текстовите - отаде текстологијата и цитатоманијата,121).Понатау, за карактеристиките на догматизмот нагласува дека тој е одвратен и тоа ужасно за секој современ човек,дури и кога е затскриен зад најсовремената терминологија и привид на најсовремената мисла каква што е Марксовата.

Подвлекувајќи дека за успешна борба против догматизмот мораме критички да се однесуваме кон материјалистичката дијалектика,Јосифовски го наведува предговорот на Маркс кон француското издание на "Капиталот",кајшто покрај другото се вели:"Престанете да зборувате за неразбирливост,туку запрегнете ги сите сили,физички и духовни,за да тргнете по големиот мислител и наш учител.Ако не сте готови за своеобразен подвиг попусто ќе ви биде сé,зашто ќе се храните со цвакана и прецвакувана наречена популарна литература и за цел живот ќе си останете детулчиња со млечни заби,неспособни да соцвакаат нешто сами"122.

За дијалектичкиот пристап кон марксизмот Јосифовски вели како тргнувајќи од фактот што марксизмот не е само теорија, но и раководство за акција,па неговата преокупација треба да биде во прв ред да од поставените,научно утврдени и проверени ставови иде понатаму,

121)Ј.Јосифовски,"До и отаде догматизмот",Филозофска трибина бр.8, Скопје,1982г.,стр.15 и 16.

122)К.Маркс-предговор на Маркс кон францускотo издание на "Капиталот".

"да го применува сознанието до кое дошол и методите со кои се служел на времето и местото во кое неговите носители живеат и дејствуваат,да се развива и дополнува,збогатува со нови вистини,да ги преиспитува своите поставки и секогаш да ги прави примерени и применливи на дадената ситуација"123.Тој вели дека средбата и расправата со граѓанските научници може да биде со двојак карактер 1,изучувањето на нивните трудови може да биде со позиција на марксизмот,односно такво што ќе овозможи да се одржи критички однос,идеолошка будност или изразувајќи се со парафразата на Енгелс;со детето да не се внесе и нечистата вода,па да се оттапува теоретската и идеолошка оштрина т.е.оштрица на марксизмот,но да се води сметка и за познатиот став на Ленин дека"не може да биде беспристрасна општествена наука во општество изградено на класна борба" и 2,оваа споредба може да биде и таква да марсистите се изгубат како такви,да се лишат од својот идентитет и да постанат носители на непријателства од позиции на марксизмот,воопштување,недијалектички пооделни вистни да се прогласуваат за општи,да се нудат решенија кои механичи се пренесуваат од други средини на приликите од својата земја.

Јосифовски потоа вели:"Со овој втор вид на однесување се развива еден вид скептицизам кој се́ доведува во прашање,во се́ се сомнева,кој ги потценува големите победи во минатото и големите достигнувања во сегашноста,а при тоа доаѓа до губење на чувството на мера, па доаѓа до глорификација на туѓото а птценување на своето,кое станува предмет на потценување,презирање,критизирање.Од овдека -вели тој -па до одење во крајност за прогласување на марксизмот за застарено учење не е така далеку"124.Овдека укажуваме дека во врска со освртот на Јосифовски"До и отаде догматизмот" постојат забелешки од страна

123)Ј.Јосифовски,"До и отаде догматизмот",стр.25-26.
124)Ј.Јосифовски,"Догматски,скептички и дијалектички приступ марксизму",стр.26.

на Страхил Гигов и Диме Бојановски-Дизе,како и одговорот на Јосифовски на истите,но поради немање на простор(ширина на темата) не сме во можност да се впуштаме во таа полемика,туку само ги наведуваме броевите на весникот "Комунист" во кои се дадени забелешките и одговорот на авторот на текстот,за увид на читателите 125)

Зборувајќи за дијалектичкиот пристап кон марксизмот Јосифовски подвлекува дека кај нас во последните години дојде до зголемен интерес за антрополошката проблематика( се мисли на годините од тој период-Д.Д.),така да изникна цел еден правец на "хуманистичка"марксистичка филозофија која претендира да во областа на филозофската теорија најавтентично ја изразува нашата општествено-политичка ситуација на самоуправниот социјализам.Се разбира, проблемот на човекот не само што не смее да биде занемарен од марксизмот,но напротив марксизмот во лицето на својот основач е и изникнал од размислувањето за судбината на човекот во капитализмот.

Јосифовски вели дека и покрај залугите на "хуманистите" или подобро речено филозофски антрополози во смисла на тоа што укажале на оваа димензија на марксизмот,едностраноста на нивната концепција е неоспорна.Откако подвлекува како Маркс ја надвладејал фазата од својот развој означена во раните трудови,пред сѐ во знаменитите ракописи("Економско-филозофски ракописи" од 1844г.) и од небото на филозофијата и утопијата слегол на реалното тло на науката и создал категоријален апарат за "природно-научна" анализа на капиталистичката општествена формација ,заклучува дека "антропологизмот во марксизмот значи натценување на надградбата и тоа во прв ред она идеолошката, филозофска едностраност и ограниченост која го лишува марксизмот од неговата дејственост и животна сила,па оттаму е израз на посебна форма на скептицизам према Маркс и марксизмот,бидејќи него настојува

125)Види:"Комунист",април 1984г.,стр.31,статија на Страхил Гигов и Диме Бојановски-Дизе;
"Комунист" од 13 април 1984г.,каде е содржан одговорот на Ј.Јосифовски и
"Комунист" од 23 март 1984г,под наслов"метаморфоза на тријадата" од Страхил Гигов и Диме Бојановски-Дизе.

да го сведе на некои негови делови,зашто останува само на младиот Маркс и зашто него го спротивставува на Енгелс и Ленин.Скептичкиот однос,вели Јосифовски,доаѓа ди израз и при едностраните истакнувања и апсолутизирања"критика на сето постојно",која претворена во нихилистичко негирање претставува во својата суштина крчење на патишта на немарксистички и антимарксистички влијанија и идеологии.Тој укажува каков треба да биде односот на марксистичкиот теоретичат при средба со граѓанските претставници на науката,при кое вели:"При тоа треба да се има на ум дека марксистичкиот теоретичар,кој тоа не е само по имато,располага со материјалистичкиот дијалектички пристап и свест,така да и најдобрите граѓански мислители и научници трпат влијание на својата класна определеност и општеството во кое живејат,па со самото тоа мора да настојува да ги открива идеолошките искривувања и да се спротивставува на продирање на туѓите идеологии т.е. идеолошки сваќања во марксизмот,зашто со тоа се извлекува од него неговото револуционерно јадро ,неговата душа..."126.

Јосифовски вели дека догматичарот е бил и е најголемо сумњало и своеврстен скептик,кој се искупувал со"самокритика на зборовите",а единствен услов недостатоците од овој вид да се сведат на најмала мера е стилот на критиката и самокритиката,не во смисла на накнадно увидување на грешките и самопосипување со пепел на каење,но во самиот тек на истражувачката дејност да се навлегува и да постанува оној воздух(атмосвера на научна работа),при кое важно е да се прават здружени напори за согледување на проблемот во сета негова целост и за издвојување на она што е навистина вредно,на кое да му се обрне внимание и да се усвојува од она што би значело одбрана на капиталистичкиот систем и криење на неговите фундаментални противречности.

За "негативната"дијалектика на критичарите на сето постојно од битна важност е тоа што во таквиот пристап не ја согледуваат суш-

126)J.Јосифовски-Догматски,скептички и дијалектички приступ марксизму, стр.28.

тината на противречностите на капиталистичкото општество,туку применувајќи ја својата постапка на социјалистичката стварност доаѓаат до резултати на граѓанските аналитичари,до своевидни теории на конвергенција(теорија според која со социјалистичката револуција не се дошло до суштинска промена,дека со неа не се надминати граѓанските хоризонти,дека таму се создало и создава своевидно класно општество,оптеретено со заостанатост и специфична идеологија).Јосифовски нагласува дека"утопискиот скептицизам ги затвара очите пред стварноста,метафизички ја раздвојува сегашноста од иднината,го меша привидот со појавата,површинското со суштинското"127,при кое не се оперира со научна анализа и методологија,туку се применува методот на приведување на стварноста пред судот на идеалот,историските цели.

Спрема тоа, вели Јосифовски дека суштината на дијалектичкиот пристап е надминување(укинување во смисла на Хегеловото„aufeben") и тоа како на догматизмот исто така и на скептицизмот и апологетиката и на негативната "критика на сето постоечко" и нихилистичко одрекнување на историските резултати на движењето.При тоа нагласува дека на догматската категорија на позитивитет и скептичката и нихилистичка категорија на негативитет,кои и двете тоа постануваат кога се земаат одвоено независно една од друга,треба да им се спротивстави дијалектичката категорија на негација на негацијата,"во кое тие го наоѓаат своето противречно единство,своето "помирување" кое ги е издигнало на повисок степен,кој докажува дека нивната работа не е била залудна, бессодржајна,кој го е очувал значајното за развивање на позитивнто јадро кое воопшто не би било ако не би било поставено,но кое би останало такво без вклучување во играта на неговата негација,па таа риејќи како кртињак не му дава да се успие,да застане на постигнатото,плива во плитките води на самозадоволства на неработење"128.

127)J.Јосифовски, исто дело,стр.29-30.
128)J.Јосифовски, исто дело, стр.30.

Заклучокот е деак само негацијата на негација како позитивитет од повисок ред го издигнува резултатот од процесот на повисоко ниво,во во побогата синтеза,со одредби од поранешната состојба.За разлика од догматизмот,дијалектичкиот пристап позитивното го зема како појдовна точка за да понатаму го збогатува со нови сознанија и да би ја покажал неговата животна способност во новите ситуации,"да во пламенот на дијалектичкото преиспитување би бил прекалуван за нови битки и победи"(цит.исто дело).Значајно е нагласува Јосифовски,дека единствено со дијалектичкиот пристап се помага да тоа што при догматскиот пристап ни се појавува како безживотна,мртва , некорисна фраза,се појавува животност,конкретна историска вистинитост,платичност и еластичност,прилагоденост да служи за доаѓање до нови вистински сознанија и нови патишта на борба,како и средство за социјалистичкото самоуправување.

Дијалектичкиот пристап значи да се пријде кон марксизмот марксистички, а интензивирањето на работата на теоретски план денеска во СКЈ,значи најнапред"барање да дојде до обновување на дијалектичкиот пристап во научното истражување,во кое ќе јакнат позициите на марксизмот,се развиваат и ги покажат сите свои предности и творечки способности за остварување на идеалите на научниот социјализам"129.

а/Негативни ефекти од неприменување на дијалектиката

Кога пристапот не е дијалектички или кога не се води сметка за дијалектиката,нејзините принципи и закони,како укажува Јосифовски, тоа води кон грешки и лоши последици и тоа не само за поединци,но и пошироката заедница воопшто-зашто тоа се одмаздува,"таа пред ништо не поткленува ,зашто е критичка и револуционерна".Но ваквата улога на дијалектиката подразбира знаење,наука,општа култура.Така, кога Б.Шешиќ зборува за разликата помеѓу законите кои ги утврдуваат природните науки и досега утврдените дијалектички закони,ќе рече:

129)Ј.Јосифовски, исто дело, стр.31.

"Во досегашната методологија на природните науки,се́ уште претежна улога имаат законите и теоретските модели на традиционалната логика" 130.Тој укажува на неизграденост на самата "конкретна дијалектичка логика", а посебно на специјалните логики на одделните науки и дека додека сите логики не бидат изградени во доволна мера,ќе се чини како да постои длабок јаз помеѓу дијалектичките закони и законите кои ги откриваат природните и другите одделни науки.

Но да се вратиме на освртот на Јосифовски"Дијалектиката одмазница",кајшто тој посебно внимание обрнува на актуелноста на дијалектиката и дијалектичкиот метод во нашата секојдневна теоретска и практична дејност и живот.Тука,во однос на севкупната општествена активност,совладувањето на секојдневните прашања и проблеми во нашето општество,тој ги насочува своите согледувања и погледи и го покажува јасно и недвосмислено местото и улогата на дијалектичкиот метод-тоа силно орудие на мислата-кое помага полесно и побргу да се доаѓа до разбивање на површноста,привидот ,заблудата,лошата намера, манипулирањето со човекот ( се разбира се мисли кајшто се присутни таквите појави и тенденции),полесно и побргу да се дојде до вистината."Ленин ќе им покаже на оние марксисти кои кон марксизмот пријдуваат како кон гол збор,дословно сватен и бранет од какова и да е промена ,што всушност значи тој.Големото учење на марксизмот за двете основни класи на современото капиталистичко општество:буржоазијата и пролетеријатот,кое догматските марксисти ги тераше или сосема да го запостават прашањето за селанството или ако и го поставуваат,на селаните да гледаат како на реакционерна класа,осудена на разлагање и пропаст,но и на влечење назад и сл.,Ленин го искористи не да потклекне пред фразата и општата вистина,туку прашањето да го проучи конкретно во условите на тогашна Русија,па потем да покаже на огромните ре-

130)Б.Шешиќ-"О неким питањима дијалектике и прогреса","Наше теме", Загреб,1963г.,стр.1473.

волуционерни потенцијали на оваа угнетена и експлоатирана класа"131. Значи,Јосифовски ќе покаже на пример кај Ленин во однос на примената на дијалектиката,како на теоретски,така и на практично-револуционерен план-тој ненадминат мајстор на дијалектичката вештина,кој можел брилјантно да го променува дијалектичкиот метод како во теоретските анализи , така и во практичните акции.Јосифовски го зема за пример спорот кој избил и ја потресол младата руска социјал-демократска партија меѓу болшевиците и меншевиците во време кога таа не е ни била со зацврстени темели,а кој имал за последица да дојде до разделување на привзрениците на "Искра" и покажува каква била силата и енергријата на Ленин во тој спор,пред се́ благодарение на дијалектичкиот пристап, ширината на видикот и знаењето.Мнозинството од искровците на чело со Ленин енергично се залагале за формулации во статутот на партијата, кои ќе водат кон тоа од неа да создадат пролетерска авангарда ,која со сила на својата колективна мисла,дисциплина,организација и цврстина,ќе биде способна да внесе свест,здружена акција,смисла за ред, така што милионските маси во партијата да го најдат оној избран водач по кој доброволно ќе тргнат во борба за крајната цел.

Ленин согледува дека прашањето за селанството т.е.неговата прогресивност и реакционерност е прашање,на кое не трба да му се пристапи вулгарно марксистички,ниту механицистички и метафизички,туку дијалектички. Тоа беше прашањето,подвлекува Јосифовски,општата вистина за ситно-буржоаската положба на селанството,кое да не се применува апстракно,шематски,вон просторот и времето,без конкретно да се разгледуваат револуционерните потенцијали на селанството,кои треба да се развиваат,наспроти оние кои влечат назад и треба да се сузбиваат.

"Неразбирањето на дијалектиката и на нејзините основни поставки,на кое Ленин многустрано инсистира...ги одведе вулгарните марксисти во догматизам,на кои дијалектиката им се одмазди, а практиката

131)Ј.Јосифовски,"Дијалектика одмазница",Филозофска трибина/5-6,1981, април,стр.13.

го обрече на полн пораз"132.Јосифовски вели дека Ленин наспроти крушковштината и крушковскиот принцип на тајната,криење на мислењата или нивно изразување само во тесни кругови,ќе се залага и бара јавност во работата,па ќе извика:"светлина повеќе светлина",бидејќи само при постоење на широка јавност таа ги насочува сите праволиниски,еднострани,каприциозни скршнувања,"само тоа ги претвара по некои бесмислици и смешни контрирања на групичките во корисен и неопходен материјал за партиското самовоспитување"133.

Јосифовски укажува дека претварањето на партијата во сталинизмот во послушно орудие на диктаторот е резултат на неводење сметка за дијалектиката на партискиот живот и дејствување,на преовладување на собакиевистичкото праволинејство и ограниченсот над оркестарското разнообразие на дејствивањето над ширината на погледите и способноста на авангардата во своите редови да ги вовлече навистина најдобрите революционери, а да ги отфрла оние што или ги немало воопшто или ги изгубиле овие својства неопходни за да му припагаат на овој одред.Јосифовски јасно ќе реќе дека поради не водење сметка за ова,дијалектиката се одмаздува и дека таа секогап тоа ќе го чини,било кога партијата ќе се расплинува како социјал-демократска организација со спроведување на политиката на опртунизам и класно помирување со буржоазијата(откажувајќи се од централизмот и еднострано,нагласувајќи го демакратизмот) или пак претварање во еден вид на принудна организација на послушни војници,кои слепо ја извршуваат волјата на "мудрите"владетели.

Ќе подвлечеме и тоа,како Јосифовски во освртот зборува и за употреба на терминот дијалектика во секојдневниот живот,расправите,научните дискусии,политички разгледи,дека е тоа збор кој постојано е во усните на дискутантите(пишувачите на статии,трактати,политички активисти),за кое заклучува деак лошо му се пишува на овој збор кој

132)Ј.Јосифовски,исто дело,стр.16.
133)Ј.Јосифовски, исто, стр.26.

толку често се употребува и како тој има своја горна и долна граница на издржливоста и "туку глеј едно време станал ординална фраза, черупка без супстанца,плевел без зрно,лушпа без јатка"134.Крајот на оваа статија Јосифовски го завршува со мислата дека не може да стане збор дека сталинизмот извира од ленинизмот,како негово логичко продолжување и доследно завршување,но дека поскоро тој е резултат на "дијалектиката одмазница".Додека организираниот живот во партијата според Лениновиот принцип ќе биде во состојба во секој момент да ја определува онаа мерка помеѓу противставените дијалектички елементи,која е во состојба не само да го одржува организмот во целина ,но и да ја наголемува неговата ефикасност и способност,да му служи на делото на пролетеријатот.

Јосифовски вели дека кога расправаме за дијалектиката ,дури и кога имаме работа со нејзините горешти прашања,треба да ја разликуваме вистинската дијалектика од нејзиниот антипод(схоластичката,шематичката или конзервативната "дијалектика"),треба секогаш да правиме разлика помеѓу зборот и мислата,појавата и суштината."Затоа дијалектиката не може да се научи,треба да се свати нејзинипт дух и во практичната научна дејност,во општествената агнажираност,да се усвојува ова моќно орудие на мислата за да не зарѓи и да не стане средство за афирмирање на неспособните,полтроните,медиокритетите,кои празнината на својата мисла и дух ја кријат во порој од звучни фрази и полувистини"135.Значи,овдека Јосифовски го актуализира прашањето за кое има обратено внимание уште Платон, а тоа е силата на дијалектиката и опасностите од нејзиназа злоупотреба и неправилна употреба.

Тој понатаму подвлекува дека суштествено за дијалектиката е да се разбере не само што е туку и она што не е нештото,а кое по себе подразбира не само што е позитивно кај него,туку и негативното,"не са-

134)J.Јосифовски,"Дијалектика одмазница",стр.14.
135)J.Јосифовски,Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата,стр.136-141.

мо дека нешто е туку и дека мора да пропадне и да му отстапи место на нешто друго",наспроти противниците на материјалистичката дијалектика кои од нејзино име се застапуваат за фрази и шеми,со кои може да се изнасили секоја содржина,да се умртви и да се претвори во една апологија на бирократијата отуѓена од масите,која својот интерес го претставува како светско-историски интерес на работничката класа.Кога би ги синтезирале ставовите на Ј.Јосифовски за дијалектичкиот пристап кон марксизмот,наспроти догматскиот,скептичкиот и разните други однесувања,би дошле до следното:

-Често се случува да дискутираме ,критикуваме, а малку да ги знаеме работите т.е. малку да имаме змаење за прашањата за кои дискутираме; Актуелноста ма марксизмот не е фраза или идеолошка желба,но значајно прашање за секој вистински мислител.Во борбата со непознатото,во авантурите на наджививеаното,марксизмот нуди средство за подобро ориентирање,подлабоко согледување,поупешно докрајчување на започнатото;

-Кон Маркс треба да се однесуваме како кон наш современик,да се оценува колку тој со своето дело помага за осмислување на наши проблеми,биење на наши битки,предвидување на опасности и пречки кои се јавуваат на патот кон една човечка заедница;

-Зборувајќи за триумфалниот,негаторскиот и критичкиот однос кон марксизмот Јосифовски подвнекува дека критичкиот однос марксизмот го сваќа како превасходна мисла на современоста која е способна да ја разбере денешницата и при тоа да дава одговори на сите решавачки прашања што се поставуваат пред модерната теорија и практиката;

-Потсетувајќи на големите принципи на материјалистичката дијалектика подвлекува дека дијалектичкиот пристап за разлика од догматскиот и скептичкиот,ни дава методолошка основа за совладување на површниот позитивизам на граѓанската претставничка наука, а дека со прогласување за застаерни на овие принципи се оневозможува подлабок пристап за сознавање на современата општествена стварност,сваќање на нејзиниот тоталитет;

-Кон догматизмот да се пднесуваме дијалектички,а не нихилистички, односот треба да биде преку и во дијалог,критика,противставување,зашто догматизмот нема потреба да се осудува со презир,потсмев,проколнување туку да се навлегува во неговата смисла и да се зема позитивното, а да се критикува негативното и тоа постепено да доведува до издигнување на степен на критички пристап и однесување;

-Само така може да се надминува најголемата опасност на марксистичката теорија, а имено таа да стане ,да се претвори во празна фраза и здодевно преповторување на одломки;

-Задоволството од постигнатото во марксизмот може да доведе до парализа на духот,па место да се бори за одење напред кон нови видици, се претвата во измислена и исфантазирана должност на чувар на тоа наследство,појава на повампирена схоластика,слепо почитување на словото на теоретското;

-Утопискиот скептик ги затвара очите пред стварноста,метафизички ја раздвојува сегашноста од иднината,не е во состојба во самата стварност да ги согледа зачетоците на иднината,ги меша привидот и појавата и при тоа не оперира со научна анализа и методологија;

-Дијалектичкиот пристап значи надминување како на догматизмот,така и на скептицизмот,апологетиката"критика на сето постојно" и нихилистичко одрекнување на историските резултати на движењето.Само дијалектичкиот пристап е во состојба да ги открива метафизичките и мистички велови на оние современи филозофи,кои проповедаат презир према науката и бараат извори за "подлабоки"согледувања во ирационалните можности.

<u>б/Ленин,пример на дијалектички пристап кон марксизмот-неговата творечка примена и развој</u>

Посебно значајни се укажувањата на Јосифовски за придонесот на Ленин за творечката примена и развој на марксизмот.Покрај ставовите на Јосифовски за дијалектиката на Ленин изложени во"Филозофските тетратки","Материјализам и емпириокритицизам" и др.дела,овдека посеб-

но за одбележување се писмата од 1893-1923г.во 11 том на Одбраните дела на Ленин,а кајшто има драгоцени сознанија за дијалектиката и нејзината практична примена во револуционерната дејност.Овдека наведуваме негови укажувања за дијалектичкиот пристап во писмото до Инес Ф.Армонд( јули 1917),каде вели:"Колку е ѓаволски сложен историскиот живот,дава сосема нови форми,само делумно засегнати од нас". Тука особено е значајно да се подвлече дијалектичкиот приод на Ленин Не догматско,зачувувачко формален пристап кон марксизмот,но творечко критичко усвојување -тоа е она што го чини силен и ефикасен овој метод на акција.Потоа,вели Јосифовски,стои укажувањето дека марксизмот не е магиска формула,златно клуче што ги отвара сите врати,не е некаква панацеја,лек за сите зла на општествениот живот што без напор, без усилби,трошење на сили би давал сигурни успеси,"Тој е раководна нишка,но и орудие што севезден одново се прековува,преизработува сообразно со новите услови на општествениот живот,борбата и новите резултати на науката".

Се наведува и ставот на Ленин дека и "најпрогресивниот метод може да стане и најобична схоластичка акробатика,игра со зборови,зад која се кријат мртвило,скиснатост,мувлосаност ,средство за конзервирање на дадената состојба,место да биде орудие за револуционерна преобразба,ако не се води сметка за живиот живот,ако тој не се изучува". Јосифовски иато така наведува и делови од содржината на писмото до Н.Д.Кикнадзе(ноември 1916),од кајшто исто така може да се види конкретно дијалектички приод кај Ленин:"Марксизмот мора во премисите на својата политика да стави само точни и неоспорно докажани факти... Шветскиот социјалдемократ може да биде и за определување и против. Задолжително ли е единството по таквото прашање на сите социјалдемократи од сите земји?Не.Тоа ќе биде шаблон,смешен шаблон,смешна претензија".Или на пр;делови од писмото до Армонд(30.11.1916),каде пак е видлива дијалектиката на пристапот:"Сиот дух на марксизмот бара се-

кој став да се разгледува само историски,само во врска со другите, само во врска со кокретното искуство на историјата".Јосифовски подвлекува како"овој конкретен приод,настојувањето да се биде во постојан контакт со стварноста,со она што се случува,независно од желбата и волјата на луѓето-е суштествено за Лениновиот пристап и стил на работа.На тој начин теоријата и фактите,обопштувањето и случувањето,апстракното и конкретното се во дијалектичко единство во дејноста на големиот теоретичар и револуционер"136.

Тој укажува како Ленин бара да се критикуваат Маркс и Енгелс и кога се укажува на грешките кај нив,тогаш мора бездруго да се анализира ситуацијата во која тие "грешеле",ако"грешеле",да се објаснува зошто "грешеле".Тогаш ќе се види дека може би она што од гледиштето на моментот е грешка,не било грешка за оние услови во кои Маркс и Енгелс дејствувале .Во врска со неговиот дијалектички пристап Јосифовски го наведува и писмото (т.е.делови од него) до И.И.Скворцев-Степаков,каде вели:"Без борба со дијалектичка мудрост не може да има ни одбирање,а без одбирање не може да има успешно движење напред,трајно единство.Сметаме дека само од себе е разбирливо и неопходно струењето на различни мислења,нивно сопоставување,конфронтирање и борба, а пред сé револуционерна јавност која треба да се определува за она што е најпрогресивно и за дадениот момент најактуелно,која треба да ја проценува способноста,искуството,искреноста на раководителите".

Јосифовски потсетува на низа моменти и ситуации во кои Ленин го користи дијалектичкиот пристап во неговата земја во тоа време во мошне сложената ситуација на борба со секојдневните проблеми, судир со опозицијата и др.Така тој во писмото до Луначарски,во кое го критикува Бебел(11.10.1905) пишува:"Не смееме да се ограничиме на тесно сватена синдикална борба како единствено пожелна,но не смее таа ни да се потчини на другите форми,на пр;вооруженото востание.Синдикал-

136)Ј.Јосифовски-предговор на 11 том Одбрани дела од Ленин,"Култура", Скопје,стр.30-43.

ната борба треба да се користи за влијание на социјалистичката демократија врз работничкото движење,тоа да се подигне на повиско движење.Да не се преувеличува несогласубањето на меншевиците по тоа прашање...треба да не се стои на страна,туку да се стреми да се учествува,да се влијае и.т.н.Не треба-му пишува понатаму на Луначарски-да се прави ограда,зашто тоа се грешки на човек со кого ние одиме по ист пат и кои можат да се исправат само на тој пат,марксистички, социјалистички".

Како гледаме овдека се на повидок карактеристиките на дијалектичкиот метод и што е посебно значајно,конкретната примена на ова силно орудие на мислата во конкретни акции и животни ситуации,посебно во тој револуционерен период.Како и колку на Ленин му помагал тој пристап да излезе на крај со разноврсните и секојдневни проблеми,сами можеме да видиме и од претходно наведените мисли и ставови,како и од успесите што се постигнувани во револуционерната дејност на чело со него.Се разбира,овие ставови,примери и укажувања( а такви има,како рековме и понапред и во низа поголеми негови трудови) Јосифовски ги наведува со цел најевидентно да го поткрепи,со најконкретни примери,напред изнесеното за карактеристиките на дијалектичкиот пристап кон марксизмот.

(Види:предговор на J.Јосифовски,Одбрани дела од Ленин,том 11, "Култура",Скопје;писма 1893-1923,стр.8-43 од предговорот.Изборот на тектвите е од J.Јосифовски и Г.Старделов).

VIII.ДОДАТОК на некои трудови кои не се зафатени во досегашната расправа,а кои дообјаснуваат некои прашања и проблеми третирани во темата

Да го земеме освртот во "Погледи" бр.2 од 1967г.под наслов"По распаѓето на филозофијата",ќе забележиме расправа за дијалектиката, примена и користење на дијалектичкиот метод.Тој тука го наведува обидот на Алтисер да го постави Марксовиот научен метод како противен на каков и да е хуманизам,а Марксовата мисла како антихуманистичка. "Некои допирни точки на структурализмот-вели Јосифовки-го одвеле Алтисер да се сложи со структуралистите во низа значајни ставови и поставки и упадлива е себичноста на ставовите на Леви Строс за филозофијата и ставот на Алтисер за идеологијата"137. Спорот е во спротивставување на апстракниот и реалниот хуманизам или поточно меѓу оние кои сметаат дека човековата хуманистчка проблематика може да се исцрпи од научната анализа и оние кои тврдат дека има проблеми(суштествени за човековиот живот)кои научната анализа не може да ги свати,а не да ги постави,уште помалку да ги реши.

Овдека Јосифовски за Марксовиот метод вели дека тој надоврзувајќи се на претставниците на класичната политичка економија Адам Смит и Давид Рикардо,во економските односи кои се раскривале како односи меѓу предметите-стоките,открива односи меѓу луѓето.Така,доаѓајќи до поимот производни сили и производствени односи,тој доаѓа до реалната база од која зависи и се определува надградбата."Тука немаме анализа во класична смисла,ами метод на апстрахирање или како што го нарекуваме метод на расслојување.Никаква анализа на еден предмет, кој ни се дава како стока,никакво дробење,хемиско мерење,испитување не ќе ни открие барем малкуцка вредност"138.

Јосифовски прашува:Каков е Марксовиот метод во "Капиталот" (филозофски или научен)? Се разбира ,вели дека е научен,кој самиот

137)Ј.Јосифовски,"Погледи",бр.2,"По распаѓето на филозофијата",1967, стр.118.
138)Ј.Јосифовски,исто дело,стр.119.

Маркс го споредува со методите на природните науки:микролошката анатомија,физиката и др.,дека Маркс целта на своето иследување ја поставил научно,настојувајќи да го открие економскиот закон"на движење на модерното општество,кој е природен закон на неговото движење". И при тоа,бидејќи во иследувањето на својот предмет не може да се служи со микроскоп,ниту со хемиски реагенси,тој нив ги заменува со силата на апстракцијата,па како што анатомот врши анализа на најпростите и најситните форми на живите организми,така и Маркс најнапред ја анализира стоковната форма на производот на трудот како основна клетка на буржоаското општество.

Јосифовски подвлекува дека иследувањето на социјалните организми се споредува со иследување на ботаничките и зоолошки организми, а при тоа целта е да се дојде до објективни закони кои"не само што не зависат од волјата,свеста и целите на човекот,туку обратно самите тие му ја определуваат неговата волја , свест и цели,нагласувајќи при тоа дека со тоа никако не се одрекнува дека во иследувањата во "капиталот" Маркс го има применето дијалектичкиот метод.Понатаму тој продолжува со споредување на научниот и филозофскиот метод,велејќи дека и научниот пристап е објективен,"тој се апстрахира од човекот-субјект на иследувањето и колку е можно непристрасно,незаинтересирано испитува; мери,споредува,анализира,класифицира и др.

Научникот настојува да го пронајде законот на развитокот на определената област,така за илустрација Јосифовски ги споменува нацистите во концентрационите логоти,додавајќи како којзнае дали и на овие монструозни научници им должиме за значајни откритија,кои придонеле да се разбере подобро функцијата на човечкото тело и неговите одделни органи.Зашто како што додава во продолжение,нас не̂ интересира фактот што човекот служи како средство,со него се постапува како со предмет("непристрасно,немилосрдно,безобзирно").

На овие примери,вели тој, дека е јасна разликата помеѓу научниот и хуманистичкиот поткот.Впрочем,како додава потоа,оваа разлика

ја уочил уште Достоевски на еден поинаков наичин ,поставувајќи прашање:Дали Раскаљников има право да убие макар и една штетна ,себична , немилосрдна,нечовелна баба лихварка,за да усреќи со нејзините пари мнозина сиромашни студенти кои поради беда како него пропаѓаат?

Зборувајќи за Марксовиот дијалектички метод потоа тој вели:"Како и да е можеме да кажеме дека Маркс надоврзувајќи се на Хегела и неговата дијалектика ,во "Капиталот" се надоврзува и на објективниот начин на гледање на работите на големиот германски филозоф кога се фатил да ја открие објективната дијалектика на капиталот"139. Марксовиот методски пристап,вели Јосифовски,бил насочен да открие како се случило и се случува да човекот чија суштинска карактеристика е да биде творечко слободно суштество,сепак ја губи слободата и се претвара во поробено,потчинето,угнетено и деградирано суштество.

При тоа,тој додава дека на оваа линија тој му се спротивставува на сиот дотогашен материјализам,вклучувајќи го и оној на Фоербах заради неговиот објектибизам,кој се состои во тоа што"предметот,стварноста,сетилноста, се зема во форма на објект или во форма на контемплација" т.е. независно од човекот и неговата дејност,"не како човечка сетилна дејност,не субјективно".Уште позначајно е вели Јосифовски што Маркс во наведената теза укажува дека дејствената страна, спротивно на материјализмот ја развил идеализмот,при што тој секако мисли на субјективниот идеализам(подв.J.J.),но како вели потоа Маркс оваа дејствена страна овој ја развил апстракно додека Маркс бара да се земе во предвид конкретната човекова дејност,практиката.

"Се чини дека Маркс овдека застанал и пошол по патот на образложување на човековата страна на стварноста...по првиот пат кој застапува улога на човекот како творечки субјект,кој не само што го проучува објектот,туку го менува и пресоздава,му вложува свој пе-

139)J.Јосифовски,"По распаќето на филозофијата", стр.122.
( Види: Марксови "Тези за Фоербах",Ф.Енгелс,Лудвиг Фоербах,IIизд. Скопје,1960,стр.61-64).

чат,суштина,својата вистина"140.Но, тој не отишол по патот на образложување на човековата страна на стварноста(анализа на практиката), туку по патот на објективно научно иследување,кое е пресвртен момент во човековата дејност,али тоа не значи недоследност и напуштање на поранешните позиции,како што тоа го тврди Алтосер.Јосифовски укажува како неговата научна дејност(Марксовата ),се надоврзува на неговата филозофска дејност и претставува нејзино продлабочување,при кое за Маркс вели:"Тој бил свесн дека светот не може да се очовечи преку него,туку согласно со него,знаејќи дека општеството не може да се усогласи со човечките интереси ако не води смека за законите на развитокот.Но знаењето на законите се предуслов, а не цел на остварување на основната задача:хуманизација на природата и натурализација на човекот"141.

Нареден пример е освртот"Триумф на дијалектиката",објавен во "Погледи"(по повод книгата на Г.Лукач "Историја и класна свест"),кајшто Јосифовски вели дека средиштето на расправата во книгата е прашањето за дијалектичкиот метод,а тоа значи дека методолошкиот,теоретско сознајниот приод зел врв над секој друг,дека централно прашање во книгата е прашањето за односот на субјектот и објектот,теоријата и практиката,нужноста и слободата.Тој го наведува ставот на Лукач како застапувајќи се за ортодоксниот марксизам,тој истакнува дека ортодоксија може да биде само збор вон однос на методот, а во дијалектичкиот метод имено ова совпаѓање на субјектот и објектот,теоријата и практиката,нужноста и слободата,не само да се бара,туку и мора да се оствари.Подвлечен и ставот на Лукач дека она што Марксовата дијалектика изискува,тоа е фактот таа и кон самата себе си да се однесува дијалектички,па оттаму Лукач истакнува неконтемплативниот однос на субјектот кон објектот и со тоа нивно противставување на недијалектички начин,туку се бара она што може да ја изрази дијалектиката на дело,да даде правилен пристап кон методот на дијалектиката.

140)J.Јосифовски,"По распаќето на филозофијата", стр. 123.
141)J.Јосифовски, исто дело, стр.124.

Кога зборува за дијалектичкиот пристап на Лукач го подвлекува неговиот критички осврт на Енгелс,велејќи како кога Енгелс го излага дијалекетичкиот метод како спротивност на метафизичкиот,тој не кажува за нивното дејство,дијалектичкиот однос на субјектот и овјектот како историски процес,туку останува на контемплативното дејство,кое ја губи од предвив менувањето на стварноста.Се подвлекува тезата на Лукач:Дијалектиката бара надминување на едностраноста на контемплативниот приод,така да таму кајшто контемплацијата раздвојува,дијалектиката спојува,наспроти односот на гледање таа го практикува односот на дејствување,заемно проникнување,спорење и поминување зад она што е дадено во нешто што го нема,но може да го има.

Со други зборови дијалектичкиот метод ја прогласува категоријата на тоталитет за владејачка(83).Се подвлекува дека само кај Маркс Хегеловата дијалектика има станато алгебра на револуцијата и дека таа тоа нема станато еднострано со материјалистичкиот пристап и дека овој револуционерен принцип на Хегеловата дијалектика во овој пресврт и со негова помош можеше да излезе на бел ден,само затоа што се задржала суштината на дијалектиката,гледиштето на тоталитет,разгледување на сите делумни појави како моменти на целината на дијалектичкиот процес,кој е сватен како единство на мислењето и историјата. Дијалектичкиот метод на Маркс оди на познание на општеството како тоталитет.

Јосифовски вели:"Сега се доаѓа до она што претставува најоригинално во "Историја и класна свест",но и најоспорувано,до вистината за предметот,до познание на општеството може да се дојде не со некој непринципиелен напор макар тој и да биде плод на научно истражување.Само тогаш кога на историската сцена ќе стапи таков тоталитет,кој е животно заинтересиран да дојде до вистинско познание на општеството,до такво познание и ќе дојде("ова гледиште на тоталитет како субјект го претставува во модерното општество единствено и исклучуво класите",85).Така гледиштето на Каутски и Ленин дека свеста

на работничката класа доаѓа од науката т.е. научниците,дека се внесува од надвор,сосема се оспорува"142.Тој укажува на разликата меѓу Кант и Лукач во однос на методот,при што подвлекува,дека додека кај Кант познанието и практиката се разделени со непремостив јаз,Лукач како и Хегел и Маркс бара врска,преоди,однесувања во кои исчезнуваат фундаменталните разлики помеѓу субјектот и објектот,теоријата и практиката,човекот и природата,се́ се спојува во историско одвивање,кое е субјект-објект и во кое се открива човековиот свет и како наспроти контемплативното однесување својствено за човекот на капиталистичкото општество,стои класната свест на пролетеријатот,која имено бидејќи станала практична има и моќ да преобразува.

При тоа,вели Јосифовски,голата објективност на движењето на природата треба нужно да се одвои од општествената дијалектика"каде е и субјектот вклучен во дијалектичкиот взаемен однос,каде теоријата и практиката во меѓусебниот однос бидуваат дијалектички.Пролетеријатот претставува идентичен субјект-објект на општествениот развоен процес"(303)."На тој начин-вели Јосифовски-триумфот на дијалектиката дава едно стеснување на хоризонтот на дијалектичката моќ,која е ограничена на едно подрачје(човековото општество) и тоа од определена фаза од неговиот развиток,при што класата на пролетеријатот станува во вистинска смисла "избран народ",кој е носител на објавата која е добиена од историскиот процес и која треба да се реализира за да настапи комунистичкиот поредок"143.

Ја наведува критиката на Лукач во однос на Енгелс за дијалектиката:"Најдлабокото Енгелсово недоразбирање се состои во тоа што тој однесувањето на индустријата и експериментот го сваќа како пракса во дијалектичко-филозофска смисла.Та имено експериментот е најчист контемплативен начин на однесување,кој создава една вештачка апстракна средина за да може непречено да го посматра манифестирањето на она

142)J.Јосифовски,"Триумф на дијалектиката",Погледи,1971/2,стр.247.
143)J.Јосифовски,исто дело, стр.249.

што треба да се набљудува,исклучувајќи ги при тоа сите ирационални елементи кои би можеле да пречат како од страна на субјектот, така и од страна на објектот"211,"Историја и класна свест".

Подвлекувајќи го неговиот презир кон апстракниот пристап,Јосифовски наведува дека во"Историја и класна свест" Лукач се пресметува со метафизичкиот материјализам,кој Енгелс и Ленин го ставија во основа на своите филозофски гледишта и сметаа врз основа на нив ќе може да се изградува една материјалистичка дијалектика способна да го совладува тесниот хоризонт на дијалектичкото дејствување,во кој Хегел ја осудуваше својата филозофија-имено хоризонтот на мисловното, а и оној иако проширен,но сепак затворен круг на историското дејствување на општествениот развој,во кој, ете Лукач,тргнувајќи од својот методички дијалектички пристап,од практиката,ја втисна моќта на дијалектиката.

Овдека солохуманизмот на Кант прераснува во панхуманизам на Лукач.Како заклучок за овие Лукачеви согледувања,Јосифовски го наведува следното:

-Чекор напред што Лукач го прави е однесувањето кон човекот како кон суштество,кое не е апстрактно изведено и сведено на некои свои моќи, туку во воспоставување на врска со поранешните историски периоди,па оттаму човекот му е даден не само како реално суштество,туку во исто време му е дадено и како општествено суштество кое се определува према реалната положба до дијалектичко-историскиот процес;

-Афирмацијата на автентичната дијалектика,која така блескаво дојде на показ во"Капиталот",тој настојува да ја покаже и во сверата на свеста,но при тоа да ја поврзе и со реалното тло;

-Анализата на Лукач на поставрувањето на свеста на пролетеријатот е магистрално дадена.При разгледување на разните форми на фетишизам крајна цел му е да го открие идеолошкиот привид,општественото оптоварување на свеста,да го покаже поставрувањето како гледиште на"здравиот разум" на граѓанинот во граѓанското општество и да го посочи на-

чинот тоа да се совлада,не по научен пат,ами по пат на борба на класата;
-Својот централен поим-практиката"го стеснувала или изопачувала",праксата примала"нешто токму претерано што навистина одговараше на месијанската утопија на тогашниот лев комунизам,но не и на вистинското марксистичко учење"(18).Иако не навлегувавме подлабоко во разгледувањата на сваќањата и погледите на Лукач,сметаме дека и овој осврт на Јосифовски за неговата дијалектика,може да даде една слика за тоа како тој му пристапувал на тоа прашање,во случајов во едно од неговите највредни дела "Историја и класна свест".

Нареден пример е неговиот осврт"Враќање кон материјата",објавен во "Дело 74" бр.1-2,од каде исто така може да се види како тој го применува дијалектичкиот метод, а воедно зборува и за карактеристиките на дијалектиката.
"...Затоа нему му беше добредојдена згодата што му се даде со примерот на Бухарин за да покаже нагледно во што е дијалектиката воопшто и како таа се манифестира во случајот со Бухариновата чаша.Во таа смисла Ленин вели:Чашата е неоспорно и стаклен цилиндар и направа за пиење, но чашата ги има не само тие две својства или квалитети или страни, заемни односи и посредни врски со сиот останат свет.Чашата е тежок предмет кој може да биде орудие за фрлање,чашата може да послужи капритискач,како сад за фатена пеперуга,чашата може да има вредност како предмет со уметничка резба или цртеж,сесема независно од тоа дали е посодна за пиење,дали е направена од стакло,дали нејзината форма е цилиндрична или воопшто е таква и така натаму и на тоа сл..."

Од филозофска гледна точка важно е за чашата да се нагласи дека таа е конкретизација на Хегеловото сваќање дека нема на светов ни една ствар или појава која не е многустрана,противречна.Токму бидејќи се тоталитет од разновидни страни,црти и односи,стравите и појавите се целости, а отаде и динамични,подвижни и полни со сила на живот,во

едностоен порив,да бидат во исто време она што се и она што не се, да се надминат себе си.Освен тоа Ленин го зема во предвид и човекот и неговиот однос кон стварите како еден од суштествените моменти во определбата на еден предмет и со тоа објективната дијалектика ја поврзува со она субјективната...техниката што човекот е во состојба да ја изгради врз основа на научните сознанија може да доведе до таму што огромната гиганска моќ на ова единствено суштество на земјата да стане конечно тотална и тоа во оваа мера што да се исшмука сета супстанца на предметниот свет.Сето она богатство и разнообразност што се натрупало во тек на милијарди години..."

Јосифовски укажува дека така се доаѓа до крајна деградација на материјата,редукција на предметниот свет од една димензија.Маркузе зборува за човек од една димензија,подобро ќе е да се зборува за свет од една димензија,еднообразен,сив,здодевен,што предизвикува рамнодушност или досада.Она што се произведува ја губи својата предметност,својата трајност и тоа така што човекот да не може да воспостави никакви трајни врски.Јосифовски подвлекува како понижената материја зема одмазда за немање никаков почит кон неа.

Тој го наведува примерот со пластична чаша,како предмет,кој нема ниту една димензија,исчитен е од сите функции да функционира,па не може ниту во својата единствена функција да функционира,зашто тоа не е ниту цилиндар,не е тежок предмет,нема уметничка вредност,нема убавина за давање на подарок за спомен,за славење победи-тоа е пластична чаша."Колку се миговни овие направенки,вакви вистински џиџалчиња,залажувачки.Тие ужасно брзо застаруваат,дури се остарени кога и не се стари,кога не се постанати и изабени,кога одлично функционираат зашто веќе се произвеле други поусовршени од нив...Ова покажува колку научно-техничката цивилизација назауздено пропуштена на својата логика,го лишува светот,природата и човекот во неа од нивната ди-

јалектичност,од нивната убавина,внатрешна сила,достоинство,им ја цеди супстанцијата и ги деградира на галенички појавенки,прости дадености до еден позитивитет на проста обвивка зад која зјае празнина ...Загубата на стварите во современиот свет сторила да се загуби оној што нив ги изгубил... така доживуваме своевидна одмазда на стварите, која се повеќе ни се бамка врз главите и го алармира во нас она што останало од човештината да не тргне противречно и да бара коренита измена на воспоставените односи,на светогледот,на пристапот кон работите,на вреднување на целите на животот,сваќањето на среќата,доброт, злото.Впрочем,отфрлањето на материјата почнува уште од процесот на преработката...и проблемот не е како да се уништи сметот,туку како тој да се вклучи ви циклусот на взаемното дејство на меѓусебната зависност на стварите и појавите на земјата,така што да не ја поремети рамнотежата на нашата планета со милијарди гидини виспоставувана,се градела и зацврстувала..."

Јосифовски на крајот заклучува дека реченото до сега значи ништо друго освен враќање на изгубеното достоинство на материјата. Се бара да му се врати човекот на светот,да се вклучи човекот во целината на космосот од која тој како покорувач на природата(Ф.Бекон) беше одделен и на која ѝ беше спротивставен како господар безмилосен, крволочен,експлоататор,па додека решително го отфрлаше експлоатирањето од човек на човек,со гордост зборуваше за експлоатација на земните богатства,а култивирањето на природата го вршеше со сортирање и непромислено уништување на растителниот и животинскиит свет,заслепен од назадрживиот стремеж по благосостојбата на севозможни предмети вештачки поедноставени и сведени на голи употребни вредности.

"Однесувањето наше кон природата беше многу непријателско,премногу напаѓачки,агресивно кон мајката природа.Така сведоци сме на враќање кон материјата,на мајката земја,на воспоставување на односи на луѓе-деца и земјата родилка хранителка.Блазе на оние што ја ценат,ува-

жуваат и почитуваат својата мајка зашто нив никогаш нема да им откаже мајчинскиот благослов,мајчинската штедрост и љубов,а тешко на оние кои ќе ја понижат,навредат,изгнасат.Ќе ги стаса мајчинската клетва -изгубивајќи си ја мајката,тие ќе пропаднат беследно во хаотична путелија"144. Сметаме дека овој подолг пример заслужуваше внимание ,бидејќи тука е применета дијалектиката и што е многу важно,таа е применета на најсовремена проблематика и најактуелни прашања.

Да земеме друг пример:неговиот осврт под наслов"Меѓу животот и смртта",објавен во Филозофска трибина бр. з,кајшто пак ќе видиме применета дијалектика и дијалектичкиот метод.Во однос на тоа прашање,тој вели дека ние сме исправени пред проблем кој ги надминува нашите сознајни можности на рационалниот пристап т.е. на такво расудување,кое им се потчинува на формалната логика и пред се́ на законите на непротивречноста на мислењето,дека "тоа е проблемот кој не се решава со просто тврдење или просто одрекнување,но напротив,решавајќи го со да,тие го предизвикуваат и она не,тие се показ на единство на противречностите или како што се вели со право дијалектички"145.

Јосифовски вели дека возбудливиот проблем на евтаназијата во нашето време се повеќе се наметнува врз совеста на лекарите и научниците,на луѓето кои размислуваат за своето место во светот и ја поттикнуваат совеста и свеста нивна, а при тоа на филозофијата посебно.Тој подвлекува,како при третирање на проблемот можеби најдобро ќе е ако прво дадеме номиналистичка дефиницјија на терминот, со кое најлесно"ќе го фатиме бикот за рогови" т.е. со тоа најлесно ќе се пробиваме до самиот корен,сржта,до најсуштинското.

Видлива е дијалектиката на пристапот:прво прашува,поставува прашање каков е проблемот кој е пред нас во однос на другите прашања, со кои сме окупирани во нашето современје,па пристапува кон негово решавање низ редица можности и аспекти,како би рекол Маркс"испитување-

144)J.Јосифовски,"Враќање кон материјата","Дело 74" бр.1-2,1982,стр. 85-88.

145)J.Јосифовски,"Меѓу животот и смртта"(Филозофска трибина,3,1980, стр.119.

то да ја освои материјата до ситници,да ги анализира разните форми на развитокот".На пр;тој подвлекува како кога се дискутира за евтаназијата се испушта од предвид болката како феномен т.е. таа се сведува само на физичка болка,стадање,мачење,патила, а духовниот аспект на овој проблем како да се испушта од предвид или се потценува или пак се изведува од телесната.При тоа,напоменува како мислителите низ историјата обрнувале големо внимание на болката,нејзиното значење и смисла за човечкото издигнување и усовршување,па страдањето го вклучувале дури во целиот систем на образованието,укажувајќи како тоа е оној прочуен пат на страдања и на подвизи,херојски дела,слава и незаборав, пат за единствен начин на осугурување на бесмртноста.(Гледаме овдека се на повидок дијалектичките приципи на сестраност,развојност,противречност и др.при третирање на ова прашање и тоа постојано присутни).

Јосифовски напоменува дека има и други начини за ублажување на болката,за олеснување на умирачката освен физичката, а тоа е душевното задоволство кое може да се противстави на физичкото страдање така што да се издигне над него и да стори човекот не само да може да понесе било каква болка,туку и со неа да биде среќен,задоволен , да ужива.Јосифовски вели дека размислувањето за смртта како да е исчистено од школските лектири,за разлика да кажеме за разни филмови во кои се присутни секојдневни појави на насилна смрт"со кое се опсипуваат учениците или да речеме сексот,па оттаму е потреба за каква годе педагогија на размислена смрт".(видливо е како содржината се развива низ борба на спротивностите и при тоа се оди не кон нивно ублажување,но кон заострување и доведување до противречности-процес кон разрешување на проблемот). Како би рекол Маркс прво се тргнува од првобитната категорија,но разгледувањето покажува дека таа се состои од едноставни одредби.

" Ако тргнеме од тие едноставни одредби и повторно се дојде до првобитната категорија,тогаш повеќе не би имале хаотична претстава,но

богата целокупност на многу одредби и односи"146.Мислам дека е уочливо и во овој пример и во поранешниот ,како овој втор пат кој Маркс го смета за единствено исправен,Јосифовски го користи во своите списи и постигнува успеси.Но да се вратиме на примерот:Тој тргнува од првобитната одредба(прашањето за евтаназијата),но анализата покажува дека таа се состои од поедноставни,кои мора одделно да се анализираат и да се доведуваат во врска, а тие се:дали е иста секоја умирачка и како да се умре,како да се постапува со човек на умирачка,дали само физички да се ублажува болката и страдањата?Како да се определи кога човекот е умрен(за граничните ситуации помеѓу животот и смртта);Духовната страна на болката при страдањата и патилата;Дали да се одлага смртта и одржува животот или да се пушти болниот да умре,за смртта која со ништо не може да се запре и др.

Како рековме,по анализата на овие едноставни одредби,кое мошне убаво може да се види од текстот,тие се доведуваат во врска(преку синтезата се доаѓа до мисловно конкретното) и се врши враќање на првобитната категорија.Навистина имајќи ја на ум проблематиката за која зборува во освртов тој на прашањето му пристапил филозофски,мајсторски, дијалектички.Покренал многу прашања и понудил соодветни решенија а со цел, како вели тој, да му се врати достоинството и возвишената и хумана функција на умирањето и да му се воспостави неговата етичка функција,смртта да се направи поподнослива.

Друг пример:<u>Марксизмот методологија на историската иницијатива</u>, "Погледи"/1и2.

За книгата на Гароди "Карл Маркс",Јосифовски го дава укажувањето на Гароди дека Маркс со ставање на човекот во центарот на размислата и акцијата,"овозможи старата филозофија да слезе од небото на земјата, така марксизмот станува дејствена сила,оружје во раце на едни закана во очите на други"(9).Јосифовски секогаш се стреми да го најде значај-

146)К.Маркс,"капиталот",I,1953,стр.54-55.

ното кај мислителот,но при тоа во освртите укажува и на слабостите. Овдека го подвлекуваме на пр;залагањето на Гароди кон марксистичката филозофија да се постапува според методот што му е својствен на Маркс, а кој се состои во "ставање на нозе"на реалните открития, но кои биле мистифицирани и од нив да се направи еден момент на дијалектиката, на неговата сопствена мисла според законот на интеграцијата кој на марксизмот му дозволува бесконечно богатење.

Ја подвлекува мислата на Гароди дека дошло време на Марксовата мисла да ѝ се даде нов живот,да се развие во сите свои димензии, кои таа во скриена форма ги содржи,пред сѐ димензиите на субјективитетот,уметноста,творештвото,во етиката,во еден нов хуманизам и во една методологија на историската иницијатива.Значајно е подвлекувањето што се врши во овој осврт во однос на дијалектиката на Фихте,каде се вели дека кај него иако во една мистифицирана,идеалистичка и метафизичка форма,се наоѓа изворот на трите големи теми(теорија на слободата,теорија на субјективитетот и теорија на практиката),при што за рационалистот Фихте односот на есенцијата и егзистенцијата е дијалектички.Да се постои за него,смета Гароди,значи да се дејствува, а за да се тоа стори ова творење постојано го надминува она што веќе е создадено и потчинето во законите на познанието,кое е втора рефлексија во однос на првичното дејство и акцијата на човекот.

Овдека е посочена дијалектиката на познанието,кое според Фихте се одвива низ спротивности и постојано надградување и развој. Гароди, вели Јосифовски,смета дека задачата на марксистичката филозофија била да го ослободат рационалното зрно во филозофијата на Фихте и да се постави на нозе мислата на Фихте за творечкиот човечки акт. Но ,забележувајќи ги позитивните настојувања и моменти,подвлекува што не е добро во неговите согледувања во однос на ова прашање и извлекува соодветни заклучоци.Така ,вели тој,Гароди сепак останува на теоријата"бидејќи Марксовите поставки не ги конкретизира на практи-

ката на современото општество,не ги покажува новите форми на отуѓување,кои со себе ги носат длабоките судбински промени што се вршат во светот,не покажува како создавањето на социјалистичкото општество не значи укинување на алиенацијата...Ако Гароди го согледа коперниканскиот пресврт што Маркс го сторил во филозофијата,тоа што решавањето на теоретските загатки го барал во практиката,тој со тоа само ги подвлекува позитивните последици што од тоа произлегуваат за теоријата и за практиката.Но, понатаму, вели Јосифовски,како што покажува самата филозофија и општествено-историската практика на нашето време посебно, од овој пресврт можат да произлезат и многу лоши последици,филозофијата може да се втоне во практиката,да стане практицистичка слугинка на практиката,која е секогаш "нечиста",бидејќи е поприште на кое се борат разни сили,интереси,кои на секој начин сакаа филозофијата(и успеваа) да ја впрегнат филозофијата и теоријата воопшто во служба на својата страна"147.

И уште еден пример:"Судбината на личноста во современиот свет" "Погледи",1968,бр.3.

Овдека Јосифовски дава анализа на одделни делови од книгата на Маркузе "Човекот со една димензија",од кајшто даваме мали извадоци за да се види дијалектичкиот пристап.Тој,вели Јосифовски,покажува во што се состои еднодимензионалноста на современто индустриско општество и како тоталитаризмот денеска не се јавува само како специфична форма на влади и партии,туку како специфичен систем на производството и распределбата и како во последната форма на тоталитаризам,"плурализмот" на партиите,весниците,противдејствувачките сили само ја прикриваат реалната положба.Се наведува ставот на Маркузе за развивање на потребите,кои тој ги дели на вистиски и лажни, а при тоа лажни се оние кои се наметнати на индивидуата од посебни општествени интереси во

147)Ј.Јосифовски,Марксизмот методологија на историската иницијатива, "Погледи"/1 и 2, 1968, стр. 242.

нејзината репресија,потреби кои го овековечуваат аргатувањето,агресивноста,бедата и неправдата.Нивното задоволување може да и погодува на индивидуата,но оваа среќа не е услов кој мора да се одржи и заштити ако служи да ги спречи развитокот на способноста да се увиди болеста на целината и да се прифатат можностите на нејзиното лекување.

Гледаме како во овој текст е посочен дијалектичкиот однос на појавата и суштината,што е суштествено за Марксовиот пристап.Мислиме дека нема потреба од коментар зошто тој ги одбра токму овие ставови. Во нив дијалектиката е на повидок, а така е и понатаму во текстот. "Маркузе покажува како впијуштите противречности,ужаси на стварноста можат да се сложат во изрази кои сосема ги смируваат противречностите.Така насловот"Трудот бара ракетна хармонија",рекламите на"луксузните склоништа од атомски испади",зборуваат за боготворна деструктивност.Анализата на кратенките покажува дека во нив уште повеќе се фиксира значењето на нештата,уште повеќе се укинува трансцеденцијата. Штом кратенката се прима таа ја изгубила сета когнитивна вредност и служи само за препознавање на еден факт што не се доведува во прашање(94)"148.

Јосифовски укажува дека тој во вториот дел ја анализира мислата карактеристична за напредното индустриско општество,каде укажува дека наспроти дијалектичката мисла која доаѓа до израз во традицијата на класичната филозофија од Платон,Аристотел до Декарт,Хегел, Маркс,во која постоењето на суштината "е" и "треба" се обединети во "треба да биде" на судовите и на тој начин се негираат фактите чии свет се мери не со нивната,ами друга логика.Формалната логика го прави излишен ако не и бесмислен поимот за конфликт меѓу појавата и суштината,материјалната содржина е натурализирана,принципот на идентитет се издвојува од принципот на противречност(противречностите се греш-

148)J.Јосифовски,"Судбината на личноста во современиот свет".Погледи, 1968/3, стр.113

ки на неправилното мислење),финалните причини се отврлаат од логи-киот ред.Овдека,вели Јосифовски,тој прави дистинкција помеѓу онтолошката и дијалектичката логика.

Немаме намера да го изложуваме учењето на овој мислител,но она што беше намера е да покажеме како Јосифовски ги третира дијалектиката и дијалектичкиот метод во своите списи или применува,како што беше овој. Наведуваме уште еден цитат од неговиот осврт под наслов: "Крај и истрајување на идеологијата",Современост, стр.364:

"Додека механицистичкиот материјализам упростено и простачки(вулгарно) смета дека во свеста предметите и појавите на надворешниот свет се отслукуваат како во вистинско огледало,така што овие слики да ни даваат во секој случај и секогаш точно вистинска слика за светот-Маркс напротив укажува на комплицираноста на достигањето на вистината во свеста,која треба да ги исправи не само физичките,поправо анатомските и физиолошки недостатоци на сетилната апаратура(да ја исправи пресвртената слика на светот во мрежницата),туку и да го пропушта овој предмет низ една средина,така да се каже,позгусната од обичната(што си ја замислува здраворазумската свест),која слично на предметот во водата го прекршува неговиот лик...Таа средина,тој флуид,тоа криво огледало е материјалната база на производството:производните сили и производствените односи..."

J.Јосифовски,"Крај и истрајување на идеологијата", Современост,1971/4, стр.364.

"Задачата на Лукач што си ја постави е да покаже како кај младиот Хегел сваќањето за економските проблеми извршило влијание врз никнување на свесното дијалектичко мислење...Тој мошне тенко ја забележа грешката на Хегел кој го соединува отуѓувањето со предметноста. Тој покажува колку Маркс стои повисоко од Хегел во овој однос,давајќи му на последниов должно признание...Укажувајќи на слабостите на Хегел,го осветлува и го спасува за потомството она што е живо, дејствено кај големиот немски мислител,го доближува него до нас и на-

шето време за да стане голем наш сојузник и помошник во решавање на уште покомплицирани и позаплеткани проблеми на нашето бурно време".

J.Јосифовски,осврт за книга ("Современост",Скопје, 1960/10, Г.Лукач-"Младиот Хегел").

Ќе бидеме задоволни ако овие трудови(осврти)кои ги назначивме како додаток,навистина ја извршија таа улога т.е. ако во извесна смисла значеа дополнување и дорасветлување на одделни прашања кои се третираат во темата.Поради тесниот простор ние се ограничивме само на некои од нив,запоставувајќи доста други. Исто така ќе бидеме задоволни ако целите и задачите кои си ги поставивме за темата,ги извршивме во задоволителна мера.

# IX. ЗАКЛУЧОК

Проблемите за дијалектиката и дијалектичкиот метод кај Ј.Јосифовски се јавуваат повеќе или помалку во сите негови трудови. Тие се третираат полемички и есеистички. Тој се двоуми помеѓу проблемскиот и хронолошки начин на излагање, но се чини кај него преовладува историско-хронолошкиот и проблематски начин на излагање. Јосифовски се приклонува кон доминантниот тек на дијалектиката. Дава систематски преглед на проблемите за дијалектиката и дијалектичкиот метод, но и новум. Кај него постои континуитет во третирањето на проблематиката.

Покрај овие укажувања,во заклучокот даваме краток преглед на проблемите за дијалектиката и дијалектичкиот метод кај Ј.Јосифовски:

1.За дијалектиката во античката филозофија Јосифовски дава свои сознанија, поуки и вредни заклучоци, за кои сметаме дека ќе бидат од драгоцена помош за понатамошно уште позадлабочено проучување на античката дијалектика. Овдека само потсетуваме на некои негови укажувања.

-Изучувањето на проблемите на дијалектиката во антиката има и за марксизмот извонредно значење и дека во антиката во процес на изникнување бил и дијалектичкиот материјализам;

-Кон античката дијалектика треба внимателен приод, бидејќи и кај овие мислители има развој и промена во размислата.Потсетуваме на критиката што ја изврши Платон на својата теорија на идеите;

-Теоријата на дијалектиката кај античките мислители морала да се потпира на општите филозофски размислувања што веќе биле оформени, како и врз развутокот на формите на животот и дејноста на луѓето од нивното време;

-Кон античката филозофија треба да се навраќаме како на почетна ризница, како на свеж кладенец, кој секогаш буди интерес за подлабоки продори во размислата.

2.Своето толкување за односот на дијалектичкиот и метафизичкиот начин на мислењето го дава мошне задлабочено и опсежно.Тоа го чини преку укажување на прашањето како нивното спротивставување треба да се свати дијалектички, бидејќи самата дијалектика не е апсолутно

спротивставена на метафизиката, зошто таа во себе го содржи нејзиното рационално јадро.

3.Во врска со прашањето за дијалектиката на природата Ј.Јосифовски укажува на повеќе прашања, наведува мислења на повеќе филозофи и го дава своето гледиште,јасно подвлекувајќи го аргументите на кои го засновува.Тој дава предвидување дека до разработена дијалектика на природата секако ќе дојде.

4. За дијалектичкиот пристап кон марксизмот тој има најмногу осврти, има дадено свое гледиште, поуки и сознанија, кое секако има големо значење за теоретската и практична дејност воопшто, а помеѓу кое и за популаризацијата на марксизмот и изведувањето на наставата по марксизам и самоуправување. За разните пристапи кон марксизмот тој користи ставови и на други мислители, рассветлува низа прашања, дава совети и конкретни смерници како успешно да се студира, пишува и како да се води борба против разните немарксистички, антисамоуправни и антисоцијалистички појави и тенденции.Пристапот на Ј.Јосифовски кон оваа проблематика е творечки и марксистички.

5.За проблемот на определбата и статусот на дијалектиката разгледува повеќе прашања. Во нашиов преглед подвлекуваме само некои:дијалектиката и сродните филозофски дисциплини и правци, односот помеѓу дијалектиката, логиката и теоријата на познанието, материјализмот и дијалектиката, значењето на поимот дијалектика и потеклото на зборот дијалектика, сваќањата на дијалектиката низ историјата и др. За секое од прашањата, како може да се види од напред изложеното, тој дава свое согледување, поврзувајќи го со гледиштата на низа други мислители и нивните пристапи.

6.За дијалектичкиот метод во повеќе осврти наведува значајни места од укажувањата на класиците на марксизмот и го дава своето гледиште. Ј.Јосифовски дава теоретска расправа и за дијалектичките закони, категории и теоријата на познанието. Покрај значењето на дијалектиката

и дијалектичкиот метод кај Маркс и Енгелс, тој ја следи концепцијата и на Ленин.Во прегледов потенцираме, во вид на резиме, негови најбитни ставиви за дијалектиката и дијалектичкиот метод, зашто сметаме дека само со нивно наведување и поврзување во една целина, најдобро ќе може да се види неговото гледиште:

-За дијалектичкиот метод Јосифовски вели дека е метод кој кон појавите и предметите пријдува како на нееднородни, со противречни делови, напнати и со едностоен тек, во самодвижење;

-Во дијалектичкиот пристап предметите и појавите се разгледуваат во заемна поврзаност и заемно дејство, во нивната суштинска двојственост(дијалектичност) и во постојана борба на противречни страни и односи, од која произлегува нивното движење и развој, нивното единство и хармонија.Тука гледиштето на целосниот опфат на тоталитетот е решавачко;

-Материјалистичката дијалектика ја проникнува марксистичката теорија, ја обусловува и е извор на нејзината сила, продорност и моќ да ја револуционизира науката, да открива нови слоеви на стварноста и над духот, критички преработувајќи го она што е веќе постигнато и претставува"рационална јатка", а отфрлајќи го она што како лушпа се наслагало и што пречи да се оди напред;

-Критичката улога на дијалектиката произлегува од нејзината прашална природа, универзалноста ја надминува генеричката едност.Ние излегуваме од научните спорови за да навлеземе во дијалектичкиот разговор-тоталитетот може да се зборува само дијалектички";

-Дијалектиката како позитивна наука, а не само како вештина се противи на секој завршен, еднаш за секогаш даден систем и го разлага, ја пореметува неговата непоколебливост,внесува немир, движење;

-Дијалектиката развивана на метеријалистичка основа и го прави марксизмот раководство за акција, моќно орудие за увид во ситуацијата,

перспективите кои таа ги отвара и целите кон кои се движи ;

-Владеењето со дијалектиката значи храброст и независност, но и увид во најдлабоките механизми на духот и правилата по кои тој дејствува "набиеност со човечка супстанција", која никогаш не се помирува со даденото, никогаш не доаѓа до крај, туку секогаш е отворена;

-Треба да знаеме да правиме разлика помеѓу вистинската револуционерна дијалектика и нејзиниот антипод: схоластичката, шематската или конзервативната "дијалектика". Дијалектиката не може да се научи, туку треба да се свети нејзиниот дух и во практичната научна дејност, во општествената ангажираност, да се усвојува ова моќно орудие на мислата

Покрај овие укажувања, Ј. Јосифовски има и свој теоретски пристап кон Марксовиот дијалектички метод, кое можеше да се види на повеќе места во неговите трудови. Следејќи ја мислата на Маркс, Енгелс и Ленин за дијалектичкиот метод, дава и своја анализа, свој пристап, свое објаснување на најбитните моменти и елементи. Тоа е негово лично гледање, негов аспект и пријдување во теоретската размисла за таа проблематика.

За една генерална синтетичка проценка може да се истакне уште следното: Иако проблематиката кај него е дадена во делови (како што и ние ја третиравме во темава), се чини дека таа претставува една неразделна целина, сите прашања некако кај него се поврзани во една целина. По разгледивање на сите трудови на Ј. Јосифовски, од една страна се добива преглед за континуитетот кај него, кој е видлив, а од друга страна од нов агол се рассветлува проблематиката во сите нејзини димензии. Трудовите на Јосифовски можат да се користат како лектира за марксистичко образование, а и веќе се користат со деценции. Ќе го земеме за пример учебникот по филозофија и логика (заедно со Митко Илиевски), потоа книгите: "Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата", "Историја на логиката", "Основи на марксистичката филозофија" (заедно со Предраг Враницки, Митко Илиевски и Илија Јосифовски), "Разбирање и недоразбирање за формалната логика" и др.

Како што"дијалектиката не може да се научи"само со теорија,туку и преку нејзината примена,така и за дијалектиката и дијалектичкиот метод кај J.Јосифовски ќе кажеме  дека се толку слоевити што никакви теоретски расправи не можат до крај да го расветлат богатството на сето значење т.е. да го заменат непосредното читање,бидејќи читањето на неговите трудови најповеќе допринесува да се доживее  нејзиниот дух и смисла.

Неговата мисла и дејност има свое значење и за развој на марксистичката теорија. Таа е поврзана со општествената реалност и е антишематска и антидогматска,зашто во својата суштина е научно-марксистичка и творечка.

## X. БИБЛИОГРАФИЈА

а/Библиографија на трудовите на Јонче Јосифовски

I.Книги и брошури

1.Неопозитивизмот,Скопје,"Култура",1959, стр.76.

2.Што е марксистичка филозофија,Скопје,"Култура",1961, стр.94.
3.Семантика и семантичка филозофија, Скопје, "Култура",1962,стр.84.

4.Филозофија на трудот,Скопје,"Култура",1963, 76.

5.Што е метафизика,Скопје,"Култура", стр.89.

6.Филозофија за IV клас гимназија,Скопје,"Просветно дело",1967.

7.Увод во семантичката логика,Скопје,изд.универзитет"Кирил и Методиј", 1970,стр.294.

8.Историја на логиката,Скопје, изд.Универзитет"Кирил и Методиј", 1973, стр.234.

9.Основи на марксистичката филозофија,Скопје,изд.Универзитет"Кирил и Методиј", 1974,стр.292(со Предраг Враницки,Митко Илиевски и Илија Јосифовски).

10.Логика,учебник за III клас гимназија,Скопје,"Просветно дело", 1976, стр.170(со Митко Илиевски).

11. Марксистичка филозофија со преглед на историја на филозофијата, Скопје,"Просветно дело",1977,стр.388.

12. Марксистичка филозофија со преглед на историјата на филозофија, Скопје,II издание,1980, стр.388.

13. Филозофија,учебник за IV година,Скопје,"Просветно дело",1986,стр. 132.

II Статии

1.Неопозитивизмот и проблемот на вистината,"Современост",1959/8 стр. 733-735.

2.Некои аспекти на дијалектиката во античката филозофија,"Дело 74", 1977/4, стр.11о-143.

3.Во што е проблемот на дијалектиката,"Трибина",1962/2, стр.17-38.

4.Догматски, скептички и дијалектички приступ марксизму,"Савременост", 1973/4, стр.19-35.

5.Некои проблеми на дијалектиката во антиката,"Билтен"на секцијата за филозофија при друштвото за филозофија, социологија и политикологија на СРМ,1978/1 атр.3-11.

6.По трагите на идеалите,"Современост",1960/6, стр.614-625.

7.Филозофија на историјата на Хегел, Годишен зборник на филозофскиот факултет-Скопје,1961,кн.13,стр.161-222.

8.Иван Супек за принципот на каузалитет,"Современост",1961/1, стр.72-76

9.Теорија на одразот-за или против,"Трибина",1962/2, стр.19-44.

10Разбирање и недоразбирање за формалната логика,Годишен зборник на филозофскиот факултет-Скопје,1962,кн.14,стр.58-87.

11.Маркс и сивременост,"Современост",1963,9-10,стр.601-611.

12Околу една филозофска дискусија,"Современост",1964/2 стр.196-203.

13.Хуманизмот и насилието,"Современост ",1964/6, стр.607-613.

14.По врвиците на трудот,"Културен живот",1964/5 и 6, стр.16-19.
15.Дали се може сумњати у дијалектику природе,зб."Маркс и савременост" Београд,ИДН,1966,стр.361-368.
16.Една можна смисла на филозофијата,"Мисла",1966/7,8, стр.5.
17.Трагиката на прогресот,"Мисла",1966/2, стр.3.
18.Помеѓу денес и утре,"Мисла",1966/11,стр.6-19.
19.Ропството е тотална деградација на човекот,"Мисла",1966/14,стр.5.
20.Теорија на познанието и формалната логика кај Србите во 19 век, Годишен зборник на филозофски факултет, Скопје,1966, кн.17,стр.31-76.
21.Теорија на познанието и формалната логика кај југословените од 19 век до II св. војна.Годишен зборник на филозофскиот факултет,Скопје,1967,кн.19,стр.11-61.
22.По распаќето на филозофијата,"Погледи",1967/2,стр.106-129.
23.Увод во дискусија на тема:актуелноста на хуманизмот,"Мисла",стр.91-95.
24.Основни проблеми на логиката и логиката на исказите.Билтен на републичкиот завод за унапредување на школство,1968, стр.154-183.
25.Култура , образование , универзитет(на руски),"Универзитетот денес", интернационално издание,1968, стр.96-106.
26.Култура, образование, универзитет,"Погледи",1968, стр.110-122.
27.Судбината на личноста во современиот свет,"Погледи",1968,стр.81-104, бр.3.
28.Теорија на познанието и формалната логика кај Србите од почетокот на 19 век до II св. војна.Годишен зборник на филозофскиот факултет-Скопје, кн.20,стр.49-111.
29.Современиот момент на социјализмот,"Филозофија",1969/2, стр.86-92.
30.Социјалистичкиот хуманизам и самоуправувањето,"Погледи",1969,бр.2, зо-48.
31.Помеѓу разумот и човечноста,"Современост",1969, стр.170-185.
32.Универзитетот како проблем,"Современост",1969/6, стр.641-664.
33.Теорија на познанието и формалната логика кај Хрватите од 19 век до II св. војна,IIдел,Годишен зборник на филозофскиот факултет-Скопје,1969, кн.21,, стр.7-47.
34.Теорија на познанието и формалната кај Словенците од 19 век до II св.војна.Годишен зборник на филозофскиот факултет во Скопје,1971,кн.23,стр.7-67.

35.Теорија на познанието и формалната логика кај Хрватите од 19 век до II св. војна,Iдел.Годишен зборник на филозофкиот факултет-Скопје,1969,кн.21,стр.5-45.
36Развитокот на филозофската мисла од ослободувањето до денес(материјал за српската академија на науките и уметностите,1969.
37.Идеалот и стварноста на социјализмот,"Погледи",1969/2,стр.71-80.

38.Трудот и слободното време,"Современост",1969/10, стр.1027-1036.
39.Ленин и филозофијата,"Погледи",1969/6, стр.15-28.
40.Ленин и насилието,"Современост",1970/4, стр.241-257.
41.Лениновиот однос спрема филозофијата, предавање одржани на меѓународниот симпозиум "Ленин и современост", Загреб, мај, 197042, стр.7-11.
42.Лениновото сваќање на диктатурата на пролетеријатот,"Погледи",1970/1-2,стр.19-32.
43.Замки на масовната култура,Сплит,"Видик".
44.Б.Расел,"Нова Македонија",5.II.1970.
45.Еден вид марксистичка филозофија,"Погледи",1970/6, стр.781.
46.Што е политиката на човекот,"Погледи",1970/6 , стр.862-872.
47.Крај и истрајување на идеологијата,"Современост",1971/4, стр.360-372.
48.Марксистичката филозофија и хуманизмот,"Современост",1971/1, стр,339 до359.
49.Актуелноста на искуството од Париската комуна,"Историја",1972/1, стр 19-32.
50.Марксизмот меѓу хуманизмот и антихуманизмот,"Погледи",1971/1, стр. 339-359.
51.Каде со утопијата,"Погледи",1970/3, стр.283-299.
52.Експанзија на високошколското образование и можноста на реформа на универзитетот.Реферат на 15 семинар "Универзитетот денес" од 15-25.8.1970,Дубровник.
53.Националното и интернационалното во културата,"Студентски збор" од 29-11-1971г.
54.Светот како поле на културна соработка,"Современост",1972/1-2, стр. 1-8.
55.Една историја и едно сеќавање на марксизмот,"Погледи",1972/1, стр. 124-136.
56.Смислата на историското случување,"Погледи",1972/4, стр.529-547.
57.Марксистичкото образование на универзитетот,"Комунист",21.4.1972.
58.Актуелноста на марксизмот,"Погледи", 1972/6-7, стр.3-803-817.
59.Марксовото учење за хуманизмот,"Градина",1973/6, стр.5-11.
60.Позитивизмот во марксистичкото образование,"Современост",1972/9 и 10 стр.847-859
61.Ленин и уметноста,Современост",1974/3, стр.157-173.
62.Ланин и научното и утопиското,"Погледи",1974/2, стр.77-194.
63.Енгелс-живот и дело,"Погледи",1975/8, стр.5-13.
64.За хуманата насоченост на науката,"Нова Македонија",9.II.1975г.
65.Класното и националното во македонското творештво,"Културен живот", 1974/3 и 4, стр.3-5.
66.Утописко и научно код Лењина,Зб.Сану,1976.
67.Самоуправувањето и хуманистичките вредности,Зб. на трудови од симпозиумот на друштвото за филозофија,социологија и политикологија на СРМ,Охрид,1976.
68.Образование на распаќе,"Современост",1976/10, стр.5-22.
69.Логиката на јазикот и поетската слобода,"Културен живот",1977/3 и 4

70. Образовање на раскршќу,Нови Сад,"Глас омладине",1978,април, стр.5.

71.Тито и националното прашање,"Погледи",1978/3 и 4, стр.111-203.

72.Марксистичко сваќање на трудот и неговото значење,Зб."Методско обликување на производната работа",Скопје,, изд.РЗОУИВ, стр.9-24.

73.За некои нелогичности на логиката,"Филозофска трибина",1972/2,стр. 7-16.

74.Двеилјада и триста години од смртта на Аристотел,"Филозофска трибина",1980/3,стр.14-19.

75.Меѓу животот и смртта,"Филозофска трибина",1980/3, стр.119-137.

76.Ј.Б.Тито за националното прашање,"Филозофска трибина",1980/4, стр. 193-206.

77.Многу повеќе од негрижа за јазикот,наш македонски,"Нова Македонија" 10 август 1980, стр.10.

III Осврти и прикази

1.Околу една дискусија за масовната култура имасовниот медиум,"Современост",1960/8, стр.819-828.

2.Осврт на списанието "филозофија",1959/10, стр.928-938.

3.Низ страниците на научно-популарната литература во издание на "Култура", Скопје.

4.Ленин и преписката,Уводна статија кон 11 том,В.И.Ленин,Избрани дела, "Култура ",Скопје,1968,стр.7-47.

5.Размислување за уметничката специфика(Д.Димитров:животот и уметноста Скопје,"Македонска книга","Современост",1968 /5, стр.110-122.

6.Марксизмот методологија на историската иницијататива,"Погледи",1968/ 1-2.

7.Ленин на македонски јазик,"Дијалектика",1970/3.

8.Пред една значајна годишница и по повод едно неодбележено издание, "Погледи",1969/6, стр.88-91.

9.Можности и дилеми на цивилизацијата денес,"Погледи",1970/4.

10.Една голема пресвртница,"Погледи",1970/4.

11.Ѓерг Лукач(1885-1971),"Погледи",1971, стр.387-417,во бр.3.

12.За една книга и една судбина,"Погледи",1970/3.

13.Еден обид за надвладување на филозофијата(Београд,"Комунист",1970), "Погледи",1971/1,стр.130-139

14. Триумф на дијалектиката,"Погледи",1971/2, стр.244-252.

15Предговор на 11 том од одбрани дела на Ленин,Скопје,"Култура",1968, (превод и предговор на Ј.Јосифовски).

16.Дијалектика одмазница,"Филозофска трибина" бр.5 и 6, Скопје,1981, - стр.14.

17.До и отаде догматизмот,"Филозофска трибина",1982/8, стр.11.

18.Дијалектиката кај Хераклит и Елејците(Историја на дијалектиката во античката филозофија, I дел), заедно соВера Георгиева и Виолета Панзова,"Филозофска трибина" бр.8,1982, стр.31.

19.Маркс и современост,"Филозофска трибина",бр.9 и 10,1985, стр.37.

20. Монистра ненанижани, "Филозофска трибина", бр.7, 1981, стр.117.
21. Актуелноста на марксизмот, списание "Марксизмот денес" на друшт. за филозофија и социологија и политикологија на СРМ (Зборник бр.1, Охрид 1-2), издадено во Скопје, 1973, стр 9-24.
22. Уште еднаш за возвишување на догматизмот, "Комунист", 13 април 1984 год.

б/ Друга користена литература

1. Аристотел, Органон, Београд, "Култура", 1965г.
2. Адорно Теодор, Негативна дијалектика, Београдски графички изд. завод, Београд, 1979.
3. Бошњак Бранко, Логос и дијалектика, "Напријед", Загреб,, 1961.
4. Враницки Предраг, Дискусија, "Маркс и современост", 3, Београд, стр.598.
5. Враницки Предраг, Историја марксизма, I и II дел, "Напријед", Загреб, 1971.
6. Гигов Страхил-Бојановски Диме, Возвишување на догматизмот, "Комунист", 27 април 1984г.
7. Гигов Страхил-Бојановски Диме, Метаморфоза на тријадата, осврт објавен во "Комунист" од 23 март 1984 г.
8. Ѓошевски Мирко, Некои аспекти на дијалектиката во Марксовиот "Капитал" "Филозофска трибина" бз.3, 1980, стр.33.
9. Ѓошевски Мирко, Придонесот на Ј.Јосифовски за логиката, "Филозофска трибина" бр.5 и 6, 1981, Скопје, стр.30.
10. Енгелс Фридрих, Лудвиг Фоербах и крај на германската класична филозофија, "Култура", Београд, 1950.
11. Енгелс Фридрих, Дијалектика на природата, "Култура", Београд, 1951.
12 Енгелс Фридрих, Анти-Диринг, 1960, Скопје, "Култура".
13. Зајечарановиќ Глигорије, Дијалектика немачке класичне филозофије, увод у типологију марксистичке дијалектике, Културни центар, Нови Сад, 1978.
14. Зајечарановиќ Глигорије, Дијалектика како марксистичка методологија, "Градина", Ниш, 1980/9.
15. Илиевски Митко-Стојан Јордановски, Марксизам и самоуправување, 1977, Скопје, "Просветно дело".
16. Илјенков Е.В.-Дијалектика на апстракното и конкретното во Марксовиот "Капитал", Београд, "Комунист", 1975.
17. Косик Карел, Дијалектика конкретног, "Просвета", Београд, 1967.
18. Корш Карл "Дијалектичка метода у "Капиталу", Лица, Сарајево, 1972/2.
19. Кангрга Милан, Неки проблеми теорије одраза, реферати и дискусии на IV стручен состанок во Блед, 10-11 ноември 1960,
20. Ленин, Владимир Илич, Сочинения, т.7. стр.380.
21. Лефевр, Анри-Дијалектички материјализам, критика на секојдневниот живот, "Напријед", Загреб, 1959, (превод и поговор).
22 Лефевр, Анри-Како(не)прослављати Маркса, "Политика" од 6.4.1983г. стр.4.

23.Лефевр,Анри,Марксизам,"Култура",Београд,1958г.,стр.86.

24.Лосев,А.Ф.-История античкой эстетики ,Софисти,Сократ,Платон.Москва,"Искуство",1969, стр.234-236.

25.Лековиќ Драгутин,Дијалектика природе и дијалектика човекове праксе, соопштенија и дискусии објавени во книгата"Маркс и современост",3,1966,Београд.

26.Маркс Карл,Увод кон критика на политичката економија,Скопје,"Култура",1952(стр.29-31 и понатаму).

27.Маркс Карл-Ф.Енгелс-Избрани дела,том II ,"Култура",1950,Београд.

28.Маркс Карл,"Капиталот"I,Скопје, 1953,"Култура".

29.Мухиќ Ферид,Однос мотивације и каузалитета у Марксовом методу при тумачењу историских догаѓаја,"Гледишта",1976,Београд.

30.Николиќ Михајло,Дискусија,"Маркс и современост",3,Београд, изд. стр 598.

31.Николиќ Михајло,Дијалектика њени закони и принципи,"Гледишта",Београд,1962/9.

32.Недељковиќ Душан,Хуманизам Марксове дијалектике и дијалектички хуманизам данас,Научно дело,Београд,1968.

33.Плеханов, Г.В.-Дијалектичка и формална логика, додаток кон Основните прашања на марксизмот,Скопје, 1960,"Култура".

34.Петровиќ Милоје,Дијалектика у југословенској филозофији,"Преглед", мај,1972,Сарајево, стр.740.

35.Панзова Виолета,Еден обид за решавање на Зеноновите апории,1979, Скопје,"Филозофска трибина", стр.27.

36.Павловиќ Бранко,Марксистичка дијалектика и одделните науки,"Рад", Београд,1967.

37.Рус Војан,Дијалектика човека и света,Институт за меѓународни радн. покрет, Београд,1969,стр.309.

38.Сартр,Жан Пол,Егзистенцијализам и марксизам,"Нолит",Београд,1973.

39.Сартр,Жан Пол,Критика на дијалектичкиот ум,т.I,Париз,1960,стр.123.

40.Стојковиќ Андрија,"Маркс и современост",3,Београд,цит.,изд.стр.548

41.Темков Кирил,Јубилејот на професорот Јосифовски Јонче,"Филозофска трибина" бр.5 и 6, 1981, стр.11.

42.Темков Кирил,Минатото и сегашноста на филозофијата во Македонија, "Филозофска трибина",бр.9 и 10,1985, стр.7.

43.Филиповиќ Владимир,Прилог расправа о дијалектици,"Наше теме",Загреб,1963/9(цит.,изд.,стр.1470-1490).

44.Хансен,Ј.-Марксов метод у друштвеним наукама и његов однос према класичној и модерној физици,"Марксизам у свету",1980/11 и 12.

45.Шешиќ Богдан,Нека савремена питања логике и дијалектике,1960/3, "Гледишта",Београд.

46.Шарчевиќ Адулах,Неке мисли о методу Марксова Капитала,Загреб, "Погледи",1953/8.

# С О Д Р Ж И Н А

стр.
1. У В О Д........................................................ 2
2.Животниот пат и дејност на Јонче Јосифовски................... 5
3.Дијалектиката во античката филозофија.......................... 7
4.Проблемот на определбата и статусот на дијалектиката.......... 31
5.Контроверзите околу дијалектиката на природата................. 63
6.Односот помеѓу метафизичкиот и дијалектичкиот начин на мислењето............................................................ 78
7.Дијалектиката и марксизмот..................................... 96
8.Додаток на некои трудови кои не се опфатени во претходната расправа,а кои дообјаснуваат некои прашања и проблеми кои се третираат во темата................................................ 114
9.Заклучок....................................................... 132
10.Библиографија................................................. 137